СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА КУМАНОВО

„Службен гласник на Општина Куманово“ Излегува по потреба – Издавач: Општина Куманово Тел. 423-505 Одговорен уредник: Милена Ѓукиќ Ордевска	Година LXX Број 19 Куманово 31 декември 2025 г.	Претплата за 2025 година изнесува 2.000 денари. трезорска с-ка 100-0000000630-95 с-ка на буџетски корисник 7410140525630-18 приходна шифра 725939

682.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Куманово за 2025 година

1. Се објавува Одлуката за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 – 18303/3, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18800/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

683.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), (Службен весник на РСМ бр.202/24) и член 34 од Законот за буџети (Службен весник на РМ бр.64/2005, 4/2008, 103/2008, 159/2009, 95/2010,180/2011,171/2012,192/2015 и 167/2016, бр.151/21,203/22,76/24 и 3/25) Советот на Општина Куманово на 4-та седница одржана на 29 Декември 2025 година донесе:

О Д Л У К А

за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово

за 2025 година

Член 1

Со оваа одлука се врши измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Куманово за 2025 година на следниот начин :

Потпрограма Потставка		БУГЕТ	САМОФИН.	ДОТАЦИИ	ДОНАЦИИ	КРЕДИТИ
V20	**ДОМОВИ ЗА СТАРИ**					
401320	Персонален данок на доход од надоместоци	0	0	20.100	0	0
404110	Надомест за годишен одмор	0	0	-20.100	0	0
		0	**0**	**0**	**0**	**0**

Член 2

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето а истата ќе биде објавена во Службен гласник на Општина Куманово со што станува составен дел на Буџетот на општината за 2025 година

Бр. 09-18303/3
29.12.2025

Претседател на Советот на Општината
Ивана Ѓорѓиевска

684.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за давање согласност на барањето на ЈП „Водовод“ – Куманово за ангажирање на 25 (дваесет и пет) работници во 2026 година преку агенција за привремени вработувања

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на барањето на ЈП „Водовод“ – Куманово за ангажирање на 25 (дваесет и пет) работници во 2026 година преку агенција за привремени вработувања, Бр. 09 – 18303/6, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18794/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

685.

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 8, 12 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на барањето на ЈП „Водовод“ – Куманово за ангажирање на 25 (дваесет и пет) работници во 2026 година преку агенција за привремени вработувања

Член 1

Се дава согласност на Барањето бр. 04 - 3131/1 од 17.12.2025 година на ЈП „Водовод“ – Куманово за ангажирање на 25 (дваесет и пет) работници во 2026 година преку агенција за привремени вработувања.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 18803/6
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

686.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за давање согласност на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за ангажирање на 31 (триесет и еден) работници преку агенција за привремени вработувања во 2026 година

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за ангажирање на 31 (триесет и еден) работници преку агенција за привремени вработувања во 2026 година, Бр. 09 - 18303/15, што Советот на Општина Куманово го донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18805/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

687.

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 8, 12 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на барањето на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за ангажирање на 31 (триесет и еден) извршители преку агенција за привремени вработувања за 2026 година

Член 1

Се дава согласност на Барањето бр. 04 -1220/1 од 16.12.2025 година на ЈП „Чистота и зеленило“ – Куманово за ангажирање на 31 (триесет и еден) извршители преку агенција за привремени вработувања за период од 2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 18303/15
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

688.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за давање согласност на барањето на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за ангажирање на 5 (пет) извршители преку агенција за привремени вработувања за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на барањето на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за ангажирање на 5 (пет) извршители преку агенција за привремени вработувања за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година, Бр. 09 - 18303/20, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18798/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

689.

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2, став 8, 12 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на барањето на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за ангажирање на 5 (пет) извршители преку агенција за привремени вработувања за период 01.01.2026 до 31.12.2026

Член 1

Се дава согласност на Барањето бр. 02 - 327 од 05.12.2025 година на ЈП „Пазаришта“ – Куманово за ангажирање на 5 (пет) извршители преку агенција за привремени вработувања за период 01.01.2026 до 31.12.2026.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 18803/20
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

690.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за давање согласност на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за ангажирање на 30 (триесет) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за ангажирање на 30 (триесет) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување, Бр. 09 – 18303/24, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18791/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски

691.

Врз основа на член 22 став 1, 8, 12 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за ангажирање на 30 (триесет) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на ЈП „Куманово – паркинг“ – Куманово за ангажирање на 30 (триесет) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување, бр. 02 - 763/9, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 24.12.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 –18303/24
декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

692.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за давање согласност на ЈП „ Куманово – гас “ – Куманово за ангажирање на 7(седум) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на ЈП „ Куманово – гас “ – Куманово за ангажирање на 7(седум) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување, Бр. 09 – 18303/26, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18786/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

693.

Врз основа на член 22 став 1, 8, 12 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за давање согласност на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово за ангажирање на 7 (седум) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување

Член 1

Се дава согласност на Одлуката на ЈП „Куманово – гас“ – Куманово за ангажирање на 7 (седум) работници во 2026 година преку приватна агенција за вработување, бр. 0202/57, донесена од Управниот одбор на Јавното претпријатие, на седницата одржана на 23.12.2025 година.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 18303/26
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

694.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за измена на Одлуката за давање согласност на Барањето на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово за ангажирање на 3 (тројца) работници по пат на отстапување преку Агенција за привремени вработувања за период до 1 (една) година

1. Се објавува Одлуката за измена на Одлуката за давање согласност на Барањето на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто“ – Куманово за ангажирање на 3 (тројца) работници по пат на отстапување преку Агенција за привремени вработувања за период до 1 (една) година, Бр. 09 – 18303/28, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18781/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

695.

Врз основа на член 22 став 1, 8 и 13 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), и барањето бр.03 – 581/3 од 04.12.2025 година на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто" – Куманово, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за измена на одлуката за давање согласност на барањето на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто" – Куманово за ангажирање на 3 (тројца) работници по пат на отстапување преку агенција за привремени вработувања за период до 1 (една) година

Член 1

Во насловот и во член 1 од одлуката за давање согласност на барањето на ЈОУ Дом за стари лица „Зафир Сајто" – Куманово за ангажирање на 3 (тројца) работници по пат на отстапување преку агенција за привремени вработувања за период до 1 (една) година (Службен гласник на Општина Куманово бр. 12/25), бројот 3 се заменува со бројот 7 седум.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 18303/28
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

696.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ „1", дел од УБ 23-6, плански опфат помеѓу граница на УЕ, регионален пат Р1204, ул. „3-та МУБ", граница на наменска зона по ГУП - Општина Куманово

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ „1“, дел од УБ 23-6, плански опфат помеѓу граница на УЕ, регионален пат Р1204, ул. „3-та МУБ“, граница на наменска зона по ГУП - Општина Куманово, Бр. 09 – 18303/30, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18779/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

697.

Врз основа на член 39 став 1 и 5 и член 41 став 5 алинеа 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18, 168/18) и член 93 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25) и член 25 став 1 точка 7 од Статутот на Општината Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
за донесување на Детален урбанистички план за дел од УЕ „1“, дел од УБ 23-6, плански опфат помеѓу: граница на УЕ, регионален пат Р1204, ул. „3-та МУБ“ граница на наменска зона по ГУП - Општина Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за дел од УЕ „1“ дел од УБ 23-6, плански опфат помеѓу: граница на УЕ, регионален пат Р1204, ул. „3-та МУБ**“,** граница на наменска зона по ГУП - Општина Куманово, (2019-2024), плански опфат со површина од 7,78 ха, кој е изработен од Друштво за трговија, градежништво, проектирање и услуги ВЕКТОР -ТТ ДООЕЛ увоз-извоз Куманово со тех. број 1909-10 од октомври 2024 година.

Член 2

Составен дел на Детален урбанистички план за дел од УЕ „1“ дел од УБ 23-6, плански опфат помеѓу: граница на УЕ, регионален пат Р1204, ул. „3-та МУБ**“,** граница на наменска зона по ГУП - Општина Куманово, (2019-2024), плански опфат со површина од 7,78 ха, се:

-технички дел и графички дел со параметри за спроведување на Детален урбанистички план за дел од УЕ „1“ дел од УБ 23-6, плански опфат помеѓу: граница на УЕ, регионален пат Р1204, ул. „3-та МУБ**“,** граница на наменска зона по ГУП - Општина Куманово, (2019-2024), плански опфат со површина од 7,78 ха.

-Согласност од Министерство за транспорт 21-1661/2 од 06.05.2025 год.

-Извештај од спроведена јавна анкета и јавна презентација по планот 21-1742/11 од 05.07.2021

Член 3

Детален урбанистички план за дел од УЕ „1“, дел од УБ 23-6, плански опфат помеѓу: граница на УЕ, регионален пат Р1204, ул. „3-та МУБ“, граница на наменска зона по ГУП - Општина Куманово, (2019-2024), плански опфат со површина од 7,78 ха, по извршено дигитално преклопување од страна на Агенција за катастар на недвижности го спроведува Секторот за урбанизам при општина Куманово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 09- 18303/30
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

698.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово

1. Се објавува Одлуката за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово, Бр. 09 – 18303/38, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18770/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

699.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ 202/24) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември2025 година, донесе

О Д Л У К А
за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово

Член 1

Со оваа одлука од страна на Општина Куманово се субвенционира општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на цела територија на општина Куманово.

Член 2

Општинскиот линиски превоз за сите граѓани – корисници на јавен превоз ќе биде бесплатен и ќе се одвива согласно Одлука за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Сл.гласник на Општина Куманово“ бр.17/21, 3/22, 4/23 и 18/23).

Оваа одлука не се однесува за превоз на ученици во основни и средни училишта согласно Закон за основно образование и Закон за средно образование.

Член 3

Субвенционирање на секоја линија посебно ќе се врши по секој изминат километар во вредност од 50 денари со ДДВ по претходно утврден возен ред.

Исплатата на субвенција ќе се врши месечно по доставена фактура и спецификација за изминати километри од страна на вршителите на услуга.

Член 4

За субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници Општина Куманово од Буџетот на Општина Куманово ќе издвои 41.000.000,00 денари со ДДВ за период од 6 (шест) месеци почнувајќи од 01.01.2026 год. заклучно со 30.06.2026 год.

Член 5

Општинскиот линиски превоз на патници кој го субвенционира Општината ќе го спроведуваат сите вршители на услуги кои имаат склучено Договор за уредување на меѓусебните односи за општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово врз основа на спроведен оглас за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово бр.08-9194/2 од 14.12.2021 год., како и оглас за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово бр.08-40/56 од 31.03.2022 год. и имаат добиено Дозвола за општински линиски превоз на патници согласно единствената мрежа на линии согласно Одлуката за уредување на општински линиски превоз на патници на подрачјето на Општина Куманово („Сл.гласник на Општина Куманово“ бр.17/21, 3/22, 4/23 и 18/23).

За вршење на општинскиот линиски превоз на патници кој ќе биде субвенциониран од Општина Куманово ќе биде склучен посебен договор со вршители на услуги од став 1 на овој член.

Член 6

Надзор над вршење на општинскиот линиски превоз на патници ќе врши Општина Куманово преку општинската администрација.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово" а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Бр. 09 – 18303/38
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

700.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане

1. Се објавува Одлуката за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане, Бр. 09 – 18303/39, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18769/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

701.

Врз основа на член 22 став 1 и член 23 од Законот за превоз во патниот сообраќај („Службен весник на РМ" бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 6/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 124/15, 129/15, 193/15, 37/16, 71/16, 64/18, 140/18 и 163/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 67/22, 170/24, 3/25, 17/25 и 101/25), член 22 став 1 точка 4 и член 24 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24) и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за субвенционирање на линиски превоз на патници за линии утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане

Член 1

Со оваа одлука од страна на Општина Куманово се субвенционира линиски превоз на патници на релација Куманово –Клечовце – Довезенце и Куманово – Клечовце – Бељаковце согласно утврден возен ред за линиите.

Член 2

Линиски превоз за сите граѓани – корисници на јавен превоз ќе биде бесплатен и ќе се одвива согласно одобрен возен ред за линиите Куманово –Клечовце- Довезенце и Куманово – Клечовце - Бељаковце утврдени со Спогодба за утврдување на заедничко организирање на извршување на линиски превоз на патници помеѓу Општина Куманово и Општина Старо Нагоричане (бр.03-3738/6 од 13.11.2013 година и бр.08-598/4 од 18.11.2013 година, Анекс 1, бр.03-337/1 од 15.01.2014 год. и бр.03-44/1 од 16.01.2014 год., Анекс 2 бр.03-1201/1 од 29.01.2016 година и бр.03-115од 29.01.2016 година, Анекс 3 бр.03-8083/1 од 20.10.2016 год. и бр.03-1160 од 21.10.2016 год., Анекс бр.4 бр.03-2271/1 од 13.02.2017 година и бр.09-128 од 13.02.2017 година, Анекс бр.5 Уп1 03-5695 од 22.11.2017 година и бр.09-1008 од 22.11.2017 год. и Анекс бр.6 бр.03-2271/6 од 07.12.2017 и бр.09-1069 од 06.12.2017 година).

Оваа одлука не се однесува за превоз на ученици во основни и средни училишта согласно Закон за основно образование и Закон за средно образование.

Член 3

Субвенционирање на линиите Куманово – Клечовце - Довезенце и Куманово – Клечовце – Бељаковце посебно ќе се врши по секој изминат километар во вредност од 50 денари со вклучен ДДВ по претходно утврден возен ред.

Исплатата на субвенција ќе се врши месечно по доставена фактура и спецификација за изминати километри од страна на вршителите на услуга.

Член 4

За субвенционирање на линиски превоз на патници Општина Куманово од Буџетот на Општина Куманово ќе издвои 4.000.000,00 денари со вклучен ДДВ за период од 6 (шест) месеци почнувајќи од 01.01.2026 год. заклучно со 30.06.2026 год.

Член 5

Линиски превоз на патници кој го субвенционира Општината ќе го спроведуваат вршителите на услуга кои имаат имаат добиено Дозвола за вршење на линиски превоз на патници согласно единствената мрежа на линии од Спогодбата од член 2 на оваа Одлука.

За вршење на линиски превоз на патници на линиите Куманово – Клечовце - Довезенце и Куманово – Клечовце – Бељаковце кој ќе биде субвенциониран од Општина Куманово ќе биде склучен посебен договор со вршители на услуги од став 1 на овој член.

Член 6

Надзор над вршење на општинскиот линиски превоз на патници ќе врши Општина Куманово преку општинската администрација.

Член 7

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово" а ќе се применува од 01.01.2026 година.

Бр. 09 – 18303/39
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

702.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за 2026 година, Бр. 09 – 18303/43, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18765/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

703.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ", бр.5/02 и „Сл.весник на РСМ" бр.202/24), член 11 и 306 став 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ", бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21,99/22, 236/22, 65/23, 32/24 и 192/25), и член 68 став 1 од Статутот на Општина Куманово-пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 15/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
за спроведување на мерки за субвенционирање
на трошоци за комунални услуги за 2026 година

.

Цел

Член 1

Со оваа Одлука од страна на Општината ќе се врши обезбедување на остварување на социјална заштита на граѓаните, од средствата на Буџетот на Општина Куманово, во облик на спроведување на мерки за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за граѓани изложени на социјални ризици.

Со оваа Одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и финансирањето на мерките од став 1 на овој член.

Постапката за спроведување на мерките за субвенцинирање ќе биде регулирана со Правилник за утврдување на постапката за субвенционирање на трошоци за комунални услуги за 2026 година, донесен од страна на Градоначалникот.

Компоненти

Член 2

Вкупниот износ на субвенцијата за трошоци за комунални услуги ќе изнесува до 1.300 денари месечно за секој корисник и ќе биде составен од две компоненти:

- Покривање на трошоци за потрошена вода за пиење до 900 денари за секој корисник на услугата, односно субвенцијата и
- Покривање на трошоци за изнесување на смет до 400 денари за секој корисник на услугата односно субвенцијата.

Корисници

Член 3

Субвенционирањето од средствата на Буџетот на Општина Куманово за трошоци за комунални услуги, ќе можат да го користат лицата кои имаат статус на:

- **Стечајни работници**, односно невработени лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантната сопственост на државата, а кои не се опфатени со Закон за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата;
- **Самохрани родители**, односно родители кои сами ги вршат родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности (до 18 годишна возраст на детето или до 26 годишна возраст доколку детето се образува);
- **Згрижувачки семејства**, однсоно семејство коешто овозможува основна заштита и 24 часовна грижа за деца и возрасни лица кои немаат свое семејство или немаат услови за живот во сопственото семејство;
- **Лица кои до 18 годишна возраст имале статус на дете без родители и родителска грижа,** односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст доколку се образуваат;
- **Лица корисници на право на социјална сигурност за старите лица** предвидена со Законот за социјална сигурност на старите лица („Службен весник на РСМ“ бр. 104/19);
- **Лица со попреченост над 26 годишна возраст**:
    1. Интелектуална попреченост
    2. Телесна попреченост

3. Слепо и слабовидно лице
4. Глуво и наглуво лице
5. Даунов синдром

- **Примателина право на посебен додаток**, согласно Законот за детска заштита во којашто категорија на лица спаѓаат деца со специфични потреби кои имаат пречки во телесниот или менталниот развој или комбинирани пречки во развојот до 26 години живот.
- **Корисници на гарантирана минимална помош (ГМП)**
- **Исклучителни случаи**

Бројот на корисници на оваа право директно ќе зависи од искористувањето на предвидените средства за оваа мерка.

Критериуми

Член 4

Се утврдува дека категоријата на граѓани утврдена во член 3 од оваа Одлука, субвенционирањето ќе можат да го користат доколку ги исполнуваат следниве критериуми:

- Да се државјани на Република Северна Македонија;
- Да се жители на општина Куманово или со живеалиште на територија на општина Куманово;
- Да се корисници на услуги од ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово, од ЈП „Водовод“ Куманово или да се корисници на услуги и од двете јавни претпријатија;
- Да се подносители на барање за субвенционирање на трошоци за комунални услуги (вода за пиење и изнесување на смет);
- Да поседуваат доказ за припаѓање во наведената категорија

Член 5

Заради законито, наменско и транспарентно користење на средствата наменети за социјална заштита, Градоначалникот на Општина Куманово донесува Правилник за утврдување на постапка за субвенционирањена трошоци за комунални услуги за начинот на остварување на правото и потребната документација за остварување на ова право како и формира Комисија за утврдување на фактичка состојба по поднесени барања за субвенционирање во исклучителни случаи.

Финансирање

Член 6

Финансиската реализација на субвенцијата за трошоци за комунални услуги од Буџетот на Општина Куманово за фискалната 2026 година, ќе биде обезбедена за секој корисник на субвенцијата, во износ до 1.300 денари месечно, регулирано со член 2 од оваа Одлука

Бројот на корисниците на субвенционирањето на трошоци за комунални услуги ќе се утврдува на месечно ниво врз основа на доставените спецификации од страна на двете јавни претпријатија по што општината врши исплата.

Средствата ќе се трансферираат од сметката на Буџетот на Општина Куманово на сметките на ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово и ЈП „Водовод“ Куманово согласно претходно склучени договори со субјектите посочени во овој член.

Преодни и завршни одредби

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово.

Бр.09-18303/43
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

704.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за обезбедување на помош за домување за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за обезбедување на помош за домување за 2026 година, Бр. 09 – 18303/44, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18764/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

705.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 11 став 1 алинеа 1, член 57 став 2 алинеа 1 и член 306 од Законот за социјална заштита („Сл. весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23, 32/24 и 192/25), Закон за социјална сигурност за стари лица („Службен весник на РМ“ бр.104/19), Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство („Службен весник на РСМ“ бр.24/21), и член 68 став 1 од Статутот на Општина Куманово-пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година донесе

О Д Л У К А
за обезбедување на помош за домување за 2026 година

Член 1

Со оваа Одлука од страна на Општината ќе се врши обезбедување на социјалната заштита на граѓаните преку обезбедување на помош за домување за материјално и станбено необезбедени лица од средствата на Буџетот на Општина Куманово, преку мерката:

Субвенционирање на трошоци за кирија

Со оваа Одлука се утврдуваат компонентите, корисниците, критериумите и финансирањето на мерките од став 1 на овој член.

Постапката за остварување на помош за домување преку спроведување на мерка за субвенционирање на кирија ќе биде регулирана со Правилник за утврдување на постапката за обезбедување на помош за домување за 2026 година, донесен од страна на Градоначалникот.

Член 2

Вкупниот износ на субвенцијата за трошоци за кирија ќе изнесува до 6000 денари месечно, во зависност од договорниот износ за кирија на корисникот на оваа право.

Финансиската реализација за субвенционирање на трошоци за кирија за категорија на жртви на семејно насилство ќе има важност најмногу до 6 месеци, во тековната година

Финансиската реализација за субвенционирање на трошоци за кирија за категории Корисници на социјална сигурност за стари лица и корисници на гарантирана минимална помош (ГМП), ќе има важност најмногу до 12 месеци односно во тековната 2026 година.

Број на корисници на оваа право ќе зависи од искористување на висината на обезбедените средства од Буџетот на Општина Куманово

Член 3

Субвенционирањето од средставата на Буџетот на Општина Куманово за трошоци за кирија, ќе можат да го користат лицата кои имаат статус на:

- Корисници на гарантирана минимална помош (ГМП), материјално и станбено необезбедени.
- Корисници на социјална сигурност за стари лица и
- Жртви на семејно насилство

Член 4

Се утврдува дека категоријата на граѓани во член 3 од оваа Одлука субвенционирањето ќе можат да го користат доколку ги исполнуваат следниве критериуми:

- да се државјани на Република Северна Македонија;
- да се жители на општина Куманово или со живеалиште на територија на општина Куманово;
- да се корисници на гарантирана минимална помош;
- да се кориснци на социјална сигурност за стари лица
- да се жртви на семејно насилство
- да имаат склучен договор за наем на стан/куќа;

- да се подносители на барање за остварување на право на обезбедување на помош за домување

Член 5

Средствата за обезбедување на помош за домување ќе се трансферираат, на месечно ниво, од сметката на Буџетот на Општина Куманово на сметките на корисниците на оваа право, освен доколку поинаку не е утврдено од оправдани причини.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување то во „Службен гласник на Општина Куманово“ .

Бр. 09-18303/44
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

706.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за утврдување на право на користење на еднократна парична помош за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за утврдување на право на користење на еднократна парична помош за 2026 година, Бр. 09 – 18303/45, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18763/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

707.

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 11 став 1 точка 2 од Законот за социјална заштита („Сл. весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23, 32/24 и 192/25) и член 68 став 1 од Статутот на Општина Куманово-пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 15/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година донесе

О Д Л У К А
за утврдување на право на користење на еднократна парична помош за 2026 година

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува правото на еднократна парична помош, корисниците на правото, критериумите за остварување на правото, висината на утврдениот максимум на износот на помошта, како и постапката за остварување на правото.

Со оваа Одлука се обезбедува еднократна парична помош на лица/семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик согласно член 11, став 1, точка 2 од Законот за социјална заштита, според кој Општината може да донесе одлуки за утврдување на права и услуги во поголем обем од обемот на права и услуги утврдени со законот а водејќи се согласно потребите на своите граѓани.

Корисници на правото
Член 2

Со оваа Одлука е утврдено дека, како корисници на правото на еднократна парична помош од средствата на Буџетот на Општина Куманово, можат да се јават следниве категории на лица/семејства :

- Лице или семејство кое се нашло во положба од социјален ризик кој не остава трајни последици, а за кое е неопходно социјално и материјално обезбедување или смрт на член на семејство;
- Лице или семејство кое се нашло во положба од социјален ризик, односно жртви на семејно или родово базирано насилство заради обезбедување на итна заштита и згрижување како и здравствена заштита и медицински третман;
- Лице или семејство кое се нашло во положба од социјален ризик поради болест, подолготрајно лекување во здравствена установа во државата или во странство или потреба од оперативен зафат;

Општи критериуми за остварување на правото
Член 3

Правото на еднократна парична помош, може да биде остварено од страна на лицата утврдени во одредбата на Член 2 од оваа Одлука, доколку ги исполнуваат следниве критериуми:

1. Подносителот на барањето да е во моментална состојба на социјален ризик односно, состојба која има потенцијал да го отежни или оневозможи непреченото социјално функционирање на подносителот/семејството, а заради која може да дојде во потреба од социјална помош;
2. Да е државјанин на Република Северна Македонија;
3. Да е жител на општина Куманово или да има живеалиште на територија на општина Куманово коешто комисијата ќе го утврди при увидот на лице место;

Специфичните критериуми за остварување на право на еднократна паричн помош ќе бидат утврдени во Правилникот за утврдување на постапка за остварување на право на еднократна парична помош за 2026 година.

Висина на парична помош

Член 4

Износот на еднократна парична помош може да изнесува до 10.000 денари и тоа за задоволување на потребите на лицата од член 2 став 1 алинеа 1;

Износот на интервентната еднократна парична помош може да изнесува до 20.000 денари, и тоа за задоволување на потребите на лицата од член 2 став 1 алинеа 2;

Износот на еднократна парична помош може да изнесува до 30.000 денари, и тоа за задоволување на потребите на лицата од член 2 став 1 алинеа 3.

Член 5

Финансиската реализација на оваа Одлука ќе се остварува, врз основа на усвоен Буџет на Општина Куманово за 2026 година, преку донесена Програма за развој на социјална заштита на Општина Куманово за 2026 година од страна на Советот на Општина Куманово.

Средствата ќе се доделуваат по претходно спроведена постапка, утврдена со оваа Одлука и Правилник за утврдување на постапка за остварување на правото на еднократна парична помош и потребната документација за остварување на ова право.

Постапка за остварување на правото на еднократна парична помош

Член 6

Поднесувањето на барањата за остварување на правото ќе се вршат во период од 01-ви до 05-ти секој месец во годината.

Поднесувањето на барањата и исплатата интервентната еднократна парична помош за лицата од член 2 став 1 алинеа 2 ќе се врши по брза постапка/по потреба во текот на годината.

Исплатата за еднократна парична помош ќе се врши секој месец во тековната година доколку поинаку не биде утврдено поради оправдани причини.

Член 7

Заради законито, наменско и транспарентно користење на средствата наменети за социјална заштита, Градоначалникот на Општина Куманово донесува Правилник за утврдување на постапка за остварување на право на еднократна парична помош, за начинот на остварување на правото на користење на средства во вид на еднократна парична помош и потребната документација за остварување на ова право како и формира Комисија за еднократна парична помош.

Член 8

Во итни и неодложни случаи, Градоначалникот има право да донесе решение за доделување на еднократна парична помош, без претходно спроведена постапка, како и да отстапи од максимумот утврден во член 4 од оваа Одлука.

Преодни и завршни одредби

Член 9

Со спроведување на предвидената постапка ќе се отпочне веднаш по стапување на сила на оваа Одлука.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен гласник" на Општина Куманово.

Бр. 09-18303/45
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

708.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за основно образование за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за основно образование за 2026 година, Бр. 09 – 18303/52, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18756/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

709.

Врз основа на член 157 став 3 од Законот за основното образоване („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/19, 229/20, 3/25, 74/25 и 250/25), член 8 и член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за основното образование по општини за 2026 година („Службен Весник на Р.С.М. бр.159/25), член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр.13/03, 13,07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 29 декември 2025 година донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се пропишува утврдување на критериуми за распределба на средства од блок дотации за основно образование за 2026 година.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за основно образование во Општина Куманово на која и се пренесени основачките права на основните училишта согласно *Законот за основно образование* и која ги исполнила условите согласно членот 46 од *Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа* за финансирање со блок дотации за календарската 2026 година ,се врши по критериум основен трошок по ученик, односно според формулата:

БДОо = Оо+Во

Оо=Т*Σ (Кср*У)

БДОо = Блок дотација за основно образование за општина

Оо – Основна компонента е збир на вредности на основните трошоци на сите училишта кои се во надлежност на општината и се пресметува со множење на основниот трошок по ученик (Т) со коефициент на прилагодување на училиштето (КСР) и со вкупниот број на ученици во училиштето на почетокот на тековната учебна година (У).

Т–Основен трошок по ученик ги содржи трошоците за: плати и придонеси за вработените во основните училишта, трошок за вода, струја, смет, греење и останати комуналии, хигиена и тековно одржување, наставни материјали, стручно усовршување на вработените во основно образование, други трошоци (ситен инвентар, поправки и тековно одржување, договорни услуги и сл.) и трошок за еднодневен излет за секој ученик, кој изнесува 112.747,00 денари.

Кср – Коефициент на прилагодување на основниот трошок по ученик според степенот на развој на училиштето, и тоа:

- за училиште од прв степен на развој – 0,75;
- за училиште од втор степен на развој – 1;
- за училиште од трет степен на развој – 1,25;
- за училиште од четврти степен на развој – 1,7 и
- за заштитено училиште – 2,55.

Степенот на развој на училиштето се утврдува врз основа на Нормативи и стандарди за училишни простории, опрема и наставни средства за основните училишта во Република Северна Македонија.

У – Број на ученици во училиштето на почетокот на тековната учебна година.

Во= ?(Тп*Уп*Кп+Т*Упп*Кср+Т*Уј*Кср*Кј+Т*Упу*Кср*Кпу+Те*Уср)

Во–Варијабилната компонента е збир на вредности на варијабилните трошоци на сите училишта кои се во надлежност на општината, кои ги сочинуваат трошоците за превоз, трошоците за ученици со посебни образовни потреби, ученици кои следат настава на турски, српски и босански јазик, како и ученици кои следат настава во подрачните училишта.

Тп – Трошок за превоз по ученик.
Уп – Број на ученици кои користат превоз во училиштето.
Кп – Коефициент за трошок за превоз на училиштето и тоа:
- за училиште од прв степен на развој без подрачни училишта – 0,98,
- за училиште од прв степен на развој со подрачни училишта – 0,80,
- за училиште од втор степен на развој без подрачни училишта – 1,
- за училиште од втор степен на развој со подрачни училишта – 0,59,
- за училиште од трет степен на развој без подрачни училишта – 1,07,
- за училиште од трет степен на развој со подрачни училишта – 1,57,
- за училиште од четврти степен на развој без подрачни училишта – 1,71,
- за училиште од четврти степен на развој со подрачни училишта – 1,55 и
- за заштитено училиште – 2.

Упп – Број на ученици со посебни образовни потреби во училиштето.
Уј – Број на ученици кои следат настава на турски, српски и босански јазик во училиштето.
Кј – Коефициентот за ученици кои следат настава на турски, српски и босански јазик (Кј = 0,5).
Упу – Број на ученици кои учат во подрачни училишта на училиштето.
Кпу – Коефициент за прилагодување на трошокот за ученици во подрачни училишта (Кпу=0,5).
Те – Трошок за екскурзија.
Уср – Број на ученици во училиштето кои се во социјален ризик.

Член 3

Износот на бруто плати за вработените и надоместок за регрес за годишен одмор во основно образование кои се составен дел на блок дотацијата, а се дадени како задолжителна обврска за исплата според број на вработени, се изменети од оваа методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации и се исплатуваат на секое училиште поединечно согласно поднесени пресметки за плати и регрес за годишен одмор.

Член 4

Согласно Буџетот на Општина Куманово за 2026 година од програма Н1, потпрограма Н10-основно образование, се врши финансирање на 17 основни училишта на територијата на Општина Куманово.

Член 5

Средствата определени како блок дотација за секое училиште се користат за финансирање на пренесени надлежности во основно образование.

Член 6

Средствата од блок дотациите ќе се распределуваат и користат наменски, рационално и ефикасно согласно горенаведените критериуми во член 2, а ќе се извршуваат согласно Одлука за извршување на Буџетот на Општина Куманово на финансиските планови со распределени средства од блок дотациите за секое училиште поединечно се составен дел на Буџетот на Општина Куманово, и се усвојуваат со донесување на Буџетот на општината.

Член 7

Средствата од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово во тековна година ќе се насочуваат по училишта месечно согласно утврдена динамика на Министерство за образование во определен процентуален износ од годишниот буџет ,преку Секторот за финансиски прашања на Општина Куманово.

Член 8

Контрола на потрошени средства од блок дотации во тековна година поодделно по училишта се спроведува преку доставување на месечни извештаи М1 и М2, како и завршни сметки од страна на училишта до Секторот за финансиски прашања при Општина Куманово.

Член 9

Неискористените средства од блок дотациите, општините ги враќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, на крајот на фискалната година, најдоцна до 31 декември 2026 година, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната година.

Член 10

Недостиг на средства од блок дотации за нормално функционирање на училишта и покривање на трошоци се надополнува со обезбедување на дополнителни средства од основниот буџет на Општина Куманово.

Член 11

Оваа одлука важи и е применувана при распределба на средства од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година.

Член 12

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09-18303/52
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

710.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за средно образование за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за утврдување на критериуми за распределба на блок – дотации за средно образование за 2026 година, Бр. 09 – 18303/53, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18755/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

711.

Врз основа на член 101 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 229/20, 78/25, 132/25 и 250/25), член 8 и член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 53/21, 77/21, 150/21, 173/22, 170/24 и 37/25), Уредба за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации за средното образование по општини за 2026 година („Службен Весник на Р.С.М. бр.159/25), и член 25 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр.13/03, 13,07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 29 декември 2025 година донесе

О Д Л У К А
ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА БЛОК ДОТАЦИИ ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се пропишува утврдување на критериуми за распределба на средства од блок дотации за средното образование за 2026 година.

Член 2

Распределбата на средствата од блок дотацијата за средното образование во Општина Куманово на која и се пренесени основачките права на средните училишта согласно *Законот за средното образование* и која ги исполнила условите согласно членот 46 од *Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа* за финансирање со блок дотации за календарската 2026 година ,се врши по критериум основен трошок по ученик, односно според формулата:

БДСо = ПУ * ОТУ + ВТ

ПУ = Уг + Σ (Ус * К)

$$К = \begin{cases} 0{,}2 \text{ за Група 1} \\ 0{,}25 \text{ за Група 2} \\ 0{,}3 \text{ за Група 3} \end{cases} \text{ каде:}$$

- Група 1 = графичарство; економија, право и трговија,

- Група 2 = угостителство и туризам; хемија и технологија; текстил, кожа и слични производи; шумарство и обработка на дрво; лични услуги; градежништво и геодезија; геологија, рударство и металургија; здравство и социјална заштита и
- Група 3 = сообраќај, транспорт и складирање; електротехника; машинство; земјоделство, рибарство и ветеринарство.

БДСо - Вкупна блок дотација за средно образование.
ПУ - Пондериран број на ученици во средно образование.
Уг - Вкупен број на ученици во гимназиско образование.
Ус - Вкупен број на ученици во средно стручно образование.
К - Прилагодување на број на ученици во зависност од струката во која учат.

ВТ = ОТУ * ПУј * 0,3 + ОТУ * ПУп

ОТУ - Основен трошок по ученик ги содржи трошоците за: плати и придонеси, трошок за вода, струја, смет, греење и останати комуналии, хигиена и тековно одржување, наставни материјали, стручно усовршување на вработените во средно образование и други трошоци, кој изнесува 103.589,00 денари.
ВТ - Вкупен варијабилен трошок.
ПУј - Број на ученици кои следат настава на турски и српски јазик.
ПУп - Број на ученици со посебни образовни потреби во средното образование.

Член 3

Износот на Бруто плати за вработените и надоместок за регрес за годишен одмор во средното образование кои се составен дел на блок дотацијата, а се дадени како задолжителна обврска за исплата според број на вработени, се иземени од оваа методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотации и се исплатуваат на секое училиште поединечно согласно поднесени пресметки за плати и регрес за годишен одмор.

Член 4

Согласно Буџетот на Општина Куманово за 2026 година од програма Н2, потпрограма Н20-средно образование, се врши финансирање на 4 средни училишта на територијата на Општина Куманово.

Член 5

Средствата определени како блок дотација за секое училиште се користат за финансирање на пренесени надлежности во средно образование.

Член 6

Средствата од блок дотациите ќе се распределуваат и користат наменски, рационално и ефикасно согласно горенаведените критериуми во член 2, а ќе се извршуваат согласно Одлука за извршување на Буџетот на Општина Куманово на финансиските планови со распределени средства од блок дотациите за секое училиште поединечно се составен дел на Буџетот на Општина Куманово, и се усвојуваат со донесување на Буџетот на општината.

Член 7

Средствата од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово во тековна година ќе се насочуваат по училишта месечно согласно утврдена динамика на Министерство за образование во определен процентуален износ од годишниот буџет ,преку Секторот за финансиски прашања на Општина Куманово.

Член 8

Контрола на потрошени средства од блок дотации во тековна година пооделно по училишта се спроведува преку доставување на месечни извештаи М1 и М2, како и завршни сметки од страна на училишта до Секторот за финансиски прашања при Општина Куманово.

Член 9

Неискористените средства од блок дотациите, општините ги враќаат во Буџетот на Република Северна Македонија, на крајот на фискалната година, најдоцна до 31 декември 2026 година, согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната година.

Член 10

Недостиг на средства од блок дотации за нормално функционирање на училишта и покривање на трошоци се надополнува со обезбедување на дополнителни средства од основниот буџет на Општина Куманово.

Член 11

Оваа одлука важи и е применувана при распределба на средства од блок дотации од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година.

Член 12

Одлуката стапува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр.09-18303/53
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

712.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Одлука за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука - сопственост на Општина Куманово на ООУ „Магдалена Антова“ Куманово

1. Се објавува Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука - сопственост на Општина Куманово на ООУ „Магдалена Антова“ Куманово, Бр. 09 – 18303/54, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18754/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

713.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 *од Законот за локалната самоуправа* („Службен весник на Република Македонија” Бр. 5/02), член 68 од *Статутот на Општина Куманово* („Службен гласник на Општина Куманово” Бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), *Одлука за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово* од Агенција за управување со одземен имот бр.02-3205/13 од 21.07.2025 година и *Одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово* од Влада на Република Северна Македонија бр.50-5793/17 од 24.11.2025 година, Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А

за отстапување на одземени предмети со правосилна одлука - сопственост на Општина Куманово на ООУ „Магдалена Антова“ Куманово

Член 1

Согласно *Одлука за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово* од Агенција за управување со одземен имот бр.02-3205/13 од 21.07.2025 година и *Одлука за давање согласност на Одлуката за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Општина Куманово* од Влада на Република Северна Македонија бр.50-5793/17 од 24.11.2025 година, Општина Куманово ги отстапува следните одземени предмети со правосилна одлука – сопственост на Општина Куманово, на ООУ „Магдалена Антова“ Куманово:

Ред. бр	Магацин	Артикал	ЕМ	Број на предмет	Година	Количина	Вредност
1	Депо Тетово	Монитори	Парче	31/10-8935	2008	30	180.000,00
2	Депо Тетово	Трамболин од три дела	Парче	Прк. Бр.468/12 28-040874/12	2012	1	4.500,00
3	Депо Тетово	Кафемат Крупс	Парче	Прк. Бр.468/12 28-040874/12	2012	1	3.500,00
4	Депо Тетово	Гумен детски	Парче	Прк. Бр.468/12 28-040874/12	2012	1	3.000,00

		базен					
5	Депо Тетово	Орман зачевли од три дела	Парче	Прк. Бр.468/12 28-040874/12	2012	1	3.500,00
6	Депо Тетово	Тостери	Парче	28-011005/14-0013	2014	10	10.000,00
7	Депо Тетово	Правосмукалка нова	Парче	21-3432/3	2007	1	3.257,00
8	Депо Тетово	Чаши стаклени	Колет	Изјава 009/23	2023	25	49.457,00
9	Депо Тетово	Паркет од бука	$м^2$	Изјава 031/18	2018	1650	351.067,20
10	Депо Тетово	Медиум јубокс	Парче	Изјава 019/18	2018	10	6.150,00
11	Депо Тетово	МП-3 Плеер	Парче	Изјава 019/18	2018	10	4.500,00
12	Депо Тетово	Д.В.Д.	Парче	Изјава 019/18	2018	10	27.700,00
13	Депо Тетово	Д.В.Д. рекордер	Парче	Изјава 019/18	2018	10	15.400,00
14	Депо Тетово	Фотоапарат	Парче	Изјава 019/18	2018	10	24.600,00
15	Депо Тетово	Моторна косилка ЕИНХЕЛЛ	Парче	84/12	2012	1	2.500,00
16	Депо Тетово	Моторна косилка ЦМИ	Парче	84/12	2012	1	3.000,00
17	Депо Тетово	Правосмукалка МАКС ПАУЕР	Парче	84/12	2012	1	2.500,00
18	Депо Тетово	Трамболина КРАНЕ	Парче	84/12	2012	1	5.000,00
19	Депо Тетово	Тенда	Парче	84/12	2012	2	8.500,00
20	Магацин Славија	Нутри булет	Пак.	К.бр.1457/24	30.09.2024	1	1.950,00
21	Магацин Славија	Правосмукалка	Парче	К.бр.1457/24	30.09.2024	1	4.500,00
22	Магацин Славија	АИР Фриер Силвер крест	Парче	К.бр.1457/24	30.09.2024	1	4.300,00
23	Магацин Славија	Електрично ѓезве	Пак.	К.бр.1457/24	30.09.2024	1	600,00

Член 2

Општинското Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово е должно отстапените предмети од член 1 на оваа Одлука да ги употребува исклучиво за потребите

на училиштето, без право истите да ги оттуѓуваат или да ги даваат на користење на трети лица по кој било основ.

Член 3

Општина Куманово преку општинската администрација има обврска да изврши записничко примопредавање на отстапените предмети од член 1 на Општинското Основно Училиште „Магдалена Антова“ Куманово.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 – 18303/54
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

714.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за извршување на Буџетот на Општината Куманово за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за извршување на Буџетот на Општината Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/56, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18752/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

715.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М" бр.5/02) и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 23, став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18) и Службен весник на РСМ бр. 244/19,53/21,77/21,150/21,173/22 и 170/24), одредби на Колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.04-6857/1 од 30.10.2020 година, Колективен договор за измена и дополнување на колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.04-7439/1 од 20.09.2022 година,Колективен договор за измена и дополнување на колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.08-2746/1 од

22.03.2023 година и Колективен договор за измена и дополнување на колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.04-9784/1 од 12.12.2023 година, Колективен договор за измена и дополнување на колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.08-2746/1 од 22.03.2023 година, Колективен договор за измена и дополнување на колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.04-6370/1 од 19.07.2024 I Колективен договор за измена и дополнување на колективен договор за вработени во Општина Куманово бр.04-5373/1 од 24.03.2025 година, член 25 ,став 1, точка 4 од Статутот на Општината Куманово (Службен гласник на Општината Куманово бр.13/03,13/07, 08/15,11/19 и 12/21), Советот на Општината Куманово на 4-тата седница одржана на 29 -ти декември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
За извршување на Буџетот на Општината Куманово за 2026 година

Член 1

Буџетот на Општината Куманово за 2025 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на Општината се состои од :

- Општ дел, посебен дел и развоен дел.

Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни да постапуваат во согласност со буџетските начела ,а утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

Член 5

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Доколку во текот на годината, Градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџет или дека реализација на приходи и приливи значително отстапува од планот, предлага на Советот на општината измена и дополнување на буџетот.

Советот на Општината на предлог на Градоначалникот ги донесува измените и дополнувања на буџетот најдоцна до 15 ти ноември во тековна година.

Член 6

Пренаменета во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

Одобрените средства со буџет на ниво на ставка во рамки на потпрограма и буџет, не можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределби во тековна фискална година.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамки на буџет не може да се зголемат со прераспределби повеќе од 10%.

Член 7

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности,буџетот на заеми,буџетот на Донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои Градоначалникот ги доставува до советот на општината на одобрување.

Член 8

Буџетските корисници по усвојувањето на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

Член 9

Исплатата на платите на вработените во Општина Куманово ке се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот, согласно законските прописи, Колективниот договор за вработени во општина Куманово и измени и дополнување на Колективен договор за вработени во Општина Куманово.

1.Коефициентот за утврдување на плата на избрани и именувани лица Градоначалник се определува според број на жители и за општина Куманово изнесува 2,62 а вредноста на коефициентот за плата на избрани и именувани лица во Р.С.М. е просечна исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година,според официјални податоци објавени од страна на Државен завод за статистика.

2.За вработени кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на плататите се утврдува со Одлука за утврдување на вредност на бод за плати за државни службеници која ја донесува Советот.

3. За вработените во општинска администрација кои немаат статус на државни службеници вредноста на бодот за пресметување на плата за 2026 година изнесува 81,60 денари.

4.За вработени кои имаат статус на униформирани работници во територијални противпожарни единици вредноста на бодот за пресметување на плата за 2026 година изнесува 81,60 денари.

Доколку Владата на РСМ изврши корекција на вредноста на бодот ке се применува корегираниот износ.

Член 10

Исплатата на платите и надоместоците на вработените во локалните јавни установи, кои се финансираат со блок Дотации ке се спроведува на следниот начин:

средствата ке се планираат на сметка - дотации (930), а ќе се извршуваат преку сметката - Дотации на локалните јавни установи (903) Локалните јавни установи финансирани со блок Дотации се должни во рок од 2 дена пред исплатата на платите на вработените до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ке ги приложат обрасците (ПДД-МП и МП1 копии од рекапитулација од пресметани бруто и нето плати образец Ф1 за број на вработени по име и презиме бруто и нето плати) за месец за кој се однесува платата.

Во случај на нови вработувања во локалните јавни установи кои се финансираат од општинскиот буџет се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М1, а за нови вработувања кои се финансираат од блок дотација се доставува известување за обезбедени финансиски средства од надлежното Министерство и Министерство за финансии и се приложува образец М-1.

Градоначалникот на општина Куманово дава писмено известување за обезбедени финансиски средства кога новото вработување во локалните јавни установи се финансира од Буџетот на Општината.

Член 11

Исплатата на платите и надоместоци на вработените во локалните јавни установи кои се финансираат од Буџет на дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.

Градоначалникот на општината е должен одделните пресметки на локалните јавни установи да ги достави до ресорното Министерство од кое ке се трансферира блок дотацијата.

Ресорните Министерства доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставуваат до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 12

Регресот за годишен одмор за вработените во општинска администрација изнесува 60% од просечна месечна нето плата по работник во Република Северна Македонија исплатена во изминатите три месеци или просечната месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплатата.

Надоместоците што ќе се исплатуваат по основ на јубилејни награди за вработените во општинска администрација ќе се пресметуваат и исплаќаат согласно Колективен договор за вработени во општина Куманово,и ќе се исплатат од ставка 464-Други трансфери од соодветна програма во Буџетот на Општина Куманово.

Член 13

1.Надоместокот за дневница за Градоначалникот и општинската администрација за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 8% од просечно исплатена плата по работник во претходни три месеци.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

2.Износот на дневница за службено патување во странство се исплатува:

-50% од утврдена дневница,ако се поднесе сметка за сместување,како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата.

-20% од утврдена дневница ,ако издатоци за сместување и исхрана не паѓаат на товар на органот на управа.

-5% од утврдената дневница,ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државна управа,а престојот е над 30 дена.Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари,курсеви,симпозиуми и други видови средби организирани во странство и мултилатерална и биатерална основа.

Пресметка на издатоци за службено патување во странство преку дневница се одредува и тоа :

-една дневница за секои 24 часа поминати на службено патување во странство и ако вкупното патување трае подолго од 12 часа.

- половина дневница за време од 12 часа поминати на службено патување во странство,како и во случај кога остатокот од времето во континуитет е подолго од 8 часа.

Член 14

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување ,и други случаи на вработениот во општината и локалната јавна установа (општински буџетски корисник) му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на вработениот во општината и локалната јавна установа (општински буџетски корисник) на неговото семејство му припаѓа парична помош во висина од 30.000 денари.

На вработениот во општината и локалната јавна установа ,во случај на смрт на член од потесно семејство (родител,брачен другар,деца родени во брак или посиноци,посвоени деца и деца земени на издржување) му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари.

Членовите на потесното семејство на вработениот опишани во член 14 став 3 се докажуваат со документ за идентификација.

Надоместоците од ставовите 1, 2 и 3 од овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната година.

Сите исплати на горенаведените надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплетирана документација и донесени решенија од страна на овластени лица на општински буџетски корисници и од Градоначалникот на општината.

Сите исплати на горенаведените надоместоци од овој член за вработени од локалнии јавни установи (општински буџетски корисници), по донесено решение за исплата се исплаќаат од средства од блок дотации од ставки 464-Други трансфери. Исплатите кои се однесуваат за вработени во општината по донесено решение од Градоначалник на општина се исплаќаат од програма Д0 - Градоначалник, ставка 413- Тековна резерва.

Член 15

Надоместокот за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и локалната јавна установа се исплаќа согласно член 9 став 1 алинеја 2 од Закон за исплата на плати во Републиката и изнесува двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во Републиката објавена до денот на исплата и се исплатува од ставка 464 - Други трансфери од програма ЕО- Општинска администрација доколку се работи за вработен во општината, а доколку се работи за вработен во локална јавна установа се исплатува од

соодветна програма во која припаѓа локалната јавна установа од која вработениот заминува во пензија.

Член 16

На членовите на Советот на Општина Куманово им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Член 17

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот на Општина Куманово се утврдува во процентуален износ и изнесува 70% од просечна месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

На Претседателот на Советот на општина Куманово, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од ставот 1 на овој член се зголемува за 30% .

Член 18

Месечниот надоместок за присуство на седницата на Советот се исплатува за присуство на сите седници на Советот во тековниот месец. Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство од седницата на Советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 19

На членовите на Советот на општината Куманово им се исплатуваат надоместоците за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 20

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите се извршува со ситуации, фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи до 6000 денари каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

Член 21

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програмаАО- Совет на општина, одлучува Советот на општината а ги извршува Градоначалникот.

За средствата утврдени во буџетот на општината во рамките на резервите (тековна буџетска резерва) во програма ДО-Градоначалник одлучува Градоначалникот на општината до износ од 50.000 ден.

За искористените средства Градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 22

За средствата распоредени во сите програми и потпрограми во Буџетот за 2024 год одлучува Градоначалникот на општина Куманово во рамки на утврдени износи во Буџетот, освен за трошење на средствата од потставките

-во програма АО- Совет и тоа:подставките за тековна резерва,трансфери до здруженија на граѓани и фондации и други трансфери

-во програма А1-Изборни активности:подстафка други трансфери

-во програма Г1-Поддршка на локален економски развој

-во програма ЛО- Спорт и рекреација: потставката трансфери до спортски клубови и други трансфери.

-во програма К4-Културни манифестации и творештво: подставката Други трансфери.

за кои одлучува Советот на Општина Куманово со Одлуките кои ги донесува.

Член 23

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во пооделните програми и потпрограми ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 24

1 Буџетските корисници на средства од буџетите на општините можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места,да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи,само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општините.

2 Градоначалникот на Општината е должен во рок од 30 дена од денот на приемот на барање за вработување,писмено да ги извести буџетските корисници за обезбедени средства за вработување.За обезбедени средства за вработување Градоначалникот на Општината ќе даде писмено известување по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација.

3 Вработувања во општинската администрација се вршат согласно актите за организација и систематизација на општината за кои се обезбедени средства во Буџетот на Општината.Градоначалникот дава писмено известување за обезбедени средства.

4 Локалните јавни установи од областа на култура,образование и социјална заштита кои се финансираат со блок дотации можат да вработуваат нови работници доколку се обезбедени средства во Буџетот на Р.С.М. за што писмено известување дава Министерство за финансии,врз основа на барање од Градоначаникот на Општината до надлежното министерство за потреба од вработување во локалните јавни установи со соодветна пропратна документација.

Член 25

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на Товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на Товар на другите приходи на Буџетот. Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

Член 26

Буџетот на Општината Куманово се извршува од 01.01.2025 до 31.12.2025 година.

Член 27

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во *Службен гласник на Општината Куманово, а ќе се применува од 1 Јануари 2026 година.

Бр.09-18303/56
29 декември 2024 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

716.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници за 2026 година, Бр. 09 – 18303/57, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18751/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

717.

Врз основа на член 88, став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 ,11/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/19 ,14/20, 215/21 99/22 и 208/24, 210/24), и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07,8/15,11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2026 година

Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници за период од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година изнесува 81,6 денари."

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр.09 – 18303/57
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

718.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за утврдување на висина на благајнички максимум за готовинско плаќање од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Одлуката за утврдување на висина на благајнички максимум за готовинско плаќање од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/58, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18750/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

719.

Врз основа на член 183 од Закон за платежни услуги и платни системи (Службен весник на Република Северна Македонија 90/22 и 64/24, член 68 од Статутот на Општина Куманово (Службен гласник на Општина Куманово број.13/03,13/07, 08/15,11/19 и 12/21) , Советот на Општината Куманово , на седницата одржана на 29 декември 2025 година донесе

ОДЛУКА
за утврдување на висина на благајнички максимум за готовинско плаќање од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година

Член 1

Заради готовинско плаќање во платниот промет од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година, се утврдува висина на благајничкиот максимум.

Член 2

Општина Куманово може за плаќање во готово да подига од сметката и држи во својата благајна пари во готово до висина на благајничкиот максимум.

Член 3

Висината на благајничкиот максимум за 2025 година , кој благајната може да го држи како пари во готово изнесува 70.000,00 денари.

Член 4

Плаќањето на производи и услуги во готово поединечно не може да биде повеќе од 6.000,00 денари.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во (Службен гласник на Општина Куманово), а ќе се применува од 01.01.2026 година до 31.12.2026 година.

Бр.09-18303/58
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

720.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие „Пазаришта“ – Куманово

1. Се објавува Одлуката за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие „Пазаришта“ – Куманово, Бр. 09 – 18303/59, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18749/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

721.

Врз основа на член 254 од Законот за трговски друштва („Службен весник на РМ" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 134/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 290/20, 215/21 и 99/22) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

ОДЛУКА
за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие „Пазаришта" - Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се врши зголемување на основната главнина во вид на паричен влог на Јавното претпријатие „Пазаришта" - Куманово, утврдена со Одлуката за доделување на основна главнина на јавното претпријатие бр. 09 - 6669/8 од 28 октомври 2020 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 15/20) на износ од 3.500.000,00 денари, зголемена за 7.000.000,00 денари, со Одлука на Советот на Општина Куманово бр. 09-8826/4 од 6 декември 2021 година („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 17/21), зголемена за 3.000.000,00 денари,со Одлука на Советот на Општина Куманово бр.09-10813/25 од 29 Октомври 2024 година (“Службен Гласник на Општина Куманово” бр.11/24) зголемена за 3.000.000,00 денари,со Одлука на Советот на Општина Куманово бр.09-7441/11 од 05 мај 2025 година (“Службен гласнк на Општина Куманово “бр.8/25) ,со одлука на Советот на Општина Куманово бр.09-11714/7 од 29 Јули 2025 година (“Службен гласник бр.12/25”) зголемена за 4.000.000,00 денари односно вкупната досегашна главнина од 20.500.000,00 денари,се зголемува за уште 2.000.000,00 денари средства од Буџетот на Општина Куманово.

Со ова зголемување вкупниот износ на основната главнина на Ј.П. „Пазаришта" - Куманово изнесува 22.500.000,00 денари.

Член 2

Средствата со кои се зголемува основната главнина од член 1 од оваа Одлука во износ од 2.000.000,00 денари ќе се уплатат на жиро сметка на Ј.П. „Пазаришта" - Куманово до крајот на 2026 година.

Се задолжува Ј.П. „Пазаришта" - Куманово за секоја извршена уплата да поднесе пријава до Централниот регистар за впишување на уплатениот износ во основачки влог.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 - 18303/59
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

722.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово - гас“ – Куманово

1. Се објавува Одлуката за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово - гас“ – Куманово, Бр. 09 – 18303/60, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18748/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

723.

Врз основа на член 254 од Законот за трговските друштва („Службен весник на РМ” бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10 и 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на РСМ” бр. 290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово” бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово – гас“ Куманово

Член 1

Со оваа Одлука се врши зголемување на основната главнина во вид на паричен влог на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово – гас“ Куманово, утврдена со Одлуката за основање на јавното претпријатие Бр. 07-3391/8 од 13 октомври 2005 година („Службен гласник на Општина Куманово” бр.14/05), во износ од 5.000.000 денари, зголемена за 10.000.000 денари, од средствата на Буџетот на Општина Куманово, со Одлуката за зголемување на основната главнина на Јавното претпријатие за изградба на инфраструктурни објекти „Куманово - гас” Куманово, Бр. 07- 5098/5 од 23 мај 2007 год. („Службен гласник на Општина Куманово” бр.16/07), зголемена за 5.000.000 денари со Одлуката бр. 07-11242/15 од 07 ноември 2008 година („Службен гласник на Општина Куманово” бр.17/08), зголемена за 15.000.000 денари од средствата на Буџетот на Општина Куманово, со Одлуката Бр. 07- 2133/9 од 04 март 2009 год. („Службен гласник

на Општина Куманово" бр.3/09), зголемена за 4.500.000 денари, со Одлуката Бр. 07-29366/8 од 15 ноември 2011 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.16/11), зголемена за 10.000.000 денари, со Одлуката бр. 07-3590/6 од 03 мај 2012 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.7/12), зголемена за уште 7.000.000 денари, со Одлуката бр.07-5764/9 од 12 септември 2013 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.12/13), зголемена за 7.000.000 денари, со Одлуката бр.09-1062/13 од 11 февруари 2015 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.2/15), зголемена за 15.619.201 денари, со Одлуката бр.09-10444/7 од 24 декември 2015 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.15/15), зголемена за 20.000.000 денари, со Одлуката бр.09-8741/37 од 27 декември 2017 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.17/17), зголемена за 8.000.000 денари, со Одлуката бр.09-8185/52 од 29 декември 2020 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.17/20), зголемена за 12.000.000 денари, со Одлуката бр.09-515/7 од 20 јануари 2022 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.1/22), зголемена за 6.000.000 денари, со Одлуката бр.09-3037/15 од 05 април 2023 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.7/23), зголемена за 5.000.000 денари, со Одлуката бр.09-5226/32 од 03 јули 2024 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.7/24), со Одлуката бр.09-1417/16 од 29 јануари 2025 год. („Службен гласник на Општина Куманово" бр.1/25), односно вкупната досегашна главнина од 136.119.201 денари, се зголемува за уште 6.000.000 денари, средства од Буџетот на Општина Куманово.

Со ова зголемување вкупниот износ на основната главнина на Ј.П. „Куманово – гас" Куманово изнесува 142.119.201 денари.

Член 2

Средствата со кои се зголемува основната главнина од член 1 на оваа Одлука во износ од 6.000.000 денари ќе се уплатуваат сукцесивно на жиро сметка на Ј.П. „Куманово – гас" Куманово.

Се задолжува Ј.П. „Куманово – гас" Куманово за секоја извршена уплата да поднесува пријава до Централниот регистар за впишување на уплатениот износ на основната главнина.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 18303/60
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

724.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка

1. Се објавува Одлуката за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка, Бр. 09 – 18303/61, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18747/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

725.

Врз основа на член 7 став (1) и член 9 став (2) точка 2 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ", бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ", бр. 05/02), член 25 став 1, точка 40 од Статутот на општина Куманово , Советот на општината Куманово, на седница одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка

Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден со Одлука на Советот на Општина Свети Николе бр. 0801-57 од 05.12.2025 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Свети Николе со Предлог бр. 0903-67/18 од 28.11.2025 година, врз основа на дадено Мислење на Градоначалникот на Општина Куманово бр. 09-18442/2 од 25.12.2025 година , за вршење на работи од областа на градежната инспекција од страна на Општина Куманово за Општина Свети Николе.

Член 2

Ова Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Куманово.

Бр. 09 – 18303/61
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

726.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за 2026 година за ангажирање на 10 (десет) работници преку агенција за привремени вработувања во Општина Куманово

1. Се објавува Одлуката за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за 2026 година за ангажирање на 10 (десет) работници преку агенција за привремени вработувања во Општина Куманово, Бр. 09 – 18303/62, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18745/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

727.

Врз основа на член 22 став 1 алинеја 2 и став 8, 12 и 13 од („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19, 14/20 и 208/24) и член 68 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

О Д Л У К А
за давање согласност за обезбедени финансиски средства од Буџетот на Општината Куманово за 2026 година за ангажирање на 10 (десет) работници преку агенција за привремени вработувања во Општина Куманово

Член 1

Заради привремено зголемен обем на работа во Општина Куманово, се дава согласност за обезбедени финансиски средства од средствата во Буџетот на Општината Куманово за 2026 година, од Програмата Е00 – Општинска администрација, од расходната ставка 427 – привремени вработувања, за ангажирање на 10 (десет) работници преку агенција за привремени вработувања се додека трае потребата на институцијата, а најдолго до една година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 18303/62
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

728.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Одлука за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Управен и Надзорен одбор на ЈП „Водовод“ – Куманово

1. Се објавува Одлуката за објавување на јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати, за избор на членови на Управен и Надзорен одбор на ЈП „Водовод“ – Куманово, Бр. 09 – 18303/63, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18744/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

729.

74	дел од ул.120-крак десно н.м.Карпош	80,00	м^1
75	ул.171 во н.м.Карпош	95,00	м^1
76	ул.173 во н.м.Карпош	99,00	м^1
77	ул.174 во н.м.Карпош	104,00	м^1
78	ул.175 во н.м.Карпош	108,00	м^1

79	ул.180 во н.м.Карпош	80,00	м^1
80	ул.181 во н.м.Карпош	105,00	м^1
81	ул.191 во н.м.Карпош	57,00	м^1
82	ул.196 и крак 1 и 2 во н.м.Карпош	436,87	м^1
83	ул.209 во н.м.Карпош	55,00	м^1
84	ул.210 -крак од Амбар мало во н.м.Карпош	411,00	м^1
85	ул211 во н.м.Карпош	186,00	м^1
86	ул.221 и крак 1 и 2 во н.м.Карпош	364,00	м^1
87	ул.100 спороти ул.155 во н.м.Карпош	80,00	м^1
88	ул.209 во н.м.Карпош	55,00	м^1
89	ул.100 кај терма лифт во н.м.Карпош	55,00	м^1
90	дел од ул.2002	264,00	м^1
91	дел од ул.511,ул,520 и ул.513 -Стари лозја	900,00	м^1
92	пат за село Костурник	625,00	м^1
93	ул.Зелен пазар	75,00	м^1
94	дел од бул.3-та МУБ (од ул.С. Симонов до ул.Т.Мендол)	95,00	м^1
95	лок.пат од пат Куманово до асвалтна база кон автопат Скопје-Белград	2.801,00	м^1
96	пат во с.Пчиња со атмосверска канализација и сигнализација	950,00	м^1
97	улици во с.Агино село	600,00	м^1
98	улици во село Речица	780,00	м^1
99	лок.пат од пат Куманово -Свети Николе кон пристапен пат до казнено поправен дом во с.К шање	1.334,00	м^1
100	изградба на дел од ул.Васко Карангелевски (од ул.АСНОМ до ул.Н.М.Брада)	110,00	м^1
101	ул.408 место Ајдучка чешма	208,00	м^1
102	ул.421 Пуковско	142,00	м^1
103	ул.422 Пуковско	345,00	м^1
104	ул.440 Пуковско	69,00	м^1
105	ул.429 Пуковско	197,00	м^1
106	ул.430 Пуковско	196,00	м^1
107	ул.431 Пуковско	105,00	м^1
108	ул.433 Пуковско	288,00	м^1
109	ул.434 Пуковско	44,00	м^1
110	ул.435 Пуковско	85,00	м^1
111	ул.437 Пуковско	133,00	м^1
112	ул.438 Пуковско	74,00	м^1
113	ул.439 Пуковско	66,00	м^1
114	ул.439-1 Пуковско	94,00	м^1
115	ул.443 Пуковско	477,00	м^1
116	ул. 315 н.м.Ајдучка чешма	1.130,00	м^1
117	ул. 319 н.м.Ајдучка чешма	166,00	м^1
118	ул.603 с.Проевце	80,00	м^1
119	улици во с.Горно Којнаре	750,00	
120	дел од бул.Октомвриска Револуција и паркинг (од ул.Д. Божинов до ул.М. Пијаде)	450,00	м^1
121	дел од ул.АСНОМ (слеп крак)	90,00	м^1
122	улици во с.Клечовце	1.100,00	м^1
123	рек. на дел од ул.Никола Тесла (од ул.Доне Божинов до железнички надвозник)	840,00	м^1
124	рек. на дел од ул.Никола Тесла (од железнички надвозника до автопат)	900,00	м^1
125	ул.1 Долно Којнаре	1.420,00	м^1
126	лок.пат с.Пчиња-с.Студена бара	4.000,00	м^1
127	крак од ул.Михајло Пупин	100,00	м^1
128	ул.Веселин Маслеша (од ул.Миајло Пупин кон школо)	350,00	м^1
129	ул.523 (од Регинален пат до бара ул.500)	210,00	м^1
130	ул.524 Ајдучка чешма	167,00	м^1
131	ул.526 Ајдучка чешма	267,00	м^1
132	ул.252 Ајдучка чешма	87,00	м^1
133	ул.260 Ајдучка чешма	100,00	м^1
134	ул.309 Ајдучка чешма	170,00	м^1

135	ул.621	100,00	м^1
136	ул.Ѓуро П. Стари	900,00	м^1
137	сервисна улица ,дел од УПМВ за стопански комплекс К.О.Горно Којнаре	478,00	м^1
138	локален пат за пазар (од ул.40н.м.карпош до школо во с. Д. Којнаре)	1.600,00	м^1
139	ул.Благој И. Гуне (од ул.Страшко Симонов до ул.Тоде Мендол)	238,00	м^1
140	ул.ЈНА (од бул.3-та МУБ до ул.Бл.И.Гуне)	220,00	м^1
141	ул.Војо Карастојанов (од ул.Т.Мендол до ул.С.Симонов)	200,00	м^1
142	дел од ул.Страшко Симонов (од ул.Б.И.Гуне до ул.Романовска)	489,00	м^1
143	дел од ул.Киро Фетак со крак	373,00	м^1
144	дел од ул.д-Рибар	950,00	м^1
145	ул.625 УЕПроевце	700,00	м^1
146	ул.600 (пат проевце ку-6а) УЕПроевце	800,00	м^1
147	ул.Стојан Сељо до бензинска лево во с.Добрашане	130,00	м^1
148	ул.Студена вода -крак лево од регионален пат Ку-С.Николе до ул.Козјачка	500,00	м^1
149	ул.400 н.м.Пуковско	1.080,00	м^1
150	ул.425 н.м.Пуковско	1.731,00	м^1
151	пат за с.Тромеѓа (од ул.425 до чешма во село)	720,00	м^1
152	дел од ул.Моша Пијаде (од ул.Пиринска Македонија до бул.Октомвриска Револуција)	490,00	м^1
153	дел од ул.Моша Пијаде (од ул.Пиринска Македонија)	952,00	м^1
154	изградба дел од ул.Железничка (крак 1 пред магацини)	603,00	м^1
155	Говедарски пат	4.200,00	м^1
156	ул.Павле Станоев (од ул.Т Мендол до ул.др Рибар)	145,00	м^1
157	дел од улица (од ул..Б.Филиповиќ до ул.Жикива Ј Шпанац)	150,00	м^1
158	дел од ул.Козјачка и ул.Студена вода во с.Добрашане	1.339,00	м^1
159	дел од ул.АВНОЈ-крак 1,2,3 и 4	464,00	м^1
160	Изградба на водоводна мрежа,фекална и атмосверска канализација,изградба на дел од внатрешни сообраќајница,воспоставување на режим на сообраќај и осветлување на дел од внатрешни сообраќајници во индустриска зона с.Речица во општина Куманово	2.526,60	м^1
161	реко. на дел од ул. Веселин Вујовски (од ул. Карадачки одреди до ул. Есперанто)	90,00	м^1
162	рекон. на пат во с.Орашац на КП5066 (пат према манастир Св.Никола)	373,00	м^1
163	рекон. на дел од ул.513 на КП26173/1	632,00	м^1
164	рекон. на локал пат с.Клечовце кон с.Горно Јачинце	4.345,00	м^1
165	рекон. на улици во с.Тромеѓа-крак 1 до 12	5.785,00	м^1
166	рекон. на улица на КП2715 во с.Романовце	360,00	м^1
167	рекон. на улица на КП2487/1 во с.Романовце	374,00	м^1
168			
ВКУПНО S. 1. : 238.979.339,00		104.759,41	

2.КАНАЛИЗАЦИЈА			
1	ул.Доне Божинов (од мост на р.Којнарка до автоп. Пармакови ниви)	1.600,00	м^1
2	фекал.канали со потисен цевковод за с.Тромеѓа	450,00	м^1
3	пречистителна станица и фекална канализација за с.Романовце		м^1
4	пречистителна станица и фекална канализација за индустриска зона во с.Речица		м^1
5	улици во М.В.Гладно поле -ул.723, ул.728,ул.729 и ул.703	1.101,10	м^1
6	улици во с.Добрашане М.В.Кумли Баир -крак 1,2,3 и 4	312,57	м^1
7	улици во с.Лопате крак 1-26	4.519,00	м^1

8	ул.Михајло Пупин (од ул.Ѓорче П. до ул.Веселин Маслеша)	328,52	м^1
9	ул. Борис Кидрич	589,62	м^1
10	ул. Јане Сандански	171,26	м^1
11	населба Средорек крак 11	314,00	м^1
12	ул. Народна Револуција (од ул.Биљановска кон Пчински пат)	910,49	м^1
13	село Речица	1.948,41	м^1
14	село Речица	488,20	м^1
15	ул.АСНОМ (од ул.Васко Карангелевски до ул.Мирче Ацев)	350,80	
16	фекална канлизација на дел од Мајорово Трло	2.324,00	м^1
17	изградба на фекална канлизација на дел од главниот фекален колктор, крак за с.Табановце , крак за с.Четирце и крак за с.Сопот	16.116,00	м^1
18	за О.О.У.Толи Зордумис кон ул.Боро Прцан и ул.11-ти ноември	297,00	м^1
19	рекон. на фекална канализација на дел од ул.Тонко Димков-крак 1 и 2	130,00	м^1
20	изградба на дел од ул.Васко Карангелевски (од ул.АСНОМ до ул.Н.М.Брада)	110,00	м^1
21	ул.Зелен пазар	220,00	м^1
22	дел од бул.3-та МУБ (од ул.С. Симонов до ул.Т.Мендол	220,00	м^1
23	дел од ул.Страшко Симонов (од ул.Зелен пазар до бул.3-та МУБ)	115,00	м^1
24	ул.Јоско Илиевски	200,00	м^1
25	ул.Бајрам Шабани (од бул.3 та МУБ до резервоар)	1.375,00	м^1
26	дел од ул.Моша Пијаде (од ул.Браќа Рибар до ул.Пиринска Македонија)	496,00	м^1
27	дел од ул.11-ти октомври (од ул.Гоце Делчев до ул.Сава Ковачевиќ)	1.172,00	м^1
28	дел од бул.Октомв. Револуција (од ул.Доне Божинов до ул.Б. Единство)	550,00	м^1
29			
ВКУПНО S.2 : 26.000.000,00		36.408,97	

3.АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА			
1	ул.Перо Наков (од бул. III-та М.У.Б. до ул.Кузман Ј.Питу)	202,00	м^1
ВКУПНО S.3 : 0.00		202,00	

4.ВОДОВОД			
1	дел од ул.Вера Которка и ул.Магдалена Антова	90,00	м^1
2	пречистителна станица и водоводна мрежа за с.Пчиња	50,00	м^1
3	индустриска зона во с.Речица		м^1
4	ул. 6-ти Април	970,39	м^1

5	ул. Иван Милутиновиќ	206,00	м^1
6	ул. Пелинска	322,00	м^1
7	ул. 30ти Јули	382,59	м^1
8	ул.Димитар Влахов	522,42	м^1
9	ул.Јане Сандански	172,00	м^1
10	ул. Борис Кидрич	589,62	м^1
11	ул. Иво Лола Рибар	41,49	м^1
12	ул. Магдалена Антова	165,92	м^1
13	ул. 421	154,09	м^1
14	ул. 403	205,50	м^1
15	ул. 404	144,90	м^1
16	ул. 425	209,30	м^1
17	ул.АСНОМ (од ул.В. Карангелевски до ул.М. Ацев)	350,89	м^1
18	рек. на ул.Никола Тесла (од ул.Доне Божинов до автопат) и ул.1 Горно Којнаре - фаза 2	1.950,00	м^1
19	изгр. на ул.Доне Божинов (од Спомен Костурница до влез во н.м.Карпош)	1.260,00	м^1
20	изработка на пробен експлотационен бунар H=40м и изработка на проектна документација за експлотационен бунар и водоснабдување на с.Сопот и изработка и спојување хоризонтално од 50м	40,00	м^1
21	дел од ул.Тоде Мендол (од ул.Карадачки одреди до ул.Јован Попо.)	210,00	м^1
22	ул. Киро Фетак (од ул.Х.Т.Карпош до ул.Борис Кидрич)-со краци	150,00	м^1
23	изградба на водоводна мрежа за Студена вода во с.Добрашане	2.111,60	м^1
24	ул.11-ти октомври (од ул.Гоце Делчев до ул.Србо Томовиќ)	1.148,00	м^1
25	ул.Моша Пијаде (од ул.Браќа Рибар до ул.Пиринска Македонија)	450,00	м^1
26	ул. Народна Револуција (од ул.Биљановска кон Пчински пат)	911,00	м^1
27	ул. Ленинова (од улБраќа Рибар до ул.Доне Божинов)	370,00	м^1
28	ул. Кирил и Методиј (од улБраќа Рибар до ул.Доне Божинов)	476,00	м^1
29	ул. Бајрам Шабани (од бул.3-та МУБ до резервоар до висока зона)	1.640,00	м^1
30	дел од ул.100 (од ул.Моша Пијаде кон река) У.Е. Б.Б.С.Гојчо	160,00	м^1
31	дислокација на водоводна мрежа транзитен вод ф350мм. од Резервоар на ул.Б.Шабани до ул.Н.Револуција	366,00	м^1
32	дел од бул.Октомв. Револуција (од ул.Доне Божинов до градски парк)	328,00	м^1
33			м^1
ВКУПНО S.4 : 17.140.000,00		16.147,71	

5. ТРОТОАРИ			
1	ул.Тоде Думба (од ул.Н. Револуција до ул.Д. Стопаревиќ) Штрот.=2.40м+2.20м и заштитна ограда	910,00	м^1
2	низ село Черкези (на главен пат Р-1 201 Куманово-Скопје)	780,00	м^1
3			
ВКУПНО S.5 : 0,00		1.690,00	

6. ЖАРДИЊЕРИ И ПРИСТАПНИ РАМПИ И ПРИСТАПНА ПАТЕКА ДО ПЕШАЧКИ ПРЕМИН			
1	Изградба на пристапни рампи и пристапни патеки до пешчки премини		
2	булевар III М.У.Б. (од ул.Перо Чичо до ул.Б.Б.Гуцман)	150,00	м^1
3			
ВКУПНО S.6: 0,00		150,00	

И. СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА			
1.1.ИЗГРАДБА НА НОВА СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА			
1	Изградба на семафоризација на булевар 3-та МУБ и ул.Бранко Б.Гуцман(пат за Кумановска бања)	1	
ВКУПНО И.1.1 : 0,00			
1.2. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА НАДВОРЕШНА СЕМАФОРСКА ОПРЕМА ОД СЕМАФОРСКА СИГНАЛИЗАЦИЈА НА РАСКРСНИЦИ (замена на дотраена надворешна семафорска опрема)			
1	бул.III МУБ и ул.Перо Чичо	1	
2	бул.III МУБ и ул.Народна Револуција	1	
3	бул. III МУБ со ул.Т.Мендол и ул.Христијан Т.Карпош	1	
ВКУПНО И. 1.2 : 0,00			
1.3. ОДРЖУВАЊЕ НА СЕМАФОРСКА ОПРЕМА И СИГНАЛИЗАЦИЈА			
1	Одржување на семафорска опрема и сигнализација	1	
ВКУПНО И. 1.3: 2.200.000,00			

ВКУПНО И.1.1 +И.1.2+И.1.3 = 0,00+0.00+2.200.000,00= 2.200.000,00 денари

Ј.ИЗГРАДБА И ЧИСТЕЊЕ НА ДЕЛ ОД РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА РЕКАТА КУМАНОВКА (од уливот на реките Коњарка и Липковка па узводно) ,УРБАНА ОПРЕМА и ИЗГРАДБА НА КРУЖЕН ТОК			
1	Изградба на дел од регулација на речното корито на р.Кумановка (од Митев мост до с.Добрашане)	3.000,00	м^1
2	Набавка на урбана опрема, набавка на клупи, корпи,столови, игралишта и друго во Општина Куманово		паушал
3	Изградба на кружен ток на раскр.на ул.Тоде Мендол и бул.3-та МУБ	2.750,00	м^2
4	Изградба на кружен ток на раскр.на бул.О. Револуција и ул.Д.Божинов и дел од улица	4.350,00	м^2
5			
ВКУПНО Ј : 23.600.000,00		10.100,00	

ВКУПНО Ј = 23.600.000,00 денари

К.ПОСТАВУВАЊЕ НА ВЕШТАЧКА ТРЕВА НА ФУДБАЛСКИ ГРАЛИШТА И ТАРТАН ПОДЛОГА ЗА ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА,ИЗГРАДБА НА КАТНА МОДУЛАРНА КОНСТРУКЦИЈА ,ПРИЛКУЧОК И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ИГРАЛИШТА			
1	Набавка, транспорт и поставување на тартан подлога на игралишта и реконструкција на одредеи локации		$м^2$
2	Изградба на мали спортски игралишта на одредни локации и детски катчиња	10,00	ком
3	Изградба на модуларно еднокатна конструкција на Поток Серава	640,00	$м^2$
4	Прикучување и изработка на осветлување на Менкова колиба	200,00	$м^1$
5	реконструкција на надворешен спортски терен во населба Гоце Делчев Куманово		
6	Изградба на модуларно еднокатна конструкција на позади хотел Куманово (локалатит Берза)	1.145,00	$м^2$
7			
ВКУПНО К : 0,00		1.992,00	

ВКУПНО К = 0,00 денари

Л. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ОБЈЕКТИ,СПОРТСКИ САЛИ, ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ И ГРАДСКИ БАЗЕН			
1	Санација и адаптација на постојни во „ Занаетчиски Дом “ и дел од ограда	330,00	$м^2$
2	Реконструкција на фасади во градот		$м^2$
3	Рек. и санација на дел од Спортска сала Соколана архитектура ,фасада ,машинство столарски работи и друго	760,00	$м^2$
4	За Спортска сала -браварија,надворешни скали,осветлување, партерно уредување, набавка ина семафор висечки четворостран мултифункционален и друго		$м^2$
5	Ограда и зид за ограда на станбен објект А1 некогашен хотел Солун		$м^2$
6	Изградба на центар на ТЕФ и бизнис ХАБ за млади на локација затворен Градски базен		$м^2$
7	Реконструкција на фасади во градот преку Хабитат		$м^2$
8	Поставување на урбана опрема и уредување на КП10586/3 К.О.Куманово – Паметен парк-втора фаза	3.300,00	
9	Реконструкција на кровна површина на зграда на Општина Куманово	1.100,00	
10	Реконструкција на Спортска сала – Термотехничка инсталација и опрема	3.050,00	
11	Реконструкција на Спортска сала – Електротехничка опрема и инсталации (фаза електротехника за изведба на фотоволтаична централа)	1.381,00	$м^2$
12	Реконструкција на Спортска сала – (фаза партерно уредување)	5.000,00	$м^2$
13	Учество на општина Куманово во проект за прекугранична соработка, компонента II ИПА		
14	Подобрување на енергетска ефикасност во зградите за колективно домување (Хабитат)		
ВКУПНО Л : = 46.631.946,00		14.921,00	

ВКУПНО Л = 46.631.946,00 денари

Љ. ГАСИФИКАЦИЈА НА ОПШТИНА КУМАНОВО

1	Изградба на дел од гасификација во Куманово за приклучоци , останата потребна опрема и гасна котлара -ископ на ровови за дистрибутивен гасовод 6000м -набавка на полиетиленски цевки и црева 4000м -набавка на елементи за спојување 200парчиња -набавка на запорни органи за делници 20парчиња -положување и заварување на полиетиленски црева и цевки на дистрибутивна мрежа 6000м -набавка и монтажа на приклучоци на потрошувачи 250парчиња		
2	Изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа за природен гас за град Куманово: траса. 11-ти Ноември до ООУ Толи Зордумис, траса на ул.АВНОЈ со ул.В.С.Бато, траса на дел од ул. Народна Револуција, траса од ул. Д. Божинов до нас. Карпош.	5.850,00	$м^1$
3	Изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа за природен гас на ул. Вараждинска и ул. Горно Милановачка.	680,00	$м^1$
4	Изградба на секундарна дистрибутивна гасоводна мрежа во Општина Куманово,КО Куманово,дел од ул.В.С.Бато до с.Добрашане (со индустриска зона долж патот во Добрашане)	3.700,00	$м^1$
ВКУПНО Љ : 39.075.548,00		10.2300,00	

ВКУПНО Љ = 39.075.5480,00 денари

М. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЛОШТАД, ФОНТАНИ ,ЧЕШМИ			
1	Реконструкција на фонтана до Охридска банка	55,00	$м^2$
2	Реконструкција на Градски плоштад , чешма		$м^2$
3	Одржување на фонтани		$м^2$
4	Реконструкција и санација на партерно уредување во централно градско подрачје		$м^2$
5	Поставување на нова еластична ограда на ул.400	80,00	$м^1$
6	Реконструкција на мал плоштад кај дом на култура	4.870,00	$м^2$
7			
ВКУПНО М : 0,00		5.050,00	

ВКУПНО М = 0,00 денари

Н. РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПЕШАЧКИ МОСТОВИ,ИЗГРАДБА НА МОСТ			
1	Изградба на паркинг простор кај Спортска сала	1,00	ком.
2	Реконструкција на паркинг простор кај Стокомак - 1 и 2 кај бул.О.Револуција	1,00	ком.
3	Реконструкција на паркинг простор на ул.Благој И Гуне и ул.Петар Драпшин на К.П. 16 803/ 1, К.П.26 321/1 и К.П.22 064/1 со Л=313,00м	1,00	ком.

4	Реконструкција на паркинг простор на кај хотел Кристал на делод КП 14818/1	1,00	ком.
5	Реконструкција на паркинг простор позади стара пошта на дел од КП 14788/1 и КП 14801	1,00	ком.
6	Изградба на паркинг простор на ул.Пиринска Македонија и ул.Новопроектирана 2 со пристап -К4 на КП 18689	1,00	ком.
7			
ВКУПНО Н : 0,00		7,00	

ВКУПНО Н = 0,00 денари

Њ. ИЗГРАДБА,РЕКОНСТРУКЦИЈА,САНАЦИЈА НА ПОСТОЈНИ И НОВИ ПАРКИНГ ПРОСТОРИ			
1	Изградба на паркинг простор кај Спортска сала	1,00	ком.
2	Реконструкција на паркинг простор кај Стокомак - 1 и 2 кај бул.О.Револуција	1,00	ком.
3	Реконструкција на паркинг простор на ул.Благој И Гуне и ул.Петар Драпшин на К.П. 16 803/ 1, К.П.26 321/1 и К.П.22 064/1 со Л=313,00м	1,00	ком.
4	Реконструкција на паркинг простор на кај хотел Кристал на делод КП 14818/1	1,00	ком.
5	Реконструкција на паркинг простор позади стара пошта на дел од КП 14788/1 и КП 14801	1,00	ком.
6	Изградба на паркинг простор на ул.Пиринска Македонија и ул.Новопроектирана 2 со пристап -К4 на КП 18689	1,00	ком.
7			
ВКУПНО Њ : 0,00		6.00	

ВКУПНО Њ = 0,00 денари

Њ. ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА И ОБЈЕКТИ

1	Санирање на оштетено јавно прометни површина во општина Куманово (Летно одржување на улици)	15.000.000,00
2	Зимско одржување на улици за ЈП Чистота и Зеленило (8.000.000,00ден)	8.000.000,00
3	Вертикална сигнализација , одржување на градби, сообраќајници и грбнатини на сообраќајници (лежеќи полицајци)	2.000.000,00
4	Запрашување против инсекти,дезинсекција,дератизација против крлежи,буба шваби и комарци	3.000.000,00
5	Одржување на ЈПП по програма	6.000.000,00
6	Одржување на ЗЦП по програма	32.000.000,00
7	Хоризонтално обележување и поставување на заштитни столбчиња за ЈПЧистота и зеленило (2.000.000,00ден) Хоризонтално обележување за правни субјекти (3.000.000,00 ден) Се вкупно	5.000.000,00
8	Купување и украсување на град Куманово по повод празниците ЈП“Куманово Паркинг “	0,00
9	Реконструкција на постоеки паркинг простори,поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација за ЈП“Куманово Паркинг“	1.000.000,00
10	Одржување на улично осветлување спрема Јавно Приватно Партнество	41.000.000,00
11	Набавка,транспорт и вградување на заштитни столбчиња за разделување на пешачкиот или велосипедскиот сообраќај од моторниот сообраќај во градот Куманово пластични и метални	1.500.000,00
12	Изведба на надзор за објекти во општина Куманово	3.000.000,00
13	ЈП“Куманово-План “од Куманово за изработка на техничка документација : -Урбана опрема -Планска -проектна документација	

-Проектна документација
- Проекти за улици и друга инфраструктура
-Проекти за потпорни зидови
-Гасоводна мрежа

	Се вкупно	12.000.000,00
14	Изработка на студии и елаборати за живона средина со ревизии	1.000.000,00
15	Изработка на техничка документација за основен проекти за обновување,реконструкција и изградба со ревизии и тоа : за фекална канализација,водоводна мрежа,атмосверска канализација, инсталација за инфакструктурни водови за пренос на гас , телекомуникациски водови и др.	1.200.000,00
16	Изработка на техничка документација за основен проекти за обновување,реконструкција и изградба со ревизии и тоа: сообраќајници ,булевари , патишта ,потпорни зидови и др.	1.200.000,00
17	Изработка на сообраќајни студии ,проекти и ревизија за хоризонтално обележување и столбчиња ,семафорска сигнализација,средства за смирување на сообраќај,измена на режим на сообраќај и траен режим на сообраќај.	600.000,00
18	Изработка на урбанистички проекти за линиска инфаструктура со ревизија	500.000,00
19	Изработка на геодетски елаборати - ажурирани подлоги и нумерички податоци	1.000.000,00
20	Реконструкција и санирање на оштетено јавни прометни површини во општина Куманово (со бехатон плочки)	30.000.000,00
21	Градежни работи и танпонирање на сообраќајници на територија на општина Куманово	12.000.000,00
22	Набавка на урбана опрема	3.000.000,00

23	Одржување на објекти и санација со браварски и градежни работи	1.000.000,00
24	Одржување на семафорска опрема и сигнализација	2.000.000,00
25	Услуги и мислења од страна на стручни лица за објекти кои се третираат како заштитено културно наследство ,	700.000,00
27	Одржување на Спортска сала за ЈП“Куманово Паркинг “	1.500.000,00
28	Одржување и санација на општинска зграда на К.П.14590 КОКуманово (замена на столарија ,водоводна мрежа,фекална канализација и друго)	3.000.000,00
39	Изработка на помошни објекти (гаражи) за паркирање на против пожарни возила за :с.Орашац,с.Табановце и с.Клечовце	6.000.000,00
30	Изработка на техничка документација за пешачки зони во централно градско подрачје	555.912,00
	ВКУПНО Њ :	194.355.912,00

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината Куманово.

Измени и дополнувања на Програмата и прераспределба на средствата од една во друга позиција, се врши во иста постапка како и за донесување на нова Програма.
За започнатите постапки за издавање на одобрение за градење кои не е издадена потврда за заверка на проектна документација до денот на влегување во сила на оваа Програма, постапката ќе продолжи со примена на одредбите од оваа Програма.
За издадените Одобренија за градење чија важност е истечена, продолжување на нивната важност, односно за издавање на ново Одобрение за градење постапката ќе се спроведе со примена на одредбите од оваа Програма.
Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово", а ќе се применува од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година.

Бр. 09 – 18303/34
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

744.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2026 година

1. Се објавува Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/35, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18773/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

745.

Врз основа на член 14 став 4 и член 61 став 2 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150//15, 31/16, 71/16 и 163/16 „Службен весник на РСМ” бр. 174/21.253/23, 224/24 и 135/25) и член 25, став 1, точка 12 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово“ бр. 13/03, 13/07, 8/15 , 11/19 и 12/21) , Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општината Куманово за 2026 година

В О В Е Д

Согласно Законот за јавните патишта, изградбата, реконструкцијата, одржувањето и заштитата на локалните патишта и улици во населените места, се во надлежност на Општината преку предходно донесена Годишната програма која е во директна зависност од средствата што ќе се обезбедат за нејзина реализација. Финансирањето на оваа програма е од повеќе извори и тоа: Јавно претпријатие за државни патишта -Скопје, Агенција за

финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој - Скопје и учество на месното население.

Од Јавно претпријатие за државни патишта -Скопје , за тековната година не се предвидуваат средства,туку ако се обезбедат средства од домашни и странски донатори, а ако има доволно финансиски средства дел ќе бидат и од страна на локалната самоуправа.

Како извор на финансирање на оваа програма се и средствата што ги обезбедува Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој - Скопје, до определена инвестициона вредност на објектот (80%), а останатиот дел (20%) е учество на донации.

Со новата територијална поделба објавена во Службен весник на РМ бр.55 од 16 август 2004 година и бр. 149 од 13.09.2014 год. на територија на Општина Куманово припаѓаат следните села: Агино Село, Бедиње, Бељаковце, Биљановце, Брзак, Вак ′в , Винце,Воиновиќи, Габреш, Горно Којнаре, Градиште, Дл ′га, Доброшане, Довезенце, Долно Којнаре, Живиње, Зубовце, Јачинце, Карабичане, Клечовце, Кокошиње, Колицко, Косматац,Костурник, Кутлибег, Кучкарево, К′шање, Лопате, Љубодраг, Мургаш, Ново Село, Новосењане, Орашац, Пезово, Проевце, Пчиња,Режановце, Речица, Романовце, Скачковце, Сопот, Студена Бара, Сушево, Табановце, Тромеѓа, Умин Дол, Черкези, Четирце и Шупљи Камен.

По овој основ може да се користат средствата само за населени места во Општината Куманово кои се наоѓаат во подрачјата кои имаат статус на специфични подрачја и тоа:

Во изразито-неразвиени подрачја спаѓаат: Бељаковце, Габреш, Градиште, Довезенце, Живиње, Јачинце ,Косматац ,с.Винце, с.Вакв, с.Длга, К′шање, Колицко, Кутлибег, Кучкарево,Мургаш ,Новосељане , Пезово ,Пчиња , Скачковце Четирце и Шупљи Камен.

Во погранични подрачја спаѓаат:Карабичане , Сопот ,Сушево и Табановце.

Во ридско-планининско подрачје спаѓа:Кокошиње.

Во останати населени места спаѓаат сите населени места со новата територијална поделба а не се наведени во горе наведениеподрачја.

АКТИВНОСТИ

Во тековната 2026 година према одредени очекувања за обезбедување на средства по наведените основи се предвидува да се градат следните локални патишта и улици:

ЛОКАЛНИ ПАТИШТА:

1.Локалниот пат с.Сопот - с.Сушево во должина од 2,5км.

Финансова конструкција:

-Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој

- Јавно претпријатие за државни патишта

-Влада на Република Северна Македонија

2.Локалниот пат с.Тромеѓа- с.Клечовце

Финансова конструкција:

-Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој

- Јавно претпријатие за државни патишта

-Влада на Република Северна Македонија

-Донации

3.Изградба на долен строј и танпонирање на :

3.1 сообраќајница на стар пат за МЗ..П.Чичо (кон школо) со Л=1.20 км
3.2 сообраќајница во с.Умин дол со Л=0.25 км (200 м^3)
3.3 сообраќајница во с.Четирце со Л=0.55 км
3.4 сообраќајница во с.Љубодраг со Л=0.20 км (150 м^3)
3.5 сообраќајница во с.Ново село со Л=0.50 км (375 м^3)
3.6 сообраќајници во с.Черкези со Л=1.00 км
3.7 сообраќајница во с.Режановце (према гробишта) со Л=0.55 км
3.8 сообраќајница во с.Речица(према гробишта и према школа) со Л=0.70 км
3.9 сообраќајници во с.Агино село (од железничка станица до гробишта)со Л=1.27км
3.10 сообраќајници во с.Лопате со Л=2.00км
3.11 сообраќајница во М.З.Ајдучка Чешма со Л=1.00 км
3.12 сообраќајница во М.З.Иго Тричковиќ (Пуковско) со Л=1.00 км
3.13 сообраќајница во с.Горно Којнаре со Л=0.95км
3.14 сообраќајница во Бејтови ниви со Л=0.89км
3.15 сообраќајница во с.Тромеѓа (од центар до долно мало) со Л=1.00 км
3.16 сообраќајница во с.Брзак (од железничка пруга до патот) со Л=0.20 км (150 м^3)

Финансиската конструкција:
- Јавно претпријатие за државни патишта
-Месно население
-Странски донатори
-Донација на АРМ на РМ
-Општина Куманово (ЕЛС)

Изградба на долен строј,дотанпонирање и асфалтирање на:

3.17. Асфалтирање на дел од сообраќајница за во с.Лопате (од главниот регионален пат помеѓу две Општини Куманово -Липково) со L=2 000 м^1 и тоа на делница каде што е изградена фекалната канализација во самото село.

Финансиската конструкција:
-Донација од правно лице
-Донација на месно население
-Општина Куманово (ЕЛС)

3.18. Танпонирање и асфалтирање на дел од сообраќајница за во с.Романовце во Ш=3.0м и Л=1 500.00 м^1

Финансиската конструкција:
-Донација од правно лице
-Донација на месно население
-Општина Куманово (ЕЛС)

3.19 Дотанпонирање и асфалтирање на сообраќајница од с.Агино Село до с. Брзак во Л=2,1км и Ш=3,00м

Финансиската конструкција:

- Јавно претпријатие за државни патишта
- Општина Куманово(ЕЛС)

4.Тампонирање на улици во населените места на територија на Општината Куманово на кои ќе се јави потреба предизвикана од виша сила (атмосферски влијанија)

Финансиската конструкција:

-Влада на Република Северна Македонија

-Донација од правно лице

-Донација на АРМ на РСМ

5.Одржување на локални патишта во Општината

(летно крпење на ударни дупки и зимско одржување од подмразица и снег)

Финансиската конструкција:

-Општина Куманово

6.Изработка на техничка документација за улици во населено место Тромеѓа во должина од 4 000.00 м^1.

7.Изработка на техничка документација за локален пат с. Агино село-с.Умин Дол

Финансиската конструкција:

-Општина Куманово

8.Изработка на техничка документација за населба Ајдучка чешма –Зебарњак кон.с.Младо Нагоричани во должина Л=2 921,00 м^1

Финансова конструкција:

-Општина Куманово и Центар за развој на североисточен плански регион

9.Изработка на техничка документација за локален пат с.Студена бара до с.Горно Којнаре (Скопско)

Финансиската конструкција:

-Странски донатори

-Општина Куманово

10.Изработка на техничка документација на сообраќајница во М.З. Иго Тричковиќ (Пуковско) со Л=1.95 км

- Финансиската конструкција:

-Општина Куманово

- Странски донатори

11.Изградба на дел од локалниот пат и изградба на армирано бетонски плочаст и цевасти пропуст за с.Кокошиње
во должина од 0.72км.
Финансова конструкција:
-Агенција за финансиска подршка на земјоделството и руралниот развој
-Општина Куманово

12.Изградба на долен строј и танпонирање на :
12.1 Сообраќајница на стар пат за с.Зубовце - с.Орашац

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општината Куманово.

2. Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово", а ќе се применува од 1 јануари 2026 година до 31 декември 2026 година.

Бр. 09 –18303/35
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

746.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/36, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18772/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

747.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на ден 29 декемеври 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово за 2026 година

ВОВЕД

Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој. Еколошките ризици, да не заборавиме, се една од најважните одредници на здравјето и благосостојбата на луѓето.

Амбиентиот воздух во нашата урбано – индустриска средина има нарушен квалитет, а во зимскиот период од годината ја надминува дозволената граница за повеќе пати, што сериозно го загрозува здравјето на населението. Во градот дополнителен проблем претставува бучавата. Регистрирани се докази дека овие два ризика имаат штетни ефекти врз здравјето, пред сè кај децата.

Прекумерната урбанизација и моторизација, како и демографската миграција, се нагласен проблем на нашето опкружување. Проблемот околу отстранувањето и пречистувањето на цврстиот и течниот отпад директно влијае врз квалитетот на животната средина, а индиректно и на здравјето на населението. Овие состојби и неизбежната експанзија на консумирачкото општество можат да ги доведат во опасност не само безбедноста и квалитетот на водата за пиење, туку и безбедноста на храната.

Регистрираните индустриски жешки точки, кои се провлекуваат подолг период и чие решавање ги надминува ингеренциите и можностите на локалната самоуправа, како и сè поголемите ефекти од климатските промени ја комплетираат сликата за исклучително сериозната закана за можноста за загрозување на сите медиуми на животната средина, а со тоа и неопходноста од тесна соработка на локално ниво и стратегиска, интерсекторска интервенција на сите нивоа во државата.

Кон наведеното, несомнена е потребата за унапредување на животните стилови и навики на населението во испреплетените сегменти на оваа област што бара системски и силни едукативни и промотивни активности и размена на информации, но и неизбежно вклучување на граѓанското општество во процесот на здравје и животна средина.

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на Општина Куманово е постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите

медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните.

ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, заради што Општина Куманово е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства. При реализирање на програмата ќе се води сметка за внесување на родовата перспектива во сите фази од спроведувањето на програмата.

Програма ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Куманово за 2026 година, преку конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздухот, водата и почвата) и области на животната средина (отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот, климата, енергетската ефикасност) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Со Програмата се дефинираат целите, конкретните проекти и потребните финансиски средства.

ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИ ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Вкупните потребни средства, од Буџетот на Општина Куманово и од одредени донации, за реализирање на активностите за заштита на животната средина на подрачјето на Општина Куманово за 2026 година, по области, се следниве:

	Област / дејност	*Потребни средства*
1.	Заштита на амбиентен воздух	7.700.000,00
2.	Отпад	5.700.000,00
3.	Климатски промени	/
4.	Унапредување на зелени површини	3.800.000,00
5.	Заштита и оплеменување на локалитетите	200.000,00
6.	Енергетска ефикасност	2.100.000,00
7.	Заштита и благосостојба на животните	1.500.000,00
8.	Мониторинг на животната средина	200.000,00
9.	Репрезентација (работилници, печатење, флаери, форуми)	50.000,00
	Вкупно	21.250.000,00

ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2026ГОД.

1. ЗАШТИТА НА АМБИЕНТЕН ВОЗДУХ

Целта на оваа активност е подобрување на квалитетот на воздухот во Општина Куманово, со тоа и на здравјето на луѓето, согласно регулативата за квалитет на амбиентниот воздух. Загадувањето на воздухот во поголемите урбани средини е нормална појава. Голем број на фактори учествуваат воздухот да биде загаден од различни извори. Затоа првично треба да се проучат загадувачите и на нив превентивно да се делува но и да

се превземат мерки за намалување на загадувачите со различни програми, методи и други активности.

1.1. Одржување на воспоставена мрежа за мониторирање на амбиентен воздух и бучава на територијата на Општина Куманово

Цел:
Одржувањето на воспоставената мрежа е со цел да се врши континуиран мониторинг на амбиентниот воздух и бучава на територија на Општина Куманово, согласно Законот за животна средина и просторно планирање.

Образложение:
Начинот, условите и постапката за воспоставување и работење на мрежа за мониторинг на извори на загадување, како и условите и постапката на доставување на информации од мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух ги пропишува орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на животната средина во согласност со орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството. Преку ваквите компаративни мерење се потврдува точноста на добиените податоци и се детерминира улогата на самата мониторинг мрежа.

Активности:
Поставената мрежа за мониторинг на амбиентниот воздух и бучава на територија на Општина Куманово, потребно е:
- тековно одржување на мрежата за следење, односно мерните станици,
- калибрација на истите согласно позитивни законски прописи.

На веб страна на Општина Куманово има поставена веб апликација EKODATA.LIFE на која се достапни информации за квалитет на воздух и бучава преку поставените мерни инструменти кои се лоцирани на следните 6 (шест) локации на територијата на општината: Противпожарна станица, Занатски дом, Дом за стари лица „Зафир Сајто“, ОУ„Кочо Рацин“, СОУ„Наце Буѓони“ и ОУ„Магдалена Антова“.

Потребни средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 100.000, 00 денари.

Извршител:
Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор по пат на јавна набавка.

1.2 Надоместување на дел од трошоците - субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот за приклучување на гасификационен систем во Општина Куманово за 2026 година

Цел:
Примена на мерка за намалување на загадувањето на воздухот во градот.

Образложение:

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Куманово, е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите со печки на дрва, чиј чад претставува една од главните причини за зголемената загаденост на воздухот, пред се заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки.

Целта на субвенционирањето на граѓаните е поттикнување на примена на почист енергенс односно:

- Промовирање на енергетската ефикасност преку користење на гас за загревање;
- Едуцирање и поттикнување на населението за користење на скоро 100% искористливиот, финансиски достапен и еколошки прифатлив енергенс, во соработка со Граѓански организации од областа на климатските промени и родовата еднаквост и животната средина.
- Заштита на животната средина и природата.

Надоместок на дел од трошоците во вредност од 25.000,00 денари.

Активности:

Еден од приоритетите на Општина Куманово е да се реши проблемот со нарушениот квалитет на амбиентниот воздух на подрачјето на Општина Куманово. Заради таа намена ќе се изготви Програмата за субвенционирање на граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа на подрачјето на Општина Куманово за 2026 година.

Во Програмата ќе бидат дефинирани следните активности:

- Објавување на јавен повик за надоместување на дел од трошоците за граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа во Општина Куманово, на веб страната на Општина Куманово и во печатени и електронски медиуми;
- Пријавување на граѓаните за добивање субвенција преку пополнување на образец, изготвен за таа намена, кој содржи потребни податоци за лицето што се пријавува на повикот;
- Проверка на пристигнатите пријави и документација од страна на комисија формирана за таа намена;
- Контрола на терен за веродостојноста на набавката,
- Исплата на субвенции.

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 300.000,00 денари.

Извршител:

Активностите ќе ги спроведе Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата и Секторот за финансии.

1.3. Кампања за подигање на еколошката свест „Куманово мој зелен дом“

Цел:
Подигање на јавната свест за негативните последици од палењето отпад, управувањето со отпад, како и едукација и користење несоодветни горива за затоплување ќе се врши во соработка со Граѓански организации од областа на климатските промени и родовата еднаквост и заштита на животна средина и природата.

Образложение:
Загадувањето на воздухот и управувањето со отпад се најголем еколошки проблем на градот. Населението очекува разрешување на овој проблем, но без организиран и зеднички пристап, тоа е невозможно. Потребно е систематско и континуирано влијание за промена на навиките и едукации од најмала возраст, градинки и школи.

Активности:
Подигање на Еколошката свест преко кампања „Куманово мој зелен дом". Активностите ќе ги спроведе Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата и Секторот за Образование.

Потребни финансиски средства:
За оваа активност се предвидуваат средства од фондови и донации во износ од 300.000,00 денари.

1.4. Проект за заштита на амбиентен воздух во рамки на проектот „Справување со загадувањето на воздухот"

Цел:
Целта на оваа активност е подобрување на квалитетот на воздухот во Општина Куманово, со тоа и на здравјето на луѓето, согласно регулативата за квалитет на амбиентниот воздух.

Образложение:
Во рамки на проектот „Справување со загадувањето на воздухот" кој го имплементира Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) во партнерство со Министерството за животна средина и просторно планирање и општините Кавадарци, Куманово, Гостивар, Струга и Струмица. Овој проект е дел од Програмската рамка на УНДП, финансирана од Шведска.
Во рамки на програмата исто така се спроведува и проектот „Градење на општинските капацитети за имплементација на проекти".

Активности:
Општина Куманово во соработка со граѓанските организации и Обединетите нации (УНДП) на заеднички средби-форуми ја определи активност која се реализираше во 2025 година, енергетски ефикасна фасада на Основното училиште„Браќа Миладиновци" и „Крсте Мисирков". Во текот на 2026 година ќе се имплеметира енергетски ефикасна фасада, реконструкција на кров и нови прозорци и целосна замена на ПП3 опрема согласно

Елаборат за ППЗ, на Музичко училиште „Панче Пешев“, како втора мерка одбрана на граѓански форум.

Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 3.000.000, 00 денари.

Извршител:
Извршителот ќе биде избран по пат на јавна набавка, од страна на УНДП кој го реализира проектот „Справување со загадување на воздухот“.

1.5. Субвенционирање на граѓаните и набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување за 2026 година

Цел:
Примеа на мерка за намалување на загадувањето на воздухот во градот, согласно План за квалитет на воздух на амбиенталниот воздух за Општина Куманово.

Образложение:
Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Куманово, е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите со печки на дрва, чиј чад претставува една од главните причини за зголемената загаденост на воздухот, пред се заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки.

Активности:
Согласно Планот за подобрување на квалитетот на воздухот, Општина Куманово спроведува низа активности насочени кон намалување на загадувањето на воздухот и унапредување на животната средина. Мерката има двојна функција: намалување на внатрешно и надворешно загадување. Сиромашната популација на ниво на индивидуа и домаќинство се јавува како најголем емитер, а воедно и како најзагрозена категорија граѓани од внатрешно и надворешно загадување. Надоместување на трошоци за поставување, согласно услови кои ќе бидат детално наведени во јавен повик кој ќе биде објавен на веб страна на Општина Куманово.
Потребни финансиски средства:
За оваа активност се предвидуваат средства во износ од 3.000.000,00 ден од фондови на ЕУ и донации.

1.6 Субвенционирање на домаќинства на граѓаните на територија на Општина Куманово за надоместување на дел од трошоците за чистење оџаци за 2026година.

Цел

Целта на мерката е намалување на загадувањето на воздухот предизвикано од индивидуалните системи за греење во домаќинствата на подрачјето на Општина Куманово. Со редовно и стручно чистење на оџаците се подобрува ефикасноста на согорувањето и се намалува емисијата на штетни материи. Истовремено, мерката придонесува и за зголемување на безбедноста во домаќинствата.

Образложение

Индивидуалното греење на дрва претставува значаен извор на загадување на амбиентниот воздух во Општина Куманово, особено во грејната сезона. Нередовното одржување на оџаците доведува до нецелосно согорување и зголемени емисии на ПМ честички и други загадувачки материи. Со субвенционирање на дел од трошоците се поттикнуваат граѓаните да вршат редовно чистење на оџаците.

Активности

Општина Куманово преку Програма за субвенционирање на домаќинства на граѓаните на територија на Општина Куманово за надоместување на дел од трошоците за чистење оџаци ќе објави јавен повик за субвенционирање на домаќинствата за извршено чистење на оџаци во 2026 година. Ќе се врши надоместување на дел од трошоците врз основа на доставена валидна документација од овластени извршители со точно наведени насоки во Јавен повик.

Потребни финансиски средства:

За оваа активност се потребни потребни финансиски средства во износ од 1.000.000,00ден преку користење на фондови.

2. ОТПАД

2.1. Санација и уредување на депонија Краста

Цел:

Затварање на нестандардизираната депонија Краста

Образложение:

Согласно планираните проекти за воспоставување на интегриран самоодржлив систем за управување со отпад во источниот и североисточниот регион, финансиран од ЕУ преку ИПА 2 програма, во текот на 2026 година треба да ја започне постапката со затворањето на сите нестандардизирани депонии кои во овој момент се користат за депонирање на комунален отпад од страна на општините. На постоечката депонија „Краста“ освен што ќе биде затворена, на еден дел од просторот ќе се започне со изградба на претоварна станица за собирање на комуналниот отпад кој понатаму истиот ќе се транспортира до регионалната депонија во Свети Николе.

Активности:

Поддршка за спроведување на овој проект и соработка со сите релевантни министерства и други засегнати чинители со цел успешно имплементирање на проектот.

Потребни финансиски средства:
За овој проект веќе се обезбедени средства од ЕУ.

Извршител:
Министерство за животна средина и просторно планирање, Општина Куманово и ЈП„Чистота и Зеленило“.

2.2. Расчистување на ѓубришта – диви депонии

Цел:
Расчистување и рекултивирање на локации каде што непрописно се одлага отпад

Образложение:
Службите на Општина Куманово досега имаат регистрирано вкупно 23 локации каде несовесните граѓани одлагаат различен вид на отпад, од комунален, животински, градежен до опасен отпад. Проценката е дека има околу 6000м3 отпад на споменатите локации. Поради близината на овие т.н. опасни жаришта до самиот град, општина Куманово и ЈКП „Чистота и Зеленило“ предвидува во најкраток можен рок истите да бидат исчистени, а самите локации да бидат пошумени или рекултивирани.

Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово во износ од 2.000.000,00 денари. Реализација согласно Договор од 2025год и Анекс на Договор.

Извршител:
Општина Куманово и ЈП„Чистота и Зеленило“

2.3. Изготвување на техничка документација и определување на локации предвидени за одлагање на отпад – Собирни места, центри.

Цел:
Определување и изградба на локации за одлагање на инертен отпад (градежен шут), електричен и електонски отпад, кабаст отпад, отпад од текстил, гуми и слично на т.н. собирни места, центри.

Образложение:
Една од законските обврски на Општина Куманово е да обезбеди соодветни локации каде што ќе се изградат овие инсталации за превземање на отпадот кој има значително влијание на лошата состојбата во однос на животната средина во Општина Куманово.

Активности:

Подготовка на техничка документација и изградба на Собирни места, центри

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 1.500.000,00 денари. Од средствата 100.000,00денари се наменети за подготовка на техничка документација, а останатиот износ од 1.400.000,00 за изградба на собирен места, центри.

Извршител:

Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор по пат на јавна набавка.

2.4. Набавка на опрема за управување со комунален отпад-полуподземни контејнери

Цел:

Набавка и поставување на опрема за управување со отпад-полуподземни контејнери наменети за комунален отпад во централното градско подрачје.

Образложение:

Законска обврска на општината е да обезбеди организирано превземање на комунален отпад кој има значително влијание на лошата состојбата во однос на животната средина во Општина Куманово

Активности:

Поставување на контејнери на соодветни локации за превземање на комунален отпад.

Потребни финансиски средства:

За овој проект се предвидуваат средства од фондови на ЕУ.

2.5. Паметно управување со отпад од пакување – поставување на Вендинг машини за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки

Цел:

Општина Куманово е приклучена во проект од јавен интерес „Паметно управување со отпад од пакување“ со поставување на опрема за управување со отпад од пакување - Вендинг машини за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки во централното градско подрачје.

Образложение:

Законска обврска на општината е да обезбеди организирано управување со отпад од пакување кој има значително влијание на лошата состојбата во однос на животната средина во Општина Куманово.

Своите обврски ќе ги исполни Општина Куманово со учество во проект од јавен интерес на ПАКОМАК ДОО во партнерство со Швајцарската амбасада во РСМ и тоа – Smart систем за управување со отпад од пакување.

Преку поставување на дополнителни вендинг машини- Пластикмат, Општина Куманово во соработка со повеќе институции и компании од земјата ќе допринесе за:

- Создавање на навики кај населението за селектираното собирање на отпадот од пакување и негово рециклирање;
- Подигнување на еколошката свест за придобивките од селектираното собирање на отпадот и бенефитите од истото во насока на заштитата и унапредувањето на животната средина;
- Економски бенефит за граѓаните преку собирање на „зелени поени„ кои ќе се трансферираат во парична вредност и ќе се користат за ваучери за купување на производи;
- Намалување на количините на отпад од пакување кој завршува на јавен простор на територија на општината а со тоа и намалување на трошокот на општината за собирање на истиот;
- Помагање во одржување на еколошки чиста општина.

Активности:

- Поставување на вендинг машини на соодветни локации за превземање на пластичен отпад.
- При користењето на повратните вендинг машини од страна на корисниците, за секое поединечно користење се акумулираат „зелени поени„ на мобилна апликација.

1 (еден) „зелен поен„ кој се доделува за собрано 1(едно) ПЕТ шише или 1(една) лименка има парична вредност од 0,5 МКД,

- Акумулираната парична вредност на мобилната апликација корисниците може да ја користат за ваучери за купување на производи.

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 200.000,00 денари.

Извршител:

Општина Куманово ќе партиципира во трошоците за реализација на проектот „ Smart систем за управување со отпад од пакување„ односно ќе го преземе финансирањето на зелените поени доделени на граѓаните за користењето на повратните вендинг машини.

2.6. Чистење и одржување на речно корито

Цел:

Чистење на речно корито од трева, нискостеблести растенија и отпад, кои го попречуваат нормалниот проток на вода во случај на поројни дождови.

Образложение:

Чистењето на речно корито ќе се врши машинско со крупна механизација со остранување на нанесена земја и нискостеблеста вегетација, како и од различен вид на комунален, животински и градежен отпад кој несовесните граѓани го одлагаат.

Покрај чистењето на речното корито од наноси, ќе се врши и уредување на истото заради заштита од поткопување на кејскиот ѕид и поплави.

Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 2.000.000,00 денари.

Извршител:
Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор по пат на јавна набавка.

3. КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

3.1. Изготвување на годишната програма за мезометеоролошки мерења во Општина Куманово за 2026 година

Цел:
Добивање податоци за метеоролошките состојби, релевантни за квалитетот на амбиентниот воздух.

Образложение:
- Реализација на микроклиматски мониторинг согласно обврската од Стратегијата за адаптација на климатските промени во Република Северна Македонија
- Добивање податоци за влијанието на климатските услови и климата врз квалитетот на воздухот во градот
- Добивање податоци неопходни при појава на топлотни бранови и студени бранови во вонредни метеоролошки услови, како и при појава на загадување на воздухот при температурни инверзии (во делот на предвидување на истите).

Активности:
- Изготвување Програма за мезометеоролошки мерења;
- Спроведување на мерењата;
- Изготвување завршен елаборат.

Потребни финансиски средства:
За овој проект се предвидуваат средства од фондови на ЕУ.

3.2. Намалување и прилагодување на климатските промени за Општина Куманово

Цел:
Заштита и унапредување на квалитетот на животот на граѓаните на Куманово преку спроведување на одржлив развој, помагање на граѓаните и институциите да се подготват за последиците од климатските промени и екстремните временски услови и согледување на активностите за намалување на причините за климатски промени.

Образложение:

Климатските промени се најголема глобална закана на 21-от век. Тие се реалност и неминовни од начинот на кој функционира развиениот свет. Последиците од климатските промени се непредвидливи, а секако големи, разорни и фатални. Најголеми последици ќе имаат урбаните средини, каде е најголема концентрацијата на луѓето и кои воедно се најголеми причинители на климатските промени. Само средините што ќе успеат да ги испланираат своите активности за справување со климатските промени имаат непречена иднина.

Активности:

Стратегија за намалување и прилагодување на климатските промени со внесена родова перспектива во стратегијата.

За 2026 година се предвидени активности за зголемување на зелениот фонд, како мерка за адаптирање на климатските промени, на еден нов начин:

- Изработка на зелени кровови на јавни објекти во централното градско подрачје, каде недостасува зеленило, во соработка со соодветните институции во чија надлежност се наоѓаат (Основни и Средни училишта, Јавни претпријатија и др.)
- Изработка на зелени завеси за обвивање на некои објекти (метална конструкција со џепови за садење соодветни растенија и систем капка по капка за наводнување).
- Инсталирање и поставување на систем за наводнување капка по капка на дрворедите и жардињерите на булеварите 3-та МУБ и Октомвриска Револуција, и во централно градско подрачје.
- Изработка на анализа за различното влијание на климатските промени врз жените и мажите.

Бенефитот од овие активности:

- зголемување на зелениот фонд,
- прочистување на воздухот,
- намалување на температурите во летниот период ,
- внесување свежина во просторот, создадена од зелената маса,
- подигање на јавната свест,
- естетски елемент.

Во горе предвидените активности ќе бидат вклучени Граѓански Организации од областа на заштита на животна средина, климатски промени и родова еднаквост.

Потребни финансиски средства:

За овој проект се предвидуваат средства од фондови на ЕУ.

4. УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ

4.1. Изработка на Зелен катастар на Општина Куманово и Студија за озеленување на

Цел:

Постигнат повисок степен на заштита и унапредување на јавните зелени површини на Општина Куманово со помош на обезбедување просторни податоци за обемот и видот на зеленилото.

Образложение:

Согласно Закон за Урбано зеленило, овој документ е основа за унапредувањето на јавните зелени урбани површини со оглед на фактот што зеленилото, покрај функционалните, рекреативните, амбиенталните и социјалните функции, придонесува подеднакво кон намалувањето и адаптирањето на климатските промени. Со Зелениот катастар ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото, во функција на урбанистичкото планирање, со крајна цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели.

Активности:
Опфаќање на зеленилото на јавните, образовните и други институции, што е дел од зелениот фонд на градот.

Потребни финансиски средства: За оваа активност се предвидуваат средства во износ од 2.000.000 денари преку користење на фондови и донации.

4.2. Подигнување на нови зелени површини

Цел:
Подигнување на нови зелени површини, пошумување и уредување на запуштени зелени површини.

Образложение:
Пошумување или т.н. вештачка регенерација, како метод за подигање на нови зелени површини подразбира и практикува засадување по сеча на дрвја, засадување на голи неплодни и ерозивни земјишта и создавање на нови насади. Пошумените предели се пресудни за урамнотежување на водните режими, заштита од ерозии и порои, особено кај малите водотеци.

Активности:
Пошумумање на голи површини, површини кои биле зафатени од пожар или на кои имало извршено санитарна сеча. Пошумувањето ќе се врши со едногодишни садници и повеќегодишни садници, со што на наведените локации бенефитот од извршените акции ќе биде видлив во блиска иднина.

Потребни средства: За оваа активност се предвидуваат средства во износ од 1.000.000,00 денари преку користење на фондови и донации.

4.3. Сечење, односно кастрење на оштетени дрва, грмушки и жива ограда на јавна површина на територијата на Општина Куманово

Цел:
Спроведување на постапката за сечење, односно кастрење на јавно зеленило или останато зеленило на јавна површина на територијата на Општина Куманово.

Образложение:
Заради спроведување на постапката за утврдување на потребата за сечење, односно кастрење на јавно зеленило или останато зеленило на јавни површини на подрачјето на Општина Куманово, е формирана Комисија која со Решение го задолжува ЈП Чистота и

зеленило за вршење на работа сечење, односно кастрење на јавно зеленило или останато зеленило на јавни површини на подрачјето на Општина Куманово.

Активности:

Активности се спроведуваат заради извршување на следниве услуги:

- сечење на стебло кое е труло и распукано по целата должина и претставува сериозна опасност да падне и причини материјална штета;
- дрвото е премногу блиску до објектот и неговите гранки удираат во жици од електрична инсталација и претставуваат опасност да причини материјална штета,
- дрвјата пречат за изградба и реконструкција на проекти за инфраструктура.

Потребни средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово износ од 800.000,00 денари.(согласно договор од 2025год.)

Извршител:

Општина Куманово и ЈП Чистота и зеленило.

5. ЗАШТИТА И ОПЛЕМЕНУВАЊЕ НА КУЛТУРНО ИСТОРИСКИ СПОМЕНИЦИ И ПРИРОДНИ БОГАТСТВА ВО ОПШТИНА КУМАНОВО

5.1 Оплеменување на локалитети кои значат за културно историски споменици во Општина Куманово

Цел:

Уредување и оплеменување на просторот каде се лоцирани културно историски споменици.

Образложение:

Еден од приоритетите на Општина Куманово е да го уреди просторот каде се лоцирани културно историските споменици за да можат овие локации да бидат потенцијал за излетнички места. Со ова ќе допринесеме за поголема заштита и унапредување на зелените површини во општината, како и за почист воздух во нашиот град.

Активности:

Темелно чистење на спомениците и на локалитетите;
Садење на садници и пошумување;
Хортикултурно уредување.

Потребни финансиски средства:

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 200.000,00 денари.

Извршител:

Консултанстски компании, Здруженија на граѓани и слично изберени по пат на јавна набавка во соработка со Општина Куманово и ЈП „Чистота и зеленило“.

6.ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

6.1. Проекти за енергетска ефикасност на Општина Куманово

– мерка инсталирање нови парни котли на гас и регулатори за парно греење

Цел:

Зголемување на енергетската ефикасност во јавните објекти и остварување на заштеди на електрична енергија , согласно Програма за енергетска ефикасност на Општина Куманово за 2025-2027 година.

Образложение:

Заради успешна реализација на проектитите за енергетска ефикасност, Општина Куманово ќе превземе низа активности и мерки со инсталирање нови парни котли на гас и регулатори за парно греење во четири објекти. Со реализирање на активноста ќе се постигне зголемување на енергетската ефикасност во јавните објекти и остварување на заштеди на електрична енергија. Активноста ќе се реализира во следниве објекти:

- ООУ „Вук Караџиќ“
- ООУ „ Наим Фрашери“
- Градинка Ангел Шајче, објект Синоличка и
- Здравствен Дом- Куманово.

Активности:

Проектната активност ќе биде реализирана согласно Меморандумот за разбирање, помеѓу Општина Куманово и Канцеларија на Обединети Нации за проектни услуги (УНОПС), во рамки на Проектот „ЕУ за чист воздух“ дел од програмата ЕУ Стандарди за животна средина и проекти за чист воздух ИПА 2021.

Трошоците направени за приклучоци на општинските објекти ќе бидат покриени од страна на Општина Куманово, додека сите останати трошоци ќе бидат покриени од страна на Европска Унија.

Финансирање:

Финансиски средства за проектот ќе бидат покриени од страна на Буџетот на Општина Куманово и Буџетот на фондови на Европска Унија.

За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 2.100.000,00 денари.

За сите останати трошоци се предвидуваат финансиски средства од фондот на ЕУ.

Извршител:

Општина Куманово и ЈП Куманово-Гас, по пат на јавна набавка.

7. ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

7.1 Решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Куманово

Цел:

Спроведување на постапката за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Куманово се врши заради решавање на проблемот сврзан со зголеменото присуство на кучиња скитници, односно за контрола на нивниот број на јавните површини на територијата на Општина Куманово.

Образложение:
Еден од приоритетите на Општина Куманово е да се реши проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Куманово. Заради таа намена е изготвена ПРОГРАМА за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Куманово. Согласно Програмата се врши избор на економски оператор. Економски оператор избран по пат на јавна набавка има обврски да врши на хуман начин третирање на животните кучиња скитници со стерилизација на здравите животни и создавање на услови за нивен хуман понатамошен третман и еутаназија на оние животни кои ги исполнуваат критериумите согласно Законот за заштита и благосостојба на животните.

Активности:
Во постапката за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Куманово предвидени се следниве активности:

- заловување на животните,
- нивниот транспорт до стационарот,
- прием и клинички преглед,
- вакцинација и дехелментација
- идентификација и водење евиденција,
- стерилизација
- постоперативно сместување
- транспорт на животните до приближното место од каде се заловени,
- еутаназија на болни и опасни по срединатa животни.
- еутаназија на кучиња кај кои е искористена можноста за вдомување

Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 1.500.000,00 денари.

Извршител:
Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор по пат на јавна набавка.

8. МОНИТОРИНГ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

8.1 Ангажирање на акредитирана лабораторија за вршење на мерења во животната средина

Цел:
Спроведување на постапката е со цел мониторинг во животната средина каде ќе се вршат мерења на параметри на амбиентниот воздух, бучава и вода на територија на Општина Куманово, согласно Законот за амбиентен воздух, закон за бучава и закон за води.

Образложение:
Еден од приоритетите на Општина Куманово е да се реши проблемот при вршење на инспекциски надзор во животната средина на подрачјето на Општина Куманово. Услугите на акредитираната лабораторија ќе се користат при вршење на инспекциски надзор на правни субјекти, а заради утврдување на влијание на правниот субјект врз животната средина.

Активности:
Ангажирање на акредитирана лабораторија за врешење на мерење во животната средина согласно:

- закон за бучава
- закон за заштита на амбиентен воздух
- закон за води.

Потребни финансиски средства:
За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 200.000,00 денари.

Извршител:
Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор по пат на јавна набавка.

9. РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Цел: обезбедување услови за ефикасна комуникација и соработка помеѓу сите засегнати страни во областа на заштитата на животната средина. Преку организирање работни состаноци и консултативни средби се овозможува усогласување на ставови и координирано спроведување на еколошките политики. Ова придонесува кон подобро планирање и успешна реализација на предвидените активности.

Образложение: За реализација на програмските цели неопходно е одржување на работни состаноци, јавни расправи и настани со релевантни институции и стручна јавност. Трошоците за репрезентација се директно поврзани со овие активности и овозможуваат нивно непречено спроведување. На овој начин се обезбедува транспарентност, размена на информации и подигнување на јавната свест за прашањата од областа на животната средина.

Активности: Организирање на работни состаноци и консултативни средби со претставници на институции, експерти и граѓански организации. Ќе се спроведуваат јавни настани и презентации поврзани со планирање и имплементација на еколошки мерки, печатење на материјали, видео записи. Активностите ќе се реализираат со рационално користење на средствата и примена на принципи за заштита на животната средина.

Потребни финансиски средства: За оваа активност предвидени се финансиски средства од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година во износ од 50.000 денари.

Извршител:
Општина Куманово со ангажирање на најповолен економски оператор.

10. СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДЕНИ ЗАКОНСКИ ПРОЦЕДУРИ

Законот за животната средина предвидува обврски за изработка на различни стратешки документи во процесот на планирање и спроведување на планови и конкретни активности, оценки, еколошки дозволи и сл., кои се неопходни во процесот на носење на одлуки за животната средина.

Законски процедури кои Општина Куманово ги спроведува како надлежен орган

Издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за работење на инсталациите кои влијаат врз животната средина

Цел:
Задоволени одредби од чл. 122 од Законот за животната средина.

Образложение:
Општина Куманово е должна да ја спроведува процедурата за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи за инсталации кои според Законот подлежат на оваа процедура.

Активности:
Активностите за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи се одвиваат согласно сложена и обемна, законски пропишана процедура. Интегрираната дозвола ги опфаќа сите влијанија на инсталацијата врз животната средина, а целта на дозволата, преку Програмите за подобрување, е нивно сведување на најмала можна мерка и анулирање.

Посебно се обрнува внимание на инсталациите што имаат испусти за отпадни води во канализационата мрежа на ЈП„Водовод“, односно на Општина Куманово, особено во рамки на севкупните активности за подготовка на системот на отпадни води за приклучување на пречистителна станица. За таа цел неопходни се дополнителни контролни испитувања на квалитетот на овие отпадни води.

Потребни финансиски средства:
Не се предвидени финансиски средства.

Извршител:
Одделението за заштита на животната средина е задолжено за активноста за издавања на Б-дозволите. Во делот на посета на инсталациите и нивното контролирање се вклучува Инспекторатот на Општина Куманово-овластените инспектори за животна средина.

Одобрување на елаборати за заштита на животната средина

Цел:
Реализирана обврска од чл.24 од Законот за животната средина.

Образложение:
Согласно Законот за животната средина, Општина Куманово е надлежена за разгледување и одобрување на елаборати за заштита на животната средина за дејности и активности кои

се наведени во Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината.

Активности:

- Разгледување на доставениот Елаборат за заштита на животната средина;
- Изготвување забелешки на Елаборатот;
- Примање на корегиран Елаборат;
- Изготвување Решение за одобрување, кое го потпишува Градоначалникот на Општина Куманово.

Потребни финансиски средства:

За реализирање на оваа активност не се потребни финансиски средства.

Извршител:

Извршителот е Одделението за заштита на животната средина и природата.

ПРЕПОРАКИ

За да се реализираат програмските активности, потребно е да се врши:

- Мониторинг на загадувачи;
- Мерки за смалување на загадувачи;
- Мониторинг на резултатите и мерките за смалување на загадувачите;
- Финансова конструкција на различни активности;

Мониторинг на загадувачи е првата фаза со цел да се констатира кои загадувачи имаат значајно место во загадувањето со цел да се направи листа-регистар за да се увиди од каде произлегува загадувањето. Во Општина Куманово ќе набројме неколку:

- Домаќинства;
- Индустрија;
- Автопат;
- Патнички возила;
- Градежништво;
- Неуреден простор.

Мерки за намалување на загадувањето кои ги реализира Општина Куманово, и истите се усвоени од страна на Советот на Општина Куманово се следните:

- Примена на аеросолна метода;
- Надоместување на дел од трошоците - субвенционирање на граѓаните на подрачјето на градот за приклучување на гасификационен систем во Општина Куманово за 2026 година;
- Надоместување на трошоците - субвенционирање на граѓаните за набавка на високоефикасни инвертер клима уреди за затоплување во Општина Куманово за 2026 година;

- Надоместување на трошоците – субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на подрачјето на Општина Куманово за надоместување на трошоците за чистење на оџаци за 2026 година;
- Се задолжува ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово да врши зачестено миење на улици и тротоари во централно градско подрачје и густо населени места кога надворешните услови тоа го дозволуваат;
- Регулирање на сообраќај во градот преку забрана на движење со моторни возила на улици во централно градско подрачје особено во т.н. „тесни грла“ во одреден период од денот;
- Општина Куманово и Советот на Општина Куманово му препорачува на надлежниот орган за регулирање на сообраќајниот режим (МВР - СВР) да ги упатува на дополнителен технички преглед сите возила, посебно тешки товарни возила (камиони и автобуси), кои не ги задоволуваат основните стандарди за емисии на загадувачки материи во воздухот;
- Општина Куманово и Советот на Општина Куманово му препорачува на надлежниот орган за регулирање на сообраќајниот режим (МВР - СВР) да воведе ограничувања на сообраќајот врз основа на:
  - тип на возило (пр. товарни возила, приватни возила);
  - возила со парни или непарни регистарски таблички;
  - емисии од возилата (пр. ЕУРО Х, двотактни мотори и сите дизел возила без катализатор);
  - доставата на стоки со возила да се извршува пред 7:30 или по 18 часот;
  - градежните машини (багери, булдожери, виљушкари) да се пренесат до градилиштата до 7:30 часот;
  - активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим за тешки товарни возила чија крајна дестинација не е Куманово (да ја користат обиколницата);
- Се задолжува инспекцијата при Општина Куманово, преку своите комунални редари да врши ефективна контрола на загадувањето на воздухот по службена должност, како и по пријава од страна на граѓаните како и воведување на дежурства за време на викенд
  и после работно време во Инспекторатот на Општина Куманово;
- Општината ја проследува информацијата до граѓаните, преку веб-страницата на општината со објавување аларм на почетната страница со препорака да се погледнат советите за намалување на негативните ефекти од загадувачките супстанции;
- Се препорачува на индустриските капацитети да го намалат своето производство, особено во попладневните часови кога загадувањето е најголемо, но и да се придржуваат или да си ги реализираат мерките кои им се предвидени во елаборатот

за животна средина кој го имаат поднесено до Општина Куманово и за кој им е издадено Решение за одобрување на истиот од страна на Одделението за заштита на животната средина и природата, во спротивно истото ќе им биде поништено согласно Законот за животната средина;

- Се задолжуваат сите правни лица кои имаат Решение за одобрување на Елаборат за заштита на животна средина од страна на Општина Куманово, редовно да ги чистат своите оџаци и по потреба да постават соодветни филтри на нивните оџаци за прочистување на воздухот доколку ги користат истите, со што посебен акцент би се дало на правните лица кои подготвуваат храна на дрва, жар или ѓумур и сл., со што би се намалило штетното влијание на воздухот;
- Се задолжуваат сите Управители на станбени згради кои работат на територија на општина Куманово, редовно да ги оддржуваат зелените површини во кругот на станбените згради (чистење на расфрланиот отпад, косење на трева и сл.) иако некаде може да се случи дека зелените површини не потпаѓаат на нивната градежна парцела, тоа не треба да биде оправдување за расфрлување на отпадоци и негрижа;

- Се наложува на сите сопственици на каменоломи, производствени и преработувачки капацитети во индустриски зони, Депонијата за комунален смет под надлежност на ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово и Пречистителната станица за отпадни води под надлежност на ЈП „Водовод“ Куманово да направат зелени појаси со засадување на 3 годишни дрва и систем за наводнување за истите, како и подигање на зелени појаси покрај сите регионални патишта на територија на општината чија обврска за оваа активност ќе биде на Општина Куманово;
- При добивање на одобрение за градба за нови објекти од страна на секторот за урбанизам, се препорачува да се планира приклучок на гасоводна инсталација;
- Се задолжува Општина Куманово да дистрибуира летоци/брошури со содржина за начинот на користење и одржување на ложиштата, оддржување на оџаците, складирање на огревниот материјал, како и економска исплатливост доколку користат гас како енергенс за затоплување;
- Се задолжува ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово за обновување на постоечките зелени површини во централното градско подрачје, како и формирање на нови зелени површини во повеќе делови од градот;
- Се задолжува ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово за спроведување на повеќе еколошки акции за расчистување на диви депонии, како и спроведување на повеќе акции за пошумување и создавање на нови дрвореди.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово.“

Бр. 09 – 18303/36
29 декември2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

748.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за субвенционирање на граѓани за приклучок на гасификациона мрежа на подрачје на Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Програмата за субвенционирање на граѓани за приклучок на гасификациона мрежа на подрачје на Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/37, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18771/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

749.

Врз основа на член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24) и член 66 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово бр. 13/03, 13/07, 08/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИ ЗА ПРИКЛУЧОК НА ГАСИФИКАЦИОНА МРЕЖА НА ПОДРАЧЈЕ НА ОПШТИНА КУМАНОВО ЗА 2026 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Предмет на Програмата за субвенционирање на граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа на подрачјето на Општина Куманово за 2026 година е

надоместување на дел од трошоците за приклучна такса, направени при приклучување на своето домаќинство, односно станбен простор на гасификациона мрежа во 2026 година.

Со оваа Програма се појаснуваат причините за субвенционирање, се утврдуваат начинот и условите за спроведување на активностите за субвенционирање и нивното финансирање.

Субвенционирањето на граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа на подрачјето на Општина Куманово е активност предвидена во мерките за заштита на амбиентниот воздух и е дел од мерките на Програма за активности од областа за заштита на животната средина и природата на Општина Куманово за 2026 година.

2. ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Општина Куманово, е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички (ПМ10 и ПМ2,5). Една од поголемите причини за емисија на овие честички е затоплувањето на домовите кои не се приклучени на гасификациона мрежа, пред се заради нецелосното и несоодветно согорување на огревното дрво, несоодветниот квалитет на дрвото и начинот на негово чување и употребата на стари, дотраени и технички неисправни печки.

Развиените и еколошки свесни општествени заедници веќе повеќе години работат на употребата на гас како извор на енергија, чија предност во однос на загадувањето на животната средината, се минимални причинители.

Предноста на користењето на гасот за загревање е повеќекратна, и тоа:

- Природен гас е достапно гориво;
- Инвестицијата во инсталацијата за дистрибуција на природен гас е многу пониска од инвестицијата за изградба на мрежа за централно топловодно греење;
- Гасоводните системи бараат помалку одржување во споредба со системите за централно топловодно греење;
- Гасификацискиот систем овозможува комплетно независно користење од страна на секој поединечен корисник;
- Наплаќањето е на основ на измерено количество на гас кое е потрошено;
- Природниот гас може да се користи и за подготовка на санитарна топла вода, за готвење и за ладење;
- Системите за греење кои користат котли на природен гас се најефикасни системи и се лесни за управување и контрола;
- Интензитетот на греење во текот на ноќта и викендите може многу лесно да се регулира, дури и далечински;
- Нема загуби низ гасоводите при дистрибуција;
- Топлината може да се контролира локално, во зависност од потребите на корисниците на зградата;
- Системот функционира независно.

Котлите приклучени кон гасификационен систем имаат подобри перформанси во однос на

класичните:
- Имаат ефикасност поголема од 90%, за разлика од печките на дрва кои имаат 55% ефикасност, што директно влијае на заштеда на средствата;
- Имаат низок фактор на загадување (5мг/MJ) за разлика од новите печки, шпорети и камини на дрва, кои имаат фактор поголем 9 пати (45мг/MJ), а старите печки на дрва имаат фактор на загадување 20 пати поголем (околу 100мг/MJ);
- Имаат поголем комфор на користење (нема потреба од често додавање на дрва на огнот, нема потреба од секојдневно чистење на пепел и сл.),
- Поседуваат тајмер и термостат, со што е овозможено планирано и самостојно палење и гаснење, нема грижа за да не се изгасне огнот, а температурата во просторијата може да се одржува по желба и сл.

Стручните калкулациии за користење на гас за загревање, упатуваат на сознанија дека за загревање на:
- **неизолиран објект за домување** од 100м^2 и 1 000 h/god. време на затоплување потребна количина на топлинска енергија изнесува 20.000 kwh/god, односно 2 000 nm3 природен гас.
- **изолиран објект за домување** од 100м^2 и 1 000 h/god. време на затоплување потребна количина на топлинска енергија изнесува 7.000 kwh/god, односно 700 nm3 природен гас.
Трошоците секако ќе зависат и од надворешната температура и квалитетот на изолацијата на објектот.

3.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Програмата има цел за постигнување краткорочни и некои подолгорочни ефекти:
- Промовирање на енергетската ефикасност преку користање на благодетите на користење на гас за загревање;
- Едуцирање и поттикнување на населението за користење на скоро 100% искористливиот, финансиски достапен и еколошки прифатлив енергенс,
- Заштита на животната средина и природата.

4.НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Доделувањето на субвенциите, односно надоместување на дел од трошоци направени за приклучна такса за приклучок кон гасоводна мрежа, ќе важи исклучиво за граѓаните чие место на живеење е на подрачјето на Општина Куманово и кои гравитираат кон изградена гасоводна мрежа и истата гасоводна мрежа е пуштена во употреба.

Субвенционирањето ќе се реализира преку спроведување на следните активности:

- Објавување на јавен повик за субвенционирање, односно надоместување на дел од трошоците на граѓаните за приклучна такса кон гасификациона мрежа во Општина Куманово, на веб страната на Општина Куманово и во печатени и електронски медиуми,
- Пријавување на граѓаните за добивање субвенција преку пополнување на образец, изготвен за таа намена, кој содржи податоци за лицето што се пријавува на повикот;

- Проверка на пристигнатите пријави и документација од страна на комисија формирана за таа намена;
- Одлучување на Комисијата по однос на поднесено Барање и изготвување на Решение од страна на Градоначалникот за субвенционирање на приклучок кон гасоводна мрежа и трансфер на средствата на сметка на ЈП „Куманово Гас“, кое треба да ги искористи наменски за приклучок на лицето и домаќинството за кое се однесува Решението;
- Исплата на субвенциите,

Исплатата на средствата ќе се врши во континуитет според редот на пристигнати пријави, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена. Општина Куманово, во зависност од динамиката на пристигнување на пријавите, периодично ќе ја известува јавноста за преостанатите средства, до крајот на повикот.

5. УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО ВО ЈАВНИОТ ПОВИК ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ

При разгледување на барањата за субвенционирање, односно надоместување на дел од трошоци за приклучна такса за приклучување на гасоводна мрежа, во предвид ќе бидат земени оние во кои подносителот ги исполнил следните услови:

- Доставил пополнет образец за јавниот повик за доделување субвенции за приклучок на гасификациона мрежа;
- Доставил потпишана изјава дека претходно нема инсталирано приклучок на гасификациона мрежа;
- Доставил доказ дека е жител на Општина Куманово, што се докажува со фотокопија на личната карта,
- Доставил доказ во оригинал Договор за приклучување на дистрибутивна гасоводна мрежа и Решение за приклучување издадени од ЈП „Куманово Гас“ по денот на објавување на повикот.

Документите ќе бидат разгледани од страна на Комисија формирана од страна на Општина Куманово и ЈП „Куманово Гас“.

6. НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Заинтересираните граѓаните своите барања за субвенционирање, односно надоместување на дел од трошоците за приклучна такса за приклучување кон гасоводна мрежа, заедно со потребната документација, треба да го достават во затворен плик до Општина Куманово на адреса ул. 11 Октомври бб, во архивата на Општина Куманово, секој работен ден од 09:30 до 15:00 часот.

Рокот за објавување на јавниот повик е веднаш по стапување во сила на Програмата за субвенционирање на граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа на подрачјето на Општина Куманово за 2026 година, а ќе трае до 30.11.2026 година.

7. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за субвенционирање на граѓаните за приклучок на гасификациона мрежа на подрачјето на Општина Куманово за 2026 година ќе се финансира од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година, програма Заштита на животна средина, ставка Други трансфери 464990, во износ од 300.000,00 денари.

Средствата ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните за плаќање на приклучна такса за приклучување на гасификациона мрежа, во износ од 25.000,00 денари.

8. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

За реализирање на Програмата за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Куманово за 2026 година е задолжен Секторот за комунални работи, инфраструктура и сообраќај и заштита на животната средина и природата и Секторот за финансиски прашања.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09-18303/37
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

750.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма на културни манифестации на Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Програмата на културни манифестации на Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/40, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18768/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

751.

Врз основа на член 66 од Статутот на Општина Куманово - пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово„ бр.15/21), а по објавен Јавен повик за прибирање предлог - проекти за организирање на културни манифестации во Општина Куманово за 2026 година бр. 08-16683/1 од 19.11.2025 година, Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
на културни манифестации
на Општина Куманово за 2026 година

Оваа програма е родово сензитивна и поставува цел за 2026 година зголемено учество на жените автори и изведувачи со што ќе постигне родова еднаквост во програмата и исто така се земени во предвид застапеноста на сите етнички заедници со нивните културни разноликости.

1. Пулсот на Демократијта Куманово
- Натпревар со цртежи од моден дизајн Куманово 2026
Вкупно средства - 45.000 денари

2. Пулсот на Демократијта Куманово
- Stand Up for Democracy 2026
Вкупно средства - 60.000 денари

3. Инситут за наука, уметност, култура и спорт, Куманово - ИНУКС
- Jazz Festival „Filip Stevanovski“ Kumanovo 2026
Вкупно средства - 100.000 денари

4. Здружение Мјузик Конектинг Пипл Куманово
- Пикник у Пелинце
Вкупно средства - 332.000 денари

5. Здружение Мјузик Конектинг Пипл Куманово
- Биди и ти КУЛтура
Вкупно средства - 85.000 денари
6. Здружение за поттикнување на локален и рурален развој Ума Сто
- Културна пролет- Цветници
Вкупно средства - 17.000 денари

7. Здружение за културни дејности Про-Арт Симфоник Куманово
- Концерт на класична музика
Вкупно средства - 80.000 денари

8. Здружение Олдтајмер Витези од Куманово
- Меѓународен олдтајмер собир Куманово 2026

Вкупно средства - 30.000 денари

9. Центар за истражување и одржување на традицијата „Етно Фолк Студио“
- Изложба на традиционални рачно изработени елементи , народни костими и орнаменти од народни носии „Етно соба“ и „Етно музеј“
Вкупно средства - 30.000 денари

10. Центар за истражување и одржување на традицијата „Етно Фолк Студио“
- Ревија на народни носии со концертна програма „Традиција во душа“
Вкупно средства -30.000 денари

11. КУД „Бајрам Шабани“
- Фестивал Балкански фест Куманово 2026 година IV- последователен
Вкупно средства - 130.000 денари

12. КУД „Бајрам Шабани“
- 81- уметност, култура, традиција
Вкупно средства - 110.000 денари

13. Здружение на жени Коло на српските сестри Куманово
- Цветници
Вкупно средства - 20.000 денари

14. Здружение студио за модерен танц Фјужн
- Куманово танцува 2026
Вкупно средства - 120.000 денари

15. Здружение студио за модерен танц Фјужн
- „Through the WonderBox“
Вкупно средства - 60.000 денари

16. Здружение на уметници музичари ХАЕМ Куманово
- Флутурат/Пеперутки
Вкупно средства - 150.000 денари

17. Детски едукативен центар за музичко и сценска продукција Маестрал Тим ДООЕЛ Куманово
- Театарска претстава за деца и млади- мјузикл „Патот околу светот за 80 дена“
Вкупно средства - 60.000 денари

18. Здружение Танцов спортски клуб Мерилин Куманово
- 14-ти меѓуанроден фестивал за модерни танци „Денс Фест 2026“ Куманово
Вкупно средства - 90.000 денари

19. Здружение Танцов спортски клуб Мерилин Куманово

- Новогодишна претстава за деца и млади „Желбите на Дедо Мраз“
Вкупно средства - 50.000 денари

20. Здружение на дијабетичари на општина Куманово
- Кумановска пивтијада
Вкупно средства - 30.000 денари

21. Здружение на дијабетичари на општина Куманово
- Гастрономско- туристичка манифестација: Ден на гравот- Граше брате наше
Вкупно средства - 30.000 денари

22. Граѓанска асоцијација за рекреативно движење Куманово
- Гастрономско-туристичка манифестација: Празијада - ден на кумановска баница
Вкупно средства - 30.000 денари

23. Здружение Друштво на писатели Куманово
- 11 Ноември- Доделување на награди и признанија за најдобра литературна творба во средните и основните училишта
Вкупно средства - 4.000 денари

24. НУЦК „Трајко Прокопиев“ Куманово
- XXIX-ти Меѓународен театарски фестивал „Денови на комедија“ Куманово
Вкупно средства - 450.000 денари

25. НУЦК „Трајко Прокопиев“ Куманово
- III Меѓународен детски фолклорен фестивал
Вкупно средства - 60.000 денари

26. НУЦК „Трајко Прокопиев“ Куманово
- Концерт Македониум
Вкупно средства - 30.000 денари

27. НУЦК „Трајко Прокопиев“ Куманово
- Рецитал на Сара Николиќ
Вкупно средства - 20.000 денари

28. НУЦК „Трајко Прокопиев“ Куманово
- Меѓународен фестивал на проза
Вкупно средства - 10.000 денари

29. КУД „Српски вез“ Куманово
- 13-ти годишен концерт
Вкупно средства - 120.000 денари

30. КУД „Српски вез“ Куманово

- Фолклорна ревиија по повод 11 Ноември- ден на град
Вкупно средства - 30.000 денари

31. КУД „Српски вез“ Куманово
- Денови на спрската култура во Куманово
Вкупно средства - 120.000 денари

32. Здружение за културни дејности Етникум Куманово
- ЕПИКУМ
Вкупно средства - 40.000 денари

33. ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово
- Креативна читална
Вкупно средства - 10.000 денари

34. ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово
- Читаме современи македонски автори
Вкупно средства - 10.000 денари

35. ЈОУ Библиотека „Тане Георгиевски“ Куманово
- Бајките како поттик за детската фантазија
Вкупно средства - 10.000 денари

36. Здружение за танц, други уметности и спортски активности Балетско студио Ултра Куманово
- Танцов перформанс Примитвна наука
Вкупно средства - 80.000 денари

37. Здружение Коледари Куманово
- Да не заборавиме да си играме
Вкупно средства - 10.000 денари

38. Здружение Коледари Куманово
- Ликовна колонија Коледари
Вкупно средства - 30.000 денари

39. Здружение Коледари Куманово
- Бадник 26
Вкупно средства - 20.000 денари

40. Здружение на просветни работници Куманово
- Просветители на идни генерации 2026
Вкупно средства - 30.000 денари

41. Здружение на просветни работници Куманово

- Стиховите наши ги топлат срцата ваши
Вкупно средства - 10.000 денари

42. Здружение на просветни работници Куманово
- Првенци на генерација 2026
Вкупно средства - 15.000 денари

43. Здружение за афирмација, промоција и имплементација на еко зграда ЗЕЛЕНА ГРАДБА АСОЦИЈАЦИЈА Куманово
- Традиција во тегла Кумановски Октобер фест 2026
Вкупно средства - 10.000 денари

44. Здружение на граѓани за развој, афирмација и унапредување на Театарот- УЛТРА Куманово
- Балкански театрски фестивал „Ку-фест - Куманово“
Вкупно средства - 100.000 денари

45. Хуманитарна здружение „Мајка“
- Детска ликовна колонија Пчиња 2026
Вкупно средства - 37.000 денари

46. Асоцијација за култура и уметност Мулти Арт Куманово
- Детски Тв фестивал Бисерчиња
Вкупно средства - 100.000 денари

47. Асоцијација за култура и уметност Мулти Арт Куманово
- Мали но големи пејачи
Вкупно средства - 100.000 денари

48. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- За дамите Концерт по повод 8 ми март
Вкупно средства - 10.000 денари

49. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Матурски хепенинг
Вкупно средства - 150.000 денари

50. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Интернационален ден на џезот 2026
Вкупно средства - 10.000 денари

51. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Арт атак фестивал- Куманово
Вкупно средства - 100.000 денари

52. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Монодрама „И покрај сè- Јас“
Вкупно средства - 15.000 денари

53. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Новогодишна програма
Вкупно средства - 1.000.000 денари

54. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Мото рок фест- Куманово 2026
Вкупно средства - 900.000 денари

55. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Мега концерт по повод 11 ноември
Вкупно средства - 2.000.000 денари

56. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Маскенбал „Батко Ѓорѓија“ Куманово 2026
Вкупно средства - 50.000 денари

57. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Ликовна колонија - Куманово 2026
Вкупно средства - 200.000 денари

58. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Дедо Мраз на мотор- Куманово 2026
Вкупно средства - 10.000 денари

59. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Предновогодишен концерт „Вечер на филмска музика “
Вкупно средства - 15.000 денари

60. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Детски ликовен камп „АСНОМ“ 2026
Вкупно средства - 150.000 денари

61. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Меѓунаорден тамбурашки фестивал- Куманово 2026
Вкупно средства - 450.000 денари

62. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Гитаријада- Куманово 2026
Вкупно средства - 200.000 денари

63. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово

- Бдеење на кокински мугри - 2026
Вкупно средства - 15.000 денари

64. Фондација за култура и спорт „Куманово“ Куманово
- Уличен фестивал - „КумaниУм“ 2026
Вкупно средства - 60.000 денари

65.Здружение за уметност, култура и заштита на културно наследство РИЗНИЦА-Куманово
- XXI Детски фестивал „Распеано детство 2026“
Вкупно средства - 90.000 денари

66.Здружение за уметност, култура и заштита на културно наследство РИЗНИЦА-Куманово
- IVX фестивал на новосоздадена македонска народна шегобијна песна „Тумба фест 2026“
Вкупно средства - 350.000 денари

67. Здружение за култура и заштита и унапредување на животната средина НАТУРО-Куманово
- XI денови на балканска етно ризница
Вкупно средства - 50.000 денари

68. Здружение за култура и заштита и унапредување на животната средина НАТУРО-Куманово
- IV Детска ликовна колонија „Фрагменти од мојата фантазија“
Вкупно средства - 10.000 денари

69. Клуб на писатели Е Карадакут Куманово
- „My pen-Моето перо-Pena ime“
Вкупно средства - 35.000 денари

70. Клуб на писатели Е Карадакут Куманово
- „Карадачки поетски средби“ – XXIV едиција
Вкупно средства - 35.000 денари

71. Ансамбл на ромски народни игри и песни „Рушит Шакир“ Куманово
- „ Василица“
Вкупно средства - 100.000 денари

72. Ансамбл на ромски народни игри и песни „Рушит Шакир“ Куманово
- Фестивал на лимено - дувачки оркестри „Рома труба фест“ Куманово
Вкупно средства - 500.000 денари

73. Здружение на угостители БИСЕР Куманово

- Кумновски традиции и гурмански и гурмански делиции - Суџуклијада 2026
Вкупно средства - 150.000 денари

74. Здружение на угостители БИСЕР Куманово
- Пролетен пикник фест 2026
Вкупно средства - 80.000 денари

75. Здружение „Недела на албанска култура“ - Куманово
-Добредојдовте иселеници
Вкупно средства - 20.000 денари

76. Здружение ПРОНА
- Visit Kumanovo- Куманово како потенцијална и идна културна туристичка дестинација
Вкупно средства - 15.000 денари

77. Здружение за танц, театар и музика Скил Фектори
- Зајакот и желката
Вкупно средства - 20.000 денари

78. Здружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски активности- МОТУС Куманово
- Групна ликовна изложба МОТУС АРТ 2026
Вкупно средства - 15.000 денари

79. Здружение за промоција на интелектуални, мултикултурни и спортски активности- МОТУС Куманово
- Ентомо Фото Фест 2026
Вкупно средства - 15.000 денари

80. Здружение за развој на земјоделство и зашита на животната средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „ЖИВОТ“ Куманово
- „Великден - традиција и култура“
Вкупно средства - 25.000 денари

81. Здружение за развој на земјоделство и зашита на животната средина преку истражување, едукација и одржување на биодиверзитет „ЖИВОТ“ Куманово
- „Под маска на традицијата: Културен маскенбал“
Вкупно средства - 15.000 денари

82. Здружение за развиток на културата и уметноста Култура 5
- Дуо Пијано - Марко и Милена Митковски
Вкупно средства - 20.000 денари

83. Здружение за развиток на културата и уметноста Култура 5

- Вечер на старограднска македонска музика
Вкупно средства - 30.000 денари

84. Здружение за развиток на културата и уметноста Култура 5
- Вечер на руска музика
Вкупно средства - 40.000 денари

85. Фото клуб Куманово
- Малински фото фестивал
Вкупно средства - 20.000 денари

86. Фото клуб Куманово
- Фото приказна
Вкупно средства - 10.000 денари

87. Фото клуб Куманово
- Жените и фотографијата
Вкупно средства - 10.000 денари

88. Здружение Национален ромски центар-НРЦ
- Културен импулс: Живот и вредности
Вкупно средства - 20.000 денари

89. Здружение за поддршка и развој на уметност и култура- ЦРТА Куманово
- Меѓународна изложба- ЦРТА
Вкупно средства - 20.000 денари

90. Здружение Ромски културен центар ЧИРИКЉА Куманово
- О ЛИЛ ЈЕКЕ ДЕЛИНЕСКОРО
Вкупно средства - 20.000 денари

91. Здружение за унапредување ОМНИ Куманово
- Дигитална платформа за промоција на културните трдиционални ракотворби
Вкупно средства - 45.000 денари

92. Центар за ромска заедница ДРОМ Куманово
- Ритамот на младите за меѓународниот ден на ромите 8 ми април“
Вкупно средства - 40.000 денари

93. Здружение за модерен танц ФЈУЖН МУВМЕНТ
- „Книга за џунглата“
Вкупно средства - 40.000 денари

94. Здружение за заштита и промоција на културата и културните вредности, архитектура, дизајнот и културното наследство во Р.Македонија „ФАБРИКА КОНЦЕПТ“ Куманово
- „Прашина и сенки“
Вкупно средства - 15.000 денари

95. Здружение за зачувување на мултиетничка култура и традиција МУЛТИЕТНИЧКИ ЦЕНТАР Куманово
- Стенд ап фестивал „Четвртак у 9“
Вкупно средства - 135.000 денари

96. Здружение за зачувување на мултиетничка култура и традиција МУЛТИЕТНИЧКИ ЦЕНТАР Куманово
- „Традиција и храна во различни култури“
Вкупно средства - 15.000 денари

97. Здружение за зачувување на мултиетничка култура и традиција МУЛТИЕТНИЧКИ ЦЕНТАР Куманово
- „Интер КултАрт“
Вкупно средства - 15.000 денари

98. Здружение за модерни и спортски танци Виртус 018 Куманово
- „Vinyl 26 – мелос на македонските евергрини“
Вкупно средства - 80.000 денари

99. Здружение за модерни и спортски танци Виртус 018 Куманово
- „Аморови стрели“
Вкупно средства - 20.000 денари

100. Здружение за модерни и спортски танци Динамик Куманово
- „Ритамот на новогодишната ноќ“
Вкупно средства - 30.000 денари

101. Здружение за модерни и спортски танци Динамик Куманово
- Kumanovo Dance Open
Вкупно средства - 100.000 денари

102. Здружение заразвој на културата и уметноста “ЗД СТРЕЕТ АРТ ФЕСТИВАЛ Куманово
- Меѓународна изложба „ 22 ноември“
Вкупно средства - 30.000 денари

103. Национална установа Музеј- Куманово
- Кумановски ликовни уметници 2026, изложба на дела
Вкупно средства - 30.000 денари

104. Национална установа Музеј- Куманово
- Партизански одреди во Куманово 1941-1944 год
Вкупно средства - 15.000 денари

105. Национална установа Музеј- Куманово
- Дигитализација на фотодокумантација на Старо Куманово
Вкупно средства - 15.000 денари

106. Национална установа Музеј- Куманово
- „Последниот грнчар во Кумановско“
Вкупно средства - 20.000 денари

107. Национална установа Музеј- Куманово
- Музејско културно лето Слоган: „Feel the Culture“
Вкупно средства - 30.000 денари

108. Национална установа Музеј- Куманово
- Интерактивна презентација на монетите од Кумановско со примена на 3 D, AR и дигитални алатки
Вкупно средства - 40.000 денари

109. Здружение Српска Заедница во Македонија Р.О. Куманово
- Интерактивни јазично-културни работилници за деца и млади - Подготовка на државна матура на српски јазик
Вкупно средства - 10.000 денари

110. Здружение Српска Заедница во Македонија Р.О. Куманово
- Одбележување на 6 април - бомбардирањето на аеродромот кај Куманово (1941 - 2026)
Вкупно средства - 20.000 денари

111. Здружение Српска Заедница во Македонија Р.О. Куманово
- Бадникови обичаи 2026
Вкупно средства - 20.000 денари

112. Здружение Српска Заедница во Македонија Р.О. Куманово
- Светосавски дани 2026
Вкупно средства - 120.000 денари

113. Здружение Центар за рурален развој Бујрум
- Кулурно лето 2026
Вкупно средства - 400.000 денари

114. Здружение Центар за рурален развој Бујрум

- Тумбсток 2026
Вкупно средства - 450.000 денари

115. КУД „Панче Пешев“ Куманово
- Организирање на Седми Меѓународен фолклорен фестивал Куманово 2026
Вкупно средства - 400.000 денари

116. КУД „Панче Пешев“ Куманово
- 100 години јубилеј КУД „Панче Пешев“
Вкупно средства - 140.000 денари

117. - Извиднички одред СКАУТ Куманово
- Културен настан- Пелинце 26'
Вкупно средства - 20.000 денари

118. КУЗ „Меликус“- Куманово
- Дуо во Куманово
Вкупно средства - 50.000 денари

119. Здружение Фото Кино Клуб Козјак Куманово
- Филмај 2026- 8-ми Меѓународен фестивал на краток филм
Вкупно средства - 80.000 денари

120. Здружение Фото Кино Клуб Козјак Куманово
- 18- та Клубска изложба на уметничка фотографија Мајски салон 2026
Вкупно средства - 20.000 денари

121. Здружение Фото Кино Клуб Козјак Куманово
- 20 - та Меѓународна изложба на уметничка фотографија Фото салон Куманово 2026
Вкупно средства - 30.000 денари

122. Мултимедијален центар ЛУК
- Самоиницијатива 2.0
Вкупно средства - 50.000 денари

123. Мултимедијален центар ЛУК
- Културна детоксикација #05
Вкупно средства - 40.000 денари

124. Мултимедијален центар ЛУК
- 10 години Ти си Ки
Вкупно средства - 40.000 денари

За реализација на предвидените програмски содржини потребни се средства во вкупен износ од _____ 12.800.000 денари

II. Фондација за култура и спорт "Куманово" - Куманово делегирана надлежност _____ 3.100.000 денари

III. Финансиски средства за субјекти од областа на културата ____550.000 денари

1. КУД „Панче Пешев" _____50.000 денари
2. КУД „Рушит Шаќир" _____50.000 денари
3. КУД „Бајрам Шабани" _____ 50.000 денари
4. КУД „Српски вез"_____ 50.000 денари
5. ЦИОТ „Етно Фолк Студио" _____ 50.000 денари
6. КУД „Карпош" _____50.000 денари
7. ДМА „Срма" _____ 50.000 денари
8. Сојуз на борци на НОАВМ – Куманово _____ 50.000 денари
9. ЗАПВАРС_____ 50.000 денари
10. Градски оркестар – Илинден_____ 50.000 денари
11. КУЗ „Коњаница Букефал" _____50.000 денари

IV. Закупнина за бина,озвучување и осветлување _____1.300.000 денари
V. Режиски трошоци (ЗАМП) _____ 200.000 денари
VI. Промоција на проекти и поддршка на локални уметници_____400.000 денари
VII. Ноемвриски награди _____ 100.000 денари
VIII. Огномет_____ 150.000 денари
IX. Свечена седница_____ 1.000.000 денари
X. Одбележување на државни празници и значајни датуми_____ 400.000 денари

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

1. **Културни манифестации во 2026 година** _____ 12.800.000 денари
2. **Фондација за култура и спорт "Куманово" - Куманово делегирана надлежност** _____ 3.100.000 денари
3. **Финансиски средства за субјекти од областа на културата** _____ 550.000 денари
4. **Закупнина за бина,озвучување и осветлување** _____ 1.300.000 денари
5. **Режиски трошоци(ЗАМП)** _____ 200.000 денари
6. **Промоција на проекти и поддршка на локални уметници**_____ 400.000 денари
7. **Ноемвриски награди** _____ 100.000 денари
8. **Огномет**_____ 150.000 денари
9. **Свечена седница**_____ 1.000.000 денари
10. **Одбележување на државни празници и значајни датуми** _____ 400.000 денари

ВКУПНО: 20.000.000 денари

XI. Оперативната Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник“ на Општина Куманово.

Бр. 09-18303/40
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

752.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година

1. Се објавува Програмата за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2026 година, Бр. 09 – 18303/42, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18766/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

753.

Врз основа на член 22 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ, бр. 5/02 и Сл. Весник на РСМ бр. 202/24), член 25 став 1 точка 11 и член 66 од Статутот на Општина Куманово -пречистен текст (Службен гласник на Општина Куманово број 15/21), а во врска со член 14 став 2 од Законот за заштита на населението од заразни болести (Сл. Весник на РМ, бр 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15, 37/16, и Сл. Весник на РСМ 257/20), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025донесе

П Р О Г Р А М А
за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година

Согласно одредбите од Законот за заштита на население од заразни болести со кој се утврдуваат мерките за спречување на појавата, рано откривање, спречување на ширењето

и сузбивање на заразните болести и на инфекциите, правата и обврските на здравствените установи, правните и физичките лица, како и надзорот над спроведувањето на мерките, со цел заштита на населението од заразни болести, Советите на Општините, по претходно мислење на ЈЗУ „Центарот за јавно здравје“ Куманово за подрачјето за кое е основан, донесуваат Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје.

Со оваа Програма се утврдуваат општите мерки, активности, извршители, рокови и извори на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2026 година.

Мерки, цели, активности

Главна цел на Програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и финансиските средства потребни за нивна реализација во 2026 година.

Програмата дефинира пет општи мерки за заштита на населението на Општина Куманово од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да придонесат за кревање на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

I. Општа мерка

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И КОНТРОЛА НА ИСПРАВНОСТА НА ВОДАТА И ОБЈЕКТИТЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

1. ЦЕЛ

Снабдување на населението со безбедна вода за пиење.

АКТИВНОСТИ

Населението во Општина Куманово се снабдува со вода за пиење од градскиот водоводен систем со кој стопанисува комуналното претпријатие ЈП “Водовод“ Куманово, од локални селски водоводи, јавни чешми и бунари. Во некои населени места во општината водоснабдувањето е преку индивидуални водоснабдителни објекти.

2. ЦЕЛ

Контрола на исправноста на водата и објектите за водоснабдување.

АКТИВНОСТИ

За да водата биде безбедна за пиење и да не содржи материи кои се штетни за здравјето на луѓето потребно е да се вршат соодветни испитувања согласно Правилникот за безбедност на водата („Сл. Весник на РМ“ бр.183/2018). Анализите на водата за пиење за безбедност во рамките на мониторинг се врши од страна на ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Куманово.

Со овој Правилник се пропишуваат барањата за безбедноста и квалитетот на водата за пиење и тоа:
-општите барања за безбедност и квалитетот кои ги опфаќаат обемот, видот и методологијата на испитувањето на водите за пиење и границите над кои водите за пиење не треба да содржат штетни и опасни материи, начинот на вршење на дезинфекција на водата за пиење и
-посебните барања за безбедност и квалитет кои се однесуваат на минималните вредности во однос на микробиолошките параметри, хемиски параметри, резидуи од пестициди, задолжителни индикаторски параметри и дополнителни индикаторски параметри.

Во текот на годината ЈЗУ „Центар за јавно здравје“ Куманово врши проценка на безбедноста на водата за пиење преку санитарно- хигиенски увиди на водоснабдителните објекти, земање на примероци вода и лабораториска анализа во однос на физичко-хемиски и микробиолошки параметри на примероците на вода.

Финансиските средства за спроведување на точка 1 ќе бидат обезбедени од буџетот на ЈП „Водовод“ Куманово.

II. Општа мерка

ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ И ДРУГ ТВРД И ТЕЧЕН ОТПАД НА НАЧИН ШТО ЌЕ ОНЕВОЗМОЖИ ЗАГАДУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА (вода,земјиште, воздух)

1. ЦЕЛ

Отстранување и прочистување на отпадните води се врши со цел да се оневозможи загадување на човековата околина.

АКТИВНОСТИ

Во Општина Куманово прочистувањето на отпадните води го врши Пречистителната станица – ЈП„Водовод“ Куманово, с. Доброшане, Куманово.

Отстранувањето и прочистувањето на отпадните води даваат големи придобивки и тоа:
-се добива вода од втора категорија, односно вода погодна за растителниот и животинскиот свет, но не и вода за пиење;

Финансиските средства за спроведување на точката 1 ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП „Водовод“ Куманово

2.ЦЕЛ

Отстранувањето на цврст отпад (смет) е континуиран процес што обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини, на отворените простори на јавните објекти и на

дворните површини на колективните и индивидуалните објекти за домување, заради обезбедување на здрава и чиста животна средина.

АКТИВНОСТИ

Одржувањето на чистотата на јавните површини, празнењето и чистењето на садовите за смет од јавните површини и собирањето, изнесувањето и депонирањето на смет и други отпадоци од станбени, деловни и други корисни површини во Општина Куманово, го врши ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово.

Одржувањето на чистотата се врши според годишната програма за чистење на Јавното претпријатие „Чистота и Зеленило“ Куманово. Годишната програма содржи: динамика, начин и технологија на чистење, како и обем на работите со одделни и вкупни вредности на програмираните работи.

Финансиски средства за втората цел ќе се обезбедат од Буџетот на ЈП „Чистота и Зеленило“ Куманово.

3.ЦЕЛ

Заштита на вработените во ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово, коишто вршат отстранување на отпадот и во својата работа се изложени на опасност заради контакт со ѓубре, со што би се спречило првенствено настанување, а потоа и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- редовно обновување на опремата за заштита при работа (заштитна униформа, средства, материјали и сл.) и
- задолжително вакцинација по епидемиолошки индикации (активна имунизација против цревен тифус - задолжителна еднаш на три години).
- систематски здравствени прегледи на вработените.

Финансиските средства за третата цел ќе бидат обезбедени од Буџетот на ЈП „Чистота и Зеленило“ Куманово кое врши отстранување на цврст отпад.

III. Општа мерка

САНИТАРНО-ТЕХНИЧКИ И ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ ВО ЈАВНИ ОБЈЕКТИ - УЧИЛИШНИ И ПРЕДУЧИЛИШНИ УСТАНОВИ

Предучилишни и училишни установи се потенцијални жаришта на појава на заразни болести, па поради тоа потребно е водење на грижа во повеќе сегменти.
На територијата на општина Куманово воспитно-образовниот процес се обезбедува преку следниве основни и средни училишта :

- Основни училишта

1.	ООУ „11Октомври“
2.	ООУ „Бајрам Шабани“
3.	ОУ „Наим Фрашери“
4.	ООУ „Браќа Миладиновци“
5.	ООУ „Крсте Мисирков“
6.	ОУ „Вук Караџиќ“
7.	ООУ „Кочо Рацин“
8.	ООУ „Толи Зордумис“
9.	ОУ „Христијан Карпош“
10.	ОУ „Магдалена Антова“
11.	ООУ „Битолски Конгрес“ с. Лопате
12.	ООУ „Карпош“ с. Умин Дол
13.	ООУ „Вера Которка“ с. Клечовце
14.	ООУ „Јероним Де Рада“ с. Черкезе
15.	ООУ „Кирил и Методиј“ с. Романовце
16.	ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце
17.	УОМО „Панче Пешев“

- Средни училишта

1.	СОУ - Гимназија „Гоце Делчев“
2.	СОУ - Гимназија „Сами Фрашери“
3.	ОСТУ „Наце Буѓони“
4.	ССОУ „Киро Бурназ“
5.	СОУ „Перо Наков“

- Општински јавни установи од областа на културата, социјалната и детската заштита

1.	ЈОУ – Библиотека „Тане Георгиевски“
2.	ЈОУ – Дом за стари лица „Зафир Сајто“
3.	ЈОУ – Детска градинка „Ангел Шајче“
4.	Дневен центар за лица со посебни потреби

- Општински јавни установи од областа на ученичкиот стандард

1.	ЈУ – Општински ученички дом „Професор Мијалковиќ“

1. ЦЕЛ

Следење на здравствената состојба на вработените во јавните установи со цел исклучување на опасноста од пренесување на заразни заболувања на најранливата група - децата.

АКТИВНОСТИ

- вршење на здравствени хигиенски прегледи врз вработени во погореспоменатите установи согласно законските прописи.

Начинот на вршење, содржината на прегледите, видовите на прегледите на вработените, како и формата и содржината на санитарната книшка, ги пропишува Министерот за здравство.

2. ЦЕЛ

Задолжителна превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училишните, предучилишни и социјални установи со цел создавање на безбедна средина.

АКТИВНОСТИ

Во училиштата превентивата дезинфекција, дезинсекција и дератизација е задолжителна на секои 6 месеци, а ја врши ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје Куманово".

Дезинфекција, дезинсекција и дератизација во училиштата се врши пред почетокот на првото и пред почетокот на второто полугодие.

3. ЦЕЛ

Создавање здрави поколенија преку постојано следење на зравствената состојба на учениците како и нивна имунизација.

АКТИВНОСТИ

За систематските прегледи и задолжителната вакцинација на учениците, надлежен е ЈЗУ„Здравствен дом" Куманово, а се вршат според однапред изготвен план и распоред на екипите по што училиштата благовремено се известуваат за распоредот и термините.

По добивање на известувањето, училиштата се обврзани да ги преземат потребните активности.
За таа цел, училиштата имаат назначено лице кое по известувањето од надлежната здравствена установа, пристапува кон активности за спроведување на истата.

Точните термини за вакцинација и систематски прегледи допонително се определуваат, а се извршуваат во следните одделенија според календарот за имунизација и систематски прегледи :

За вакцинација -одделение	За систематски преглед-одделение
I - 6 години	I
II - 7 години	III
VI - 12 години	V
IX - 14 години	VII

III/IV – 18 години	

Лица од училиштата задолжени за спроведување на систематски прегледи и вакцинации

Р.бр.	Училиште	Одговорно лице
1.	ООУ „11Октомври“	Тања Јовановска
2.	ООУ „Бајрам Шабани“	Мерџиване Нухии
3.	ОУ „Наим Фрашери“	Ѓулшене Шаќири
4.	ООУ „Браќа Миладиновци“	Милена Илиќ Пешиќ
5.	ООУ „Крсте Мисирков“	Фросина Младеновиќ и Сузана Денковска
6.	ОУ „Вук Караџиќ“	Фросина Ефремовска
7.	ООУ „Кочо Рацин“	Росица Трајковска
8.	ООУ „Толи Зордумис“	Даниела Лазревска
9.	ОУ „Христијан Карпош“	Слаѓана Ѓориќ
10.	ОУ „Магдалена Антова“	Марјан Ангеловски
11.	ООУ „Битолски Конгрес“ с. Лопате	Гулсиме Османи
12.	ООУ „Карпош“ с. Умин Дол	Игор Митровиќ
13.	ООУ „Вера Которка“ с. Клечовце	Бојана Доневска
14.	ООУ „Јероним Де Рада“ с. Черкезе	Џеврије Исмаили
15.	ООУ „Кирил и Методиј“ с. Романовце	Џемаледин Азири
16.	ООУ „Браќа Рибар“ с. Табановце	Лиле Спасовска

Финансиски средства за активностите под цел 3 се обезбедуваат од страна на Министерство за здравство на РСМ.

4. ЦЕЛ

Одржување на хигиенски услови во јавните објекти/училиштата со цел спречување на појава и ширење на заразни болести.

АКТИВНОСТИ

- постојано одржување на хигиена на работните простории како и во училниците;
- постојано одржување на хигиена во санитарните јазли со дезинфекција со средство кое делува на вируси според упатство од производителот, алтернативно може да се користи 0,05% натриум хипохлорит (5% белило за домаќинство кое се користи во размер 1:100) или 70% алкохол за дезинфекција на површини;
- обезбедување течен сапун во тоалетите и дезинфекциони средства;

Финансиски средства за извршување на цел 4 ќе обезбедат училиштата од сопствените буџети.

IV Општа мерка

ПОДДРШКА, УНАПРЕДУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

1. ЦЕЛ

Поддршка и зајакнување на улогата на здруженијата на граѓани кои сроведуваат активности насочени кон унапредување на здравствената заштита, превенција и промоција на здрав начин на живот и заштита на јавното здравје.

АКТИВНОСТИ

1.Промоција на здрав начин на живот и превенција на болести

-Финансиска поддршка на граѓански здруженија кои реализираат програми и проекти од областа на здравствена заштита;
- Организирање на едукативни кампањи за здрава храна, физичка активност и ментално здравје;
-Спроведување на превентивни активности (вакцинација, скрининг на хронични болести, рано откривање на рак);

2. Поддршка на лица со попреченост

- Финансиска поддршка на здруженија кои спроведуваат рехабилитација, физикална терапија и психоцоцијална поддршка за лица со попреченост;

Условите и начинот во спроведување на постапката за унапредување на здравствена заштита ќе бидат пропишани во Правилникот.

2. ЦЕЛ

Организирање на превентивна кампања за намалување на социо-здравствени ризици (дрога и други психотропни супстанции) во средните училишта

Намалување на социо-здравствените ризици преку зголемување на свеста, рана превенција и промоција на здрави стилови на живот кај младите и поширокатa заедница, со цел спречување на употребата на дрога, алкохол и други психотропни супстанции.

АКТИВНОСТИ

1. Организирање на едукативни и информативни кампањи

-Подготовка и реализација на јавни кампањи за штетноста од употреба на дрога, алкохол и други супстанции;

-Поставување едукативни постери, спотови и информативни материјали во училиштата, младинските центри и јавни простори.

2. Вклучување на младите во превентивни активности

-Организирање на работилници, спортски настани и волонтерски акции под мотото „Живот без дрога“;

3.Јакнење на соработката помеѓу институциите

-Вклучување на стручни служби од средните општински училиштата, Центарот за јавно здравје Куманово, Општа болница Куманово и Министерство за внатрешни работи (СВР Куманово) во спроведување на превентивни активности;

-Потпишување на меморандуми за соработка со здравствени и образовни институции.

Условите и начинот во спроведување на постапката за превентивна кампања за намалување на социо-здравствени ризици (дрога и други психотропни супстанции) во средните училишта ќе бидат пропишани во Правилникот.

Финансиски средства за реализација на IV Општа мерка ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Куманово.

V. Општа мерка

ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

1. ЦЕЛ

Како резултат на глобалното затоплување и климатските промени постои можност за зголемување на бројот од заразни болести и појава на заболувања кои веќе се искоренети или биле присутни во минатото, како и појава на заболувања кои не се карактеристични за нашето подрачје како и можност за појава на тропски и суптропски болести кои ги пренесуваат комарците и други вектори.
Присуство на комарците, крлежите и други штетни инсекти е пермаментно присутен проблем кој мора да се решава и со тоа да се придонесе за обезбедување на поставената општествена цел – заштита на населението од штетните делувања на овие биолошки врсти.
На ова не обврзува и Законот за заштита на населението од заразни болести сл.весник на РМ бр.66/2004 каде во член бр.42 стои „ За дезинсекција и дератизација на населбите и нивната околина надлежни се општините, кои ги изведуваат со стручна и техничка помош на Центрите за јавно здавје.
Заради тоа со цел спречување и сузбивање на заразните болести кои предизвикуваат или се преносители на заразни заболувања во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на општина Куманово согласно стручно мислење од ЈЗУ „Центар

за јавно здравје“ Куманово Локалната самоуправа на општина Куманово ќе спроведе превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

АКТИВНОСТИ

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата се изведуваат со стручна и техничка помош на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ - Куманово и правни лица што ги исполнуваат условите пропишани со закон и прописи донесени врз основа на истиот.
-дезинсекција се извршува како мерка во борба против инсекти (членконоги вектори), а со цел спречување на ширење заразни болести (Зика вирусна инфекција, Треска на Западен Нил, Конго – кримска хеморагична треска, Маларија, Чикунгунија, Конгокримска Хеморагична треска, Лајмска Борелиоза, Лајшманиоза и др.) каде што како вектори се јавуваат истите ;
- дератизација се извршува како мерка во борба против глодарите, а со цел спречување на ширење на заразни болести (Туларемија, Бруцелоза, Лептоспироза,Чума, Салмонелоза, Беснило, Трихинелоза и др.) каде што како вектори се јавуваат истите.

Авиотретирањето против комарци ќе се врши со авиозадимување и запрашување на територијата на Општина Куманово на површина од 1270 хектари. Третирањето ќе се изврши во два наврата по 1270 хектари и тоа на следните локации:

Р.бр.	**Локации**
1.	Течение на река Кумановка
2.	Течение на река Липковка
3.	Течение на река Којнарка
4.	Месна заедница Бабин Дол
5.	Месна заедница Гоце Делчев
6.	Месна заедница Тоде Мендол
7.	Централно градско подрачје
8.	Прочистителна станица ЈП„Водовод“ с. Добрашане

Авиотретирање се извршува во раните утрински часови на 23 ден од првиот третман, во зависност од временските услови.

Аеросолна дезинсекција од земја - **терестичка дезинсекција** – третирање на возрасна форма на комарци според однапред мапирани терен

- По течение на река Кумановка од Кумановска бања, преку с. Проевце, м.в. Бејтови ниви, Кеј на реката Кумановка, површини под бавчи од другата страна на реката, должина на бул. Октомвриска револуција, област околу Градски парк и ул. Никола Тесла, реонот на ОУ Толи Зордумис покрај реката, населба Диво Насеље, с. Романовце по течение на реката, Градски гробишта како еден од главните легла на комарци, нас. Зелен Рид, по должина на бул. 3-та МУБ, и ул. 11-ти Октомври со посебен осврт на Градска болница, централно градско подрачје, по должина на река Серава, нас. Перо Чичо и други неспомнати делови од градот.

- Рутата ќе биде различна на секој третман, зависно од движење на граѓаните во тие утрински часови, правец и брзина на ветер.

Терестичка дезинсекција се спроведува околу жариште, односно легла на комарци, места каде што молестираат (шеталишта) комарци, над и околу поплавени површини. Се изведуваат 5 (пет) третмани во период од мај до септември. Временските услови треба да бидат стабилни, без дожд и без ветар – до 3км/час. Уништувањето на возрасните форми на комарци се изведува по пат на: прскање, оросување и замаглување.

Ларвицидна дезинсекција – се изведува во фаза на ларва на комарецот.

Организирано уништување на комаричните ларви е метода со која се постигнуваат максимални резултати и минимални штети по околината и здравјето на населението.

Локации предвидени за третман се делови со стоечка вода која опстојува во текот на целата сезона или подолг временски период доволен за репродукција на комарците – Погон кај воени објекти кај Југ-турист, заезерена површина кај с. Речица, трски на пат накај истото село, стоечки води по течение на реките Липковка, Којнарка и Кумановка, застоена вода покрај реката Пчиња лок. Визиана, м.в. Бара нас. Карпош, место викано Одзерон (локалитет Прочистителна станица ЈП„Водовод“) и други локации неспомнати.

Ларвицидна дезинсекција се врши во март и април. Се изведуваат 2 (два) третмани. Третманите се извршуваат на две недели, во зависност од временските услови.

Отстапување од оваа редовна постапка ќе се изврши по претходно упатство од страна на ЈЗУ „Центар за Јавно Здравје“ – Куманово.

Дезинсекцијата (третман против крлежи) на територијата на Општина Куманово ќе се врши на следниве јавни површини:

Р.бр.	**Јавна површина**
1.	Градски парк
2.	Октомвриска Револуција – кеј
3.	Октомвриска Револуција - Д-р Бато
4.	Тоде Думба – кошеви
5.	Спомен Костурница
6.	Мал и голем плоштад
7.	Соколански парк

Хемиски третман против лазечки инсекти (црна бубашваба) во отвори на шахти од постоечка канализација.

Хемиските третмани ќе се изведуваат во раните утрински часови. Операцијата ќе биде изведена во две фази, односно пролет и есен (зависно од временските услови). За таа цел ќе се користат инсектициди регистрирани од Министерството за здравство на РСМ.

Ќе се одвива паралелно со дератизација со техника на спреирање при што ќе се употребува препарат регистриран за таа намена со решение од Министерство за Здравство на РСМ со продолжено или резидуално дејство во количини пропишани во упатството без ризик на контаминација на животната средина. Треба да бидат ист број на отвори на шахти како при дератизација во количина од 1200 броја.

Дератизацијата против глодари во канализациона мрежа се врши со поставување на мамци во отворите од шахтите на постоечката канализациска мрежа, а ќе бидат опфатени и отворите што служат за собирање на атмосферска вода. Вкупниот број на опфатени канализациони шахти ќе изнесува 1200.

Се предвидува поставување на хемиски препарати (родентициди) мамечки места во јасно обележени и затворени мамечки кутии, кои ќе бидат фиксирани во ѕидот на основата од кејот.

Финансиски средства за извршување на дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Куманово.

Финансиски средства за извршување на Програма за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2026 година	
IV мерка: ПОДДРШКА, УНАПРЕДУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА	
Поддршка, унапредување и развој на здравствена заштита	450 000
V мерка: ВРШЕЊЕ НА ПРЕВЕНТИВНА ДЕЗИНФЕКЦИЈА, ДЕЗИНСЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА И ДРУГИ ХИГИЕНСКО-ТЕХНИЧКИ МЕРКИ НА НАСЕЛЕНИ МЕСТА И ЈАВНИ ПОВРШИНИ	
Авио третирање со инсектицид против комарци – возрасна форма	1 700 000
Теристичка дезинсекција (третман против возрасна форма на комарци)	400 000
Ларвицидна дезинсекција против ларви од комарци	100 000
Дезинсекција, третман против крлежи на јавни зелено цветни површини	400 000
Дезинсекција, третман против црна бубашваба во канализациона мрежа	100 000
Дератизација против глодари во канализациона мрежа	300 000
ВКУПНО:	

Надзор над спроведување на Програмата врши надлежниот општински орган.

За спроведување на активностите на терен изведувачот е должен да доставува извештаи за секоја извршена работа.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр.09-18303/42
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

754.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок

за објавување на Програма за развој на социјалната заштита во Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Програмата за развој на социјалната заштита во Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/46, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18762/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

755.

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02, „Службен весник на РСМ“ бр. 202/24), член 11, став 1, алинеја 7 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на РСМ“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), Националната програма за развој на социјалната заштита 2022-2032 („Службен весник на РСМ“ бр.237/22), Социјален план на општина Куманово 2023-2026, Измена и дополнување на социјалниот план на Општина Куманово за 2023-2026 година како и член 66 од Статутот на Општина Куманово-пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.15/21), Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 29 декември 2025година, донесе

ПРОГРАМА
ЗА РАЗВОЈ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА
ВО ОПШТИНА КУМАНОВО
за 2026 година

I. ВОВЕД

Согласно член 6 став 3 од Законот за социјална заштита („Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22, 236/22, 65/23 и 192/25), носители на системот на социјална заштита се Републиката и општините, секоја во рамките на своите законски утврдени надлежности.

Во согласност со член 11 став 1 алинеа 7 од наведениот закон, општините се задолжени да донесуваат годишни програми за задоволување на потребите на граѓаните во областа на социјалната заштита, во кои се утврдуваат активностите и средствата потребни за нивна реализација. Годишните програми се изготвуваат врз основа на Социјалниот план на општината, донесен од Општинскиот совет за социјална заштита, и мора да бидат усогласени со Националната програма за развој на социјалната заштита 2022–2032 година. Пред нивно усвојување, истите се доставуваат до Министерството ради обезбедување мислење.

Социјалниот план на општина Куманово за периодот 2023–2026 година (бр. 43-980/35 од 13.12.2023 година) е изменет и дополнет со соодветни мерки и активности кои произлегуваат од Извештајот за социјално мапирање (бр. 43-10200/1 од 10.10.2024 година). Важноста на планот истекува на 31.12.2025 година. Во текот на 2026 година, новиот состав на Општинскиот совет за социјална заштита ќе има обврска да изготви и донесе нов Социјален план за периодот 2026–2030 година.

Владата на Република Северна Македонија ја има донесено Националната програма за развој на социјалната заштита 2022–2032 („Службен весник на РСМ“ бр. 237/22), со која се утврдуваат стратешките цели, приоритетите и насоките за развој на системот на социјална заштита, како и мерките на активна социјална политика на среден и долг рок.
Локалната самоуправа ги остварува своите надлежности и согласно други релевантни закони и подзаконски акти, меѓу кои:

1. Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002);
2. Закон за социјална заштита;
3. Статутот на општина Куманово;
4. Законот за социјална сигурност за старите лица („Службен весник на РСМ“ бр. 104/2019);
5. Законот за заштита на децата („Службен весник на РСМ“ бр. 146/2019);
6. Законот за семејство („Службен весник на РМ“ бр. 153/2014);
7. Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство;
8. Национални програми и други соодветни закони и акти

➢ **Каков е карактерот на социјалната политика врз која е базирана оваа Програма?**

Програмата се заснова на современи принципи на социјална политика насочени кон заштита и поддршка на граѓаните кои, поради различни околности, се наоѓаат во положба на социјален ризик. Во нејзината основа е инкорпориран реформскиот процес во системот на социјална заштита започнат во 2019 година со донесувањето на Законот за социјална заштита, при што особено се нагласува улогата на локалната самоуправа во развојот, унапредувањето и диверзификацијата на социјалните услуги.

Клучен елемент е воспоставувањето на функционално вмрежување и координација меѓу институциите, граѓанското општество и локалната заедница, со цел обезбедување интегрирани и достапни услуги за корисниците. Програмата предвидува и силно превентивно делување насочено кон навремено препознавање, идентификација и спречување на повторна појава на социјални проблеми.

Програмата за развој на социјалната заштита на општина Куманово е целосно усогласена со:

- **Социјалниот план на општина Куманово 2023–2026 година,**
- **Измените и дополнувањата на Социјалниот план 2023–2026,**

- **Националната програма за развој на социјалната заштита 2022–2032 година,**

и ги следи стратешките насоки, приоритети и развојни цели утврдени со овие документи.

➢ **Визија**

Да се воспостави одржлив, транспарентен и инклузивен систем на социјална заштита на локално ниво, заснован на принципите на еднаквост, достапност и правичност, кој обезбедува навремена, професионална и интегрирана поддршка за сите граѓани. Локалната самоуправа да се развие во модерна и институционално зајакната средина која активно ги препознава социјалните потреби, превентивно делува и создава услови за социјално закрепнување, економско зајакнување и целосно учество на секој поединец во заедницата.

Визијата е да се гради локален систем што функционира на принцип на партнерство помеѓу институциите, граѓанскиот сектор и заедницата, користејќи дигитални, иновативни и докажано ефективни практики за подобрување на благосостојбата и намалување на социјалните ризици. На тој начин, општината да стане пример за општествен модел во кој секој граѓанин има можност да живее достоинствено, безбедно и активно да придонесува во развојот на заедницата.

➢ **Мисија**

Мисијата на локалниот систем на социјална заштита е да обезбеди сеопфатни, навремени и достапни услуги насочени кон унапредување на квалитетот на живот на сите граѓани, со особен фокус на ранливите, маргинализираните и социјално загрозените групи. Локалната самоуправа има за цел да развива и спроведува ефикасни мерки за социјална превенција, рана интервенција и поддршка, со што ќе се овозможи намалување на социјалните ризици и поттикнување на социјална стабилност во заедницата.

Мисијата опфаќа и активно создавање простор за партнерство меѓу институциите, граѓанскиот сектор, деловната заедница и граѓаните, со цел иницирање иновативни решенија, развивање локални услуги засновани на реални потреби и обезбедување континуирана поддршка за индивидуално и семејно јакнење.

Преку развој на професионални услуги, интегрирани пристапи и зголемена отпорност на локалниот систем, социјалната заштита да стане столб на една правична, инклузивна и солидарна локална заедница во која секој човек има можност за достоинствен живот, личен развој и активно учество во општествениот тек.

➢ **Институционална рамка**

Социјалната заштита претставува дејност од јавен интерес, реализирана преку мерки, активности, програми и политики кои обезбедуваат заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои негативно влијаат врз добросостојбата на граѓаните. Основните цели на социјалната заштита се:

- обезбедување и унапредување на социјалната сигурност на граѓаните,
- спречување на социјалната исклученост,
- подобрување на квалитетот на животот на граѓаните,
- зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот.

Општина Куманово повеќе од една деценија обезбедува локална социјална заштита, посветена на граѓаните кои се изложени на ризици од сиромаштија, болест, социјална исклученост и други социјални ризици со последици врз нивната добросостојба. Основата за обезбедување на локална социјална заштита беше поставена со **Програмата за организирање и обезбедување на социјална заштита**, донесена од Советот на Општина Куманово на 08.07.2010 година. Од тогаш, Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита при Секторот за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита континуирано креира, организира и спроведува активности и мерки предвидени во сите последователни програми за развој на социјалната заштита.

Со **Програмата за развој на социјална заштита за 2026 година**, општина Куманово се стреми кон:

- Намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост, со посебен акцент на ранливите групи граѓани;
- Унапредување на квалитетот на животот на граѓаните преку развој и модернизација на локалните социјални услуги, со фокус на нивната достапност, квалитет и инклузивност;
- Зајакнување на капацитетите на граѓаните за водење независен, активен и продуктивен живот;
- Превенција и рана интервенција при појава на социјални ризици, со цел навремено откривање и ублажување на последиците од социјални проблеми;
- Обезбедување поддршка и инклузивност за сите ранливи категории, со посебен акцент на родовата еднаквост, лица со инвалидитет, деца, стари лица и други групи изложени на социјални ризици;
- Промоција на социјална солидарност и заедничка одговорност, поттикнувајќи вклучување на граѓаните, невладиниот сектор и институциите во развојот и имплементацијата на социјалната заштита на локално ниво.

Програмата се заснова на резултатите од Социјалниот план на општина Куманово (2023-2026), како и на неговите измени и дополнувања, усвоени од Општинскиот совет за социјална заштита по претходно извршено социјално мапирање на потребите и предизвиците со кои се соочуваат граѓаните. Социјалното мапирање беше спроведено со поддршка на ГИЗ, НАЛАС и ЗЕЛС, според методологија утврдена од

Германското друштво за меѓународна соработка (ГИЗ), со водечка ориентација кон АГЕНДАТА 2030, Целите за одржлив развој и принципот „Никого не оставај зад себе".

Општина Куманово користи законска можност за утврдување на дополнителни права и услуги во областа на социјалната заштита, надвор од минималните стандарди предвидени со Законот за социјална заштита. Во таа насока, локалната самоуправа развои спроведува бројни локално социјални услуги, мерки и активности- кои се прилагодени на потребите на граѓаните.

Програмата за 2026 година вклучува и континуирани активности и проекти започнати во претходните години, чие спроведување ќе продолжи во 2026 година. Особено внимание се посветува на одржување на родовата еднаквост и обезбедување на социјална инклузивност за сите ранливи групи, преку директни мерки, активности и услуги кои придонесуваат за намалување на нееднаквостите.

Следењето на реализацијата на Програмата ќе се врши од страна на раководните лица при Секторот за култура, спорт, социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита, а годишниот извештај ќе биде доставен до Советот на Општина Куманово.

Граѓаните ќе бидат континуирано информирани за сите активности и мерки преку локалните медиуми, веб-страницата на Општина Куманово и официјалниот Facebook профил. Финансиските средства за реализација на Програмата во прв ред ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Куманово, а дополнително се предвидува поддршка и од други донатори.

I. Мерки за обезбедување и развој на социјална заштита на општина Куманово за 2026 година

1. Продолжување и продлабочување на процесот на обезбедување и унапредување на социјалната заштита во Општина Куманово

Продолжување и продлабочување на процесот на обезбедување и унапредување на социјалната заштита во Општина Куманово е основна цел која се реализира преку Одделението за социјална заштита, заштита на деца и здравствена заштита; како и преку континуирано обезбедување на финансиски средства преку Буџетот на Општината, на со закон создадената надлежност на Општината (покрај Републиката) да биде носител на социјалната заштита и да обезбедува вршење на социјалната заштита во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија како и да утврдуваат и финансираат и други права и социјални услуги за социјална заштита во поголем обем.

Носители: Општина Куманово во соработка со локални и државни чинители

Целна група: Социјално ранливи категории и маргинализирани групи граѓани кои живеат на територија на општина Куманово

Временска рамка: јануари-декември 2026 година

Потребни ресурси: Човечки/Финансиски (Буџет на Општината/Други фондови)

2. Продолжување и продлабочување на соработката на Општината со релевантните чинителите од областа на социјалната заштита

Општина Куманово ќе се стреми да ја унапреди соработката со Министерството за социјална политика, демографија и млади на РСМ, Завод

за социјални дејности, ЈУМ Центар за социјална работа Куманово, АВРСМ Центар за вработување Куманово, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување и други чинители, преку сите форми и начини на соработка. Институционална размена на искуства, податоци и информации за ризичните категории на граѓани, проблемите со кои тие се среќаваат и начините за подобрување на нивната состојба. Организирање на заеднички состаноци, трибини и работилници со цел унапредување на социјалната заштита на локално ниво. Носители: Општина Куманово, Министерство за социјална политика, демографија и млади, ЈУМЗСД, ЈУМЦСР Куманово, АВРСМ Центар за вработување Куманово, Бизнис сектор, ЛЕС (Локален социо-економски совет на општина Куманово), (ОССЗ) Општински совет за социјална заштита, Народен правобранител и др. Целна група: Социјално ранливи категории и маргинализирани групи граѓани кои живеат на територија на општина Куманово Временска рамка: јануари-декември 2026 година Потребни ресурси: Човечки
3. Продолжување и продлабочување на соработката на Општината со невладини организации/граѓанските здруженија на територија на општината и надвор од неа Унапредувањето на соработката е со цел активно вклучување на невладиниот сектор во процесот на донесување на одлуки од интерес на граѓаните на општината. Можност за нивно вклучување во процесот на социјална заштита како лиценцирани даватели на социјални услуги на локално ниво. Размена на податоци од мапирање со невладиниот сектор за потребите и проблемите на целните групи со коишто работат и за областа за којашто се специјализирани. Заедничко учество на јавни повици од областа на социјалната заштита. Носители: Сите здруженија на граѓани регистрирани на територија на општина Куманово и надвор од неа, коишто се регистрирани од областа на социјална заштита, хуманитарна работа, детска заштита и слично Целна група: Социјално ранливи категории и маргинализирани групи граѓани кои живеат на територија на општина Куманово Временска рамка: јануари-декември 2026 година Потребни ресурси: Човечки
4. Функционирање на Општинскиот совет за социјална заштита на општина Куманово (ОССЗ) Спроведување на редовните активности на ОССЗ на општина Куманово преку континуирани средби, работни состаноци и изготвување на нов Социјален план на Општина Куманово 2026-2030 година. Размена на информации и податоци помеѓу новите членовите кои што ќе бидат именувани, на истиот со цел унапредување на социјалната заштита преку воведување и развој на нови мерки, социјални услуги и активности во Социјалниот план кои подоцна ќе бидат преточени во локална програма за социјална заштита. Носители: Членови на Општинскиот совет за социјална заштита Целна група: Социјално ранливи категории и маргинализирани групи граѓани кои живеат на територија на општина Куманово Временска рамка: јануари-декември 2026 година Потребни ресурси: Човечки

5. Информирање и следење на работата на Советот за социјална заштита на североисточен плански регион

Центарот за развој на североисточен плански регион беше иницијатор за формирање на Советот за социјална заштита на североисточниот плански регион во којшто членуваат градоначалниците на општините и директорите на Центрите за социјална работа. Општина Куманово преку Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита и Општинскиот совет за социјална заштита, планира континуирано да се информира за работата на оваа тело како и да дава предлози за развој на регионални социјални услуги согласно потребите на локалните заедници во североисточниот плански регион.

Носители: Членови на Советот за социјална заштита на североисточен плански регион, општинска администрација (Одделение за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита), членови на Општински совет за социјална заштита на општина Куманово.

Целна група: Социјално ранливи категории и маргинализирани групи граѓани кои живеат на територија на општина Куманово

Временска рамка: јануари-декември 2026 година

Потребни ресурси: Човечки

6. Стручно усовршување и обука на административните службеници вработени во Одделението од аспект на специфичноста на материјата од областа на социјалната заштита

Учество на обуки за професионално усовршување од страна на административните работници во Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита организирани од страна на општината или други државни, локални чинители како и граѓански здруженија и меѓународни организации.

Носители: Општина Куманово, МТСП, ЗСД, НВО, ЗЕЛС, граѓански организации и други

Целна група: Вработени административни службеници во Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита

Временска рамка: јануари-декември 2026 година

Потребни ресурси: Човечки

7. Субвенционирање на трошоци за комунални услуги (вода за пиење и депонирање на смет)

Општина Куманово врши субвенционирање на трошоци за комунални услуги (вода за пиење и депонирање на смет) за лица кои се наоѓаат во социјален ризик, односно до 900 денари ќе изнесува субвенцијата за вода за пиење, а до 400 денари ќе изнесува субвенцијата за депонирање на смет.

Условите и начинот на спроведување на постапката за субвенционирање на трошоците за комунални услуги ќе бидат пропишани во Правилникот за утврдување на постапка за субвенционирање на трошоци за комунални услуги.

Носители: Општина Куманово, ЈП „Чистота и зеленило“ Куманово и ЈП „ Водовод“ Куманово

Целна група: Граѓани кои се наоѓаат во состојба на социјален ризик

Временска рамка: јануари-декември 2026 година

Потребни ресурси: Човечки и Финансиски (општински буџетски средства)

Со оваа мерка предвидено е да се опфатат лица/семејства до искористување на средствата обезбедени од страна на Буџетот на Општина

Куманово.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово 7 000 000 **денари**

8. Обезбедување на помош за домување

Општина Куманово обезбедува право на помош за домување на лица/семејства - корисници на гарантирана минимална помош (ГМП) во ЈУ Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа Куманово, материјално и станбено необезбедени, согласно надлежноста која произлегува од член 57, став 2, точка 1 од Законот од социјална заштита, како и член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа; корисници на социјална сигурност на стари лица како и жртви на семејно насилство.

Општината започна со реализација на оваа мерка во 2020 година а истата мерка планира да ја спроведе и во текот 2026 година.

Обезбедувањето на помош за домување ќе се реализира преку мерката:

- Субвенционирање на трошоци за кирија во износ до 6000 денари на месечно ниво во зависност од договорниот износ за кирија на корисникот на оваа право.
- Периодот на користење на мерката и условите за остварување на оваа право дополнително ќе бидат утврдени во Правилникот за утврдување на постапка за обезбедување на помош за домување за 2026 година.

Носители: Општина Куманово

Целна група: Материјално и станбено необезбедени корисници на гарантирана минимална помош (ГМП), жртви на семејно насилство, корисници на социјална сигурност на стари лица

Временска рамка: јануари-декември 2026 година

Потребни ресурси- човечки (вработени во Одделение за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита) и финансиски (општински буџетски средства)

За оваа намена од страна на Буџетот на Општина Куманово предвидени се финансиски средства а со истата ќе бидат опфатени горенаведените корисници на правото, односно до искористување на предвидените средства.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: 600 000 **денари**

9. Еднократна парична помош

Општина Куманово ја обезбедува мерката за доделување на еднократна парична помош на лица/семејства кои се нашле во состојба на социјален ризик. Мерката е воспоставена согласно член 11, став 1, точка 2 од Законот за социјална заштита според кој Општината може да донесе одлуки за утврдување на права и услуги во поголем обем од обемот на права и услуги утврдени со законот а водејќи се согласно потребите на своите граѓани.

Условите и начинот на спроведување на постапката за доделување на еднократна парична помош ќе бидат пропишани во Правилникот за утврдување на постапка за остварување на право на еднократна парична помош за 2026 година.

Во оваа мерка е опфатена и интервентна еднократна парична помош на жртви на семејно и родово базирано насилство во висина до 20 000 денари, а условите и начинот за остварување на оваа право ќе биде дополнително утврдено со горенаведениот Правилник.
Носители: Општина Куманово
Целна група: Лица кои се наоѓаат во социјален ризик
Временска рамка: јануари-декември 2026 година
Потребни ресурси- човечки (вработени во Одделение за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита) и финансиски (општински буџетски средства)
За оваа намена од страна на Буџетот на Општина Куманово предвидени се финансиски средства.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: **1 500 000 денари**

10. Ослободување од партиципација на деца од еднородителски семејства и деца Роми на територија на општина Куманово на возраст од 0-10 години за посетување на ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ Куманово за тековната 2026 година

Оваа мерка, Општина Куманово ја воведе во 2024 година за прв пат а истата ќе продолжи и во текот на 2026 година со цел:

- да се поттикне и промовира значењето на предучилишното воспитание од најмала возраст;
- да се обезбеди поддршка на семејствата кои се наоѓаат во социјален ризик;
- да се унапреди родовата еднаквост, овозможувајќи на мајките од еднородителски семејства да учествуваат на пазарот на труд без пречки поврзани со грижата за децата;
- да се превенира сиромаштијата и социјалната исклученост меѓу ранливите групи.

Освен децата вклучени во предучилишното образование во оваа мерка ќе бидат опфатени и децата кои во градинката „Ангел Шајче“ одат во целодневен престој. Условите и начинот за спроведување на постапката за ослободување од партиципација на деца од еднородителски семејства и деца Роми на територија на општина Куманово на возраст од 0-10 години за посетување на ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ Куманово за тековната 2026 година, ќе бидат пропишани во Правилникот за утврдување на постапка за ослободување од партиципација на деца од еднородителски семејства и деца Роми за посетување на ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ Куманово.
Носители: ЈОУДГ „Ангел Шајче“ Куманово и Општина Куманово
Целна група: Еднородителски семејства и деца Роми
Временска рамка: За тековната 2026 година
Потребни ресурси: Човечки и финансиски (од општински буџетски средства)
За оваа намена од страна на Буџетот на Општина Куманово предвидени се финансиски средства а со истата ќе бидат опфатени горенаведените корисници на правото, односно до искористување на предвидените средства.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: **894 000 денари**

11. Народна кујна за лица кои се наоѓаат под најголем социјален ризик

Преку оваа мерка се обезбедува топол оброк за лица коишто се наоѓаат под најголем социјален ризик,. Условите и начинот за остварување на правото на користење на Народната кујна ќе бидат утврдени во Правилникот за утврдување на постапка за користење на правото на народна кујна за 2026 година.
Носители: Општина Куманово, ЈУМ Центар за социјална работа Куманово, Јавни установи и други
Целна група: Лица кои се наоѓаат под најголем социјален ризик
Временска рамка: За тековната 2026 година
Потребни ресурси: Човечки и финансиски (од општински буџетски средства)
За оваа намена од страна на Буџетот на Општина Куманово предвидени се финансиски средства а со истата ќе бидат опфатени горенаведените корисници на правото, односно до искористување на предвидените средства.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: **4 000 000 денари**

12. Повластено користење на паркинг услуги на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП „Куманово-паркинг“ Куманово од страна на лица со попреченост за 2026 година

Мерката за повластено користење на паркинг услуга го опфаќа правото на годишна претплата за користење на сите јавни паркиралишта и јавни површини наменети за паркирање по повластена/субвенционирана цена за лицата со попреченост.
Условите и начинот за спроведување на постапката за повластено користење на паркинг услуга од страна на лицата со попреченост за 2026 година, ќе бидат пропишани во Правилникот за утврдување на постапка за повластено користење на паркинг услуги на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП „Куманово-Паркинг“ Куманово од страна на лицата со попреченост за 2026 година.
Носители: Општина Куманово, ЈП „Куманово-Паркинг“ Куманово
Целна група: Лица со попреченост
Временска рамка: Тековната 2026 година
Потребни ресурси: Човечки и финансиски од Буџетот на Општина Куманово

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: **4 000 000 денари**

13. Финансиска поддршка за вршење работи од социјална заштита на здруженија

Општина Куманово, заради обезбедување на социјална заштита во рамките на правата и должностите утврдени со Уставот на Република Северна Македонија како и согласно член 11, став 1, алинеја 9 од Законот за социјална заштита, дава финансиски средства за вршење работи од социјална заштита на здруженија на територија на општина Куманово и склучуваат управни договори со истите, со цел развој на социјални услуги на локално ниво.
Врз основа на приоритетите кои произлегуваат од Социјалниот план на општина Куманово 2023-2026, како и измената и дополнувањето на Социјалниот план на општина Куманово за 2023-2026 година, Општината утврди дека во локалната заедница сеуште стои потребата од

развој на социјални услуги пропишани во Законот за социјална заштита а како приоритетна социјалната услуга е „Живеење со поддршка“ за лица со попреченост.
Финансиска поддршка за воспоставување, развој и унапредување на социјални услуги на локално ниво, ќе се врши преку објавување на јавен повик за вршење работи од областа на социјалната заштита од страна на Општина Куманово а условите, критериумите и начинот за реализација на оваа мерка ќе бидат уредени согласно Правилникот за финансиска поддршка за вршење на работи од социјална заштита на здруженија на територија на општина Куманово за 2026 година.
Носители: Општина Куманово, Здруженија на граѓани
Целна група: Лица во ризик, маргинализирани групи на граѓани
Временска рамка: Континуирано во текот на 2026 година
Потребни ресурси: Човечки и финансиски (од Буџетот на општината)
За оваа намена предвидени се финансиски средства од страна на Буџетот на Општина Куманово.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: **3 000 000 денари**

14. Организирање на превентивни кампањи, трибини, работилници, проекти, фокус групи како и промотивен/превентивен материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните од областа на социјалната заштита и детска заштита

Превентивното делување е од исклучителна важност за спречување на појава на социјални ризици и проблеми, кои го намалуваат квалитетот на животот на граѓаните. За остварување на социјалната превенција, се преземаат низа мерки и активности за заштита од социјални ризици, спречување на појава на социјални проблеми кај граѓанинот, семејството или група на население како и ублажување на штетните последици од настанатите социјални проблеми на граѓаните.
Организирањето на овие превентивни мерки за заштита од социјални ризици, спречување на социјални проблеми како и ублажување на штетните последици од појавата на истите ќе бидат спроведени самостојно од страна на Општина Куманово како и во соработка со партнер здруженија кои се специјализирани за работа со одредени социјално загрозени/маргинализирани целни групи.
Сите активности и мерки кои ќе бидат преземени во однос на превентивното делување на Општина Куманово заради намалување на социјалните ризици и социјалните проблеми ќе бидат утврдени во Правилникот за организирање на превентивни мерки и активности во областа на социјалната и детската заштита.
Носители: Општина Куманово, здруженија на граѓани, државни и локални институции и слично.
Целна група: Социјално ранливи категории и маргинализирани групи граѓани кои живеат на територија на општина а кои се наоѓаат под најголем социјален ризик
Временска рамка: Континуирано во текот на 2026 година
Потребни ресурси: Човечки (општинска администрација) и финансиски ресурси обезбедени од страна на Општина Куманово или други партнер-субјекти.

За оваа намена предвидени се финансиски средства од страна на Буџетот на Општина Куманово.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: **500 000 денари**

15. Пилотирање на нова мерка „Зелена социјална работа“

Воведување на мерката „Зелена социјална работа“ како современ и иновативен пристап во социјалниот систем што ги поврзува социјалната заштита, младинската работа и заштитата на животната средина.

Вклучувањето на Општина Куманово во пилотирањето на оваа мерка е предвидено со потпишување на Меморандум за соработка со релевантни партнерски организации со што општината ќе стане дел од спроведувањето на Проектот 333 – „Заеднички за зелено застапување за заштита на животната средина кој има за цел воведување на еколошките или “зелените” перспективи во професионалната социјална и младинска работа, како и придонес кон изградба на инклузивно, отпорно и демократско општество за сите. Проектот е координиран од Центарот за младински активизам ЦМА КРИК и се спроведува во партнерство со Здружение Центар за социјални иницијативи НАДЕЖ-Скопје и Здружение на социјални работници на РМ , со поддршка на Швајцарската влада преку Цивика Мобилитас.

Тоа е релативно нов концепт, особено кај нас, кој ја нагласува важноста на природната средина за квалитет на живот на секој човек.

Преку проектот ќе бидат спроведени локални иницијативи за заштита на животната средина, подигање на јавната свест и ублажување на негативните ефекти од климатските промени.

Носители: Општина Куманово, Здружение на социјални работници на РМ, ЈУМ Центар за социјална работа Куманово како и државни и локални институции (како партнери).

Целна група: Социјално ранливи категории и маргинализирани групи граѓани кои живеат на територија на општина а кои се изложени на зголемен социјален ризик

Временска рамка: Континуирано во текот на 2026 година

Потребни ресурси: Човечки ресурси (општинска администрација) и финансиски ресурси обезбедени од страна на Општина Куманово или други партнер-субјекти.

За оваа намена предвидени се финансиски средства од страна на Буџетот на Општина Куманово како и финансиски средства обезбедени од Проектот.

Висина на средства од Буџет на Општина Куманово: **50 000 денари**

16. Активностите на Мултидисциплинарниот тим за постапување со деца на улица во општина Куманово

Согласно член 22 точка 7 од Законот за локална самоуправа, една од надлежностите на Општината во областа на социјалната заштита и заштита на децата е грижата за деца на улица. Тоа се деца коишто живеат со своите семејства, но во голема мера се запоставени, исклучени од образовниот процес, подложни на економска и сексуална експлоатација, деца кои злоупотребуваат психотропни супстанции како и занемарени деца.

Заради понатамошно спроведување на надлежностите, а со намера за поинтензивно работење во оваа насока во 2026 година планирано е

да се изработи Локален акционен план за заштита на деца на улица во општина Куманово 2026 година, чиишто активности ќе бидат спроведени од страна на Мултидисциплинарниот тим составен од преставници на Одделението за социјална заштита, заштита на децата и здравствена заштита при Општина Куманово, Одделението за семејно насилство и деца на улица при ЈУМЦСР-Куманово и Одделението за општ криминал и Одделението за превенција при СВР-Куманово согласно Протоколот за постапување.
Целта на активностите и мерките ќе бидат насочени кон намалување на бројот на децата на улица, како и превенција од детско питачење, малолетничка деликвенција, трговија со луѓе, економска експлоатација на деца и слично.
Носители: Општина Куманово, ЈУМЦСР-Куманово и МВР-СВР Куманово како и други релевантни чинители (здруженија и слично).
Целна група: деца на улица во општина Куманово
Временска рамка: Континуирано во текот на 2026 година
Потребни ресурси: Човечки (членови на Мултидисциплинарниот тим)
За оваа намена не се предвидени средства од страна на Буџетот на Општина Куманово.

II. Финансиска рамка за реализација на Програмата за социјална заштита на општина Куманово за 2026 година

	Социјална мерка/активност	Издвоени финансиски средства (во денари)	Буџет
2.	Субвенционирање на трошоци за комунални услуги (вода за пиење и депонирање на смет)	7 000 000	Општина Куманово
3.	Обезбедување на помош за домување	600 000	Општина Куманово
4.	Еднократна парична помош	1 500 000	Општина Куманово
5.	Ослободување од партиципација на деца од еднородителски семејства и деца роми на територија на општина Куманово на возраст од 0-10 години за посетување на ЈОУ Детска градинка „Ангел Шајче“ Куманово за тековната 2026 година	894 000	Општина Куманово
6.	Народна кујна за лица кои се наоѓаат под најголем социјален ризик	4 000 000	Општина Куманово
7.	Повластено користење на паркинг услуги на јавните паркиралишта и јавните површини наменети за паркирање со кои стопанисува ЈП „Куманово-паркинг“ Куманово од страна на лица со попреченост за 2026 година	4 000 000	Општина Куманово
8.	Финансиска поддршка за вршење работи од социјална заштита на здруженија	3 000 000	Општина Куманово

9.	**Организирање на превентивни кампањи, трибини, работилници, проекти, фокус групи како и промотивен/превентивен материјал за подигнување на јавната свест на граѓаните од областа на социјална заштита и детска заштита**	500 000	Општина Куманово
10.	**Пилотирање на нова мерка „Зелена социјална работа"**	50 000	Општина Куманово
ВКУПНО		21 544 000	**Општина Куманово**

III. Преодни и завршни одредби

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 15303/46
29 декември2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

756.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за субвенционирање на здруженија на граѓани и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз за 2026 година

1. Се објавува Програмата за субвенционирање на здруженија на граѓани и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз за 2026 година, Бр. 09 – 18303/47, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово”.

Бр. 08-18761/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

757.

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ” бр. 202/24), член 48 и член 49 став 1 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ“ бр.52/10, 135/11, и 55/16, „Служебник весник на РСМ“ бр. 239/22), член 17 став 5 и член 66 од Статутот на Општина Куманово - пречистен текст („Службен гласник на Општина Куманово“ бр.15/21), Советот на Општина Куманово на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
за субвенционирање на здруженија на граѓани и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз за 2026 година

Согласно член 49 став 1 од Законот за здруженија и фондации организациите можат да добиваат средства од Буџетот на Република Македонија , буџетите на општините, општините во градот Скопје и Градот Скопје, во таа насока, оваа Програма има за цел да ги субвенционира здруженијата и фондациите кои имаат регистрирана културна,социјална или хуманитарна дејност, а се регистрирани на територија на Општина Куманово.

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Член 1

Субвенционирањето се однесува на бесплатен посебен превоз, за целите и потребите на здруженија и фондации кои организираат културни настани за унапредување и развој на културата во Општина Куманово.

ФИНАНСИРАЊЕ, НАЧИН НА ВРШЕЊЕ И ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА

Член 2

Финансиски средства предвидени од Буџетот на Општина Куманово за 2026 година за субвенционирање на здруженија и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз, се во износ од 1.000.000 денари.

Финансиските средства од став 1 ќе бидат исплатени на ЈП „Куманово-Паркинг“ како давател на субвенцијата како превозник.

За распределбата на финансиските средства на здруженија и фондации од Општина Куманово, како и уредување на правата и обврските за истата Општина Куманово ќе склучи договор со ЈП „Куманово-Паркинг“, Куманово.

Субвенционирањето ќе се врши за период од 01.01.2026 до 31.12.2026 година.

КРИТЕРИУМИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СУБВЕНЦИЈАТА

Член 3

Субвенцијата ќе ја користат здруженија и фондации кои имаат регистрирана културна, социјална или хуманитарна дејност, а се регистрирани на територија на Општина Куманово.

Условите кои треба да ги исполнуваат здруженијата и фондациите ќе бидат пропишани во Правилник за субвенционирање на здруженија и фондации од Општина Куманово за бесплатен посебен превоз за 2026 година, донесен од Градоначалникот на Општина Куманово.

Член 4

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово“.

Бр. 09 -18303/47
29 декември 2025 годин
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

758.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за измена на Програмата за развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2025 година

1. Се објавува Програмата за измена на Програмата за развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2025 година, Бр. 09 – 18303/48, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18760/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

759.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 22 – а, став 1, 2 и 3 од Законот за спортот („Службен весник на РМ" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15 и 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24) и член 25 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

Програма
за измена на Програмата за развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2025 година

Управниот одбор на Општински сојуз на спортови Куманово на својата седница одржана на ден 20.12.2025 донесе одлука за измена на Програма за развој на спорт и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2025 година донесена од Совет на Општина Куманово бр.09-12889/41 од 16.12.2024 г. со која се прави измена во

- Ставка I се повлекува „Планинарски клуб Козјак Куманово – 20.000,оо денари", и
- Ставка I се намалува за 20.000,оо денари и наместо 270.000,оо Ставка I ќе изнесува 250.000,оо денари.

- Ставка IV се додава „Одбојкарски клуб Трговски Куманово – 20.000,оо денари"
- Ставка IV се зголемува за 20.000,оо денари и наместо 14.120.256,оо Ставка IV ќе изнесува 14.140.256,оо денари.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 09 – 18303/48
29 декември 2025 година
Куманово

Совет на Општина Куманово
Претседател,
Ивана Ѓорѓиевска, с.р.

760.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 51 став 1 точка 3 и член 52 од Статутот на Општина Куманово, Градоначалникот на Општина Куманово, донесе

Заклучок
за објавување на Програма за развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2026 година

1. Се објавува Програмата за развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните во Општина Куманово за 2026 година, Бр. 09 – 18303/49, што Советот на Општина Куманово ја донесе на седницата одржана на 29 декември 2025 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Куманово".

Бр. 08-18759/1
30 декември 2025 година
Куманово

Градоначалник
на Општина Куманово,
Максим Димитриевски, с.р.

761.

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24), член 22 – а, став 1, 2 и 3 од Законот за спортот („Службен весник на РМ" бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15 и 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 98/19, 244/19, 53/24, 74/24 и 170/24) и член 25 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Куманово („Службен гласник на Општина Куманово" бр. 13/03, 13/07, 8/15, 11/19 и 12/21), Советот на Општина Куманово, на седницата одржана на 29 декември 2025 година, донесе

ПРОГРАМА
За развој на спортот и рекреативни активности на граѓаните
во Општина Куманово
за 2026 година

ВОВЕД,

Општинскиот сојуз на спортови Куманово, е спортско здружение во кое се здружени спортски асоцијации(клубови,сојузи,друштва) од Општина Куманово, во склад со Законот за здруженија на граѓани и фондации и Законот за спорт, поради остварување на јавниот интерес во Општината во областа на спортот; планирање, организирање и реализирање на спортски активности содржани во Програма; со цел да се грижи за развојот и унапредувањето на спортот и спортската рекреација на граѓаните во Општина Куманово.

Годишната Програма за 2026 година се базира на Законот за локална самоуправа, Законот за спорт, член 22-а од Законот за измени и дополнувања на Законот за спорт, Статутот на Општинскиот сојуз на спортови Куманово и на Програмите на спортските асоцијации (здруженија-клубови, сојузи) претставува и основа за среднорочната програма за развој на спортот во Општина Куманово за 2024-2027 година.

При подготовка на Програмата земени се во предвид насоките и заложбите за децентрализација на спортот од Државно на Општинско ниво.

Со донесување на Законот за спорт од Октомври 2004 година и Законот за децентрализација, во кои се дадени НАДЛЕЖНОСТИ на Општините во областа на спортот

произлегува да Општинскиот сојуз на спортови биде координатор на спортските активности, да води грижа за развојот и унапредувањето на спортот во Општината и со нагласена улога ќе биде врската помеѓу Градоначалникот и Советот на Општината од една страна и спортските клубови – здруженија од друга страна.

Управниот одбор на ОССК, согласно предлог на својата комисија за утврдување на Програми доставени од клубовите, сојузи и друштва (членки на сојузот), согледувајќи го значењето, категоризацијата, степенот на натпреварувањето, вклученоста на младите категории, производството на успешни спортисти, успешноста на клубот, како и потреби од финансиски средства за организација и реализација на спортски активности од сите области, со Одлука донесе Програма, врз основа на Законот за спорт, член 22-а став 2 од Законот за измени и дополнувања на Законот за спорт од 2004, 2011 и 2016година , член 35 став 11 од својот Статут и Програма на Сојузот на спортските федерации на Република Северна Македонија.

Инаку за пофалба е зачленувањето на уште три нови клуба во ОССК и тоа:
Карате клуб „Мусаши“
Одбојкарски клуб „Трговски Куманово“
Бокс клуб „Вориор“ и
нов третолигаш Фудбалски клуб „Лопати 97“, со што нашето семејство брои над 50 членки, кои добиваат помош во финансии, превоз итн.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА СПОРТСКИ ПРОГРАМИ

Заради целосен опфат на потребите за реализацијата, соработувано е со спортските клубови кои непосредно ќе бидат носители на активности планирани со оваа Програма.

Во врска со веќе кажаното програмата опфаќа спортски активности содржани во член 22-а од Законот за измени и дополнувања на Законот за спорт од 2004 година, изнесени во ставки од **I** до **VII** :

I. Спортско рекреативни активности на граѓаните-спорт за сите, спорт за лица со посебни потреби;

II. Спортски манифестации-приредби, турнири од посебни национални и Општински интереси;

III. Општински сојуз на спортови Куманово – Програмски основи;

IV. Натпреварувачки – подршка на Врвен спорт и реактивирање на постојните и создавање на нови спортски клубови во поедини спортски дисциплини;

V. Подршка во обезбедување на превоз, сместување, исхрана, спортски терени и објекти за одржување на тренажен процес и првенствени натпревари на спортските клубови и сојузи;

VI. Училишен спорт;

VII. Непредвидени трошоци.

Изнесените активности во ставки од I до VII, подробно се дадени во содржина на програмата за спортски активности и материјално финансиски потреби за организација и реализација на истите.

Реализација на финансиски средства од програмата, ќе се одвива преку трансакциска сметката на ОССК, со обврска да назначените средства од ставките бидат наменски користени и сервисирани на трансакциска сметка на клубовите (здруженија и сојузи), именувани во содржина на програмата, како учесници во организација и реализација на спортските активности.

Спортските клубови и сојузи се должни да до ОССК, поднесат извештај за потрошените средства од наведените ставки содржани во програмата.

ОССК по изминување на годината поднесува извештај до Советот за потрошените средства доделени од буџетот на Општина Куманово.

Ваква постапка дава прегледност и увид за трошењето на средствата наменети за спортските активности содржани во програмата.

Доколку поедини спортски активности наведени во содржина на програмата од субјективни и објективни причини (непогодни временски услови, терминска неусогласеност и друго) не се одржат, сојузот го задржува правото да на нивно место доколку се појават услови реализира други спортски манифестации-активности и изврши пренамена на предвидените средства за кое Советот ќе биде запознаен преку извештајот по нивна реализација.

ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Здравствена заштита на спортисти и лекарски прегледи треба да се обавуваат преку Завод за спортска медицина. Интенција е за во иднина Заводот за здравствена заштита да има директна комуникација со Општински сојуз на спортови Куманово во смисол да има контактирање за спортските клубови редовно да вршат прегледи.

СОРАБОТКА

Општински сојуз на спортови Куманово, за успешна реализација на програмата тесно ќе соработува со Градоначалникот, надлежен сектор во локална самоуправа и Совет на Општина Куманово, Сојуз на спортски федерации на Македонија, Министерство за спорт на РСМ и Олимписки комитет на Република Северна Македонија.

ИНФОРМАЦИЈА

Сите спортски активности дадени во Програмата од надлежност на Општината се под ПОКРОВИТЕЛСТВО на Градоначалникот и Советот на Општината, во организација и реализација на Општински сојуз на спортови и членка соодветен спортски клуб, сојуз зависно од видот на спортот даден во Програмата.

ПРОТОКОЛ

Сите нотирани спортски активности од Програмата ги отвора и затвора доделувајќи соодветни награди (пехари, медали, дипломи и др.) истакнати јавни и спортски работници.

Секоја спортска активност има протокол и сценарио.

ТЕРМИНИ

Отворањето, одржувањето и затворањето на соодветна програмска активност ќе биде утврдена со Распоредот за календарската 2026 година, а за точните датуми, саатнини и место, благовремено ќе бидат информирани сите субјекти и известени во писмена форма.

ИНФОРМИРАНОСТ-ПРОПАГАНДА

Во насока на подигање на интерес и масовно учество на граѓаните, по однос на програмските активности, неминовна е тесна соработка со јавните медиуми во Општината и транспарентност на сите активности по програма која опфаќа редовна информираност на

граѓаните преку соопштенија, спортски емисии на сите ТВ и Радио станици, веб портали и соработка со спортски новинари, изработка на пропаганден материјал.

ОСНОВНИ ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

Активностите на ОССК, во посочениот временски период произлегуваат од новосоздадените односи и организационата поставеност на спортот и спортските здруженија содржани во Законот за измени и дополнување на Законот за спорт, насоките на Министерство за спорт на РСМ и Сојуз на спортските федерации на РС Македонија за натамошно организирано зацврстување и окрупнување на здруженијата од областа на спортот.

Програмата опфаќа масовно учество на граѓаните во рекреативно, забавно, спортски активности, како и голем развој на масовен спорт, со учество на млади луѓе во скоро сите области на спортот што представува темел и основа за подигање и на квалитетен-врвен спорт во Општината и Републиката.

ПРОГРАМА ЗА СПОРТСКИ АКТИВНОСТИ

и материјално финансиски средства за организација и реализација
на истите од ставка I до VII

Ставка I

СПОРТСКО РЕКРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ НА ГРАЃАНИТЕ–СПОРТ ЗА СИТЕ, СПОРТ ЗА ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ

Во оваа ставка спаѓаат спортско рекреативните клубови кои се занимаваат со рекреативен спорт и **Клуб за спорт и рекреација на инвалиди Куманово**

Програмски активности на сојузот покрај учества на републички и меѓународни натрпеварувања опфаќа и организирање и реализација на следниве натпреварувања :

- општински натпревар во стрелаштво со воздушно оружје
- општински натпревар во пинг-понг (мажи и жени)
- општински натпревар во атлетски повеќебој
- општински натпревар во шах.

Клуб за спорт и рекреација на инвалиди.....95.000,оо
Спортско рекреативен риболовен клуб „Пчиња“.....20.000,оо
Спортско рекреативен риболовен клуб „Мак-Дам“.....20.000,оо
Танцов спортски клуб „Мерлин“.....20.000,оо
Планинарски клуб „Козјак 2013“.....30.000,оо
Планинарски клуб „Поларис“.....30.000,оо
Планинарски клуб Куманово.....30.000,оо
Аикидо клуб „Агатсу“.....30.000,оо

Финансиски средства под Ставка I – 275.000,оо денари

Ставка II

СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ - ПРИРЕДБИ, ТУРНИРИ ОД ПОСЕБНИ НАЦИОНАЛНИ И ОПШТИНСКИ ИНТЕРЕСИ

НАПОМЕНА - ОВА Е ПРЕДЛОГ ПРОГРАМА СОСТАВЕНА ОД ПРОГРАМИ НА СПОРТСКИТЕ КЛУБОВИ И СОЈУЗИ КОИ ЧЛЕНУВААТ ВО ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА СПОРТОВИ КУМАНОВО И ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТАТА ВЛИЈААТ НИЗА ФАКТОРИ, НЕВОЗМОЖНО Е СЕ ДА БИДЕ ФИКСНО И ПРЕДВИДЕНО.
СОЈУЗОТ ГО ЗАДРЖУВА ПРАВОТО АКО ИЗЛЕЗЕ МОЖНОСТ ДА ПРАВИ ДОПОЛНА НА ТУРНИРИ И МАНИФЕСТАЦИИ ДОКОЛКУ НЕКОИ ОД НАВЕДЕНИТЕ НЕ МОЖАТ ДА БИДАТ ОДРЖАНИ.
За 2026 година се планирани вкупно 84 манифестации и турнири, што до сега е најобемна Програма. Се надеваме дека сите овие планирани манифестации успешно ќе бидат реализирани.

ЈАНУАРИ

1. **Кошаркарски клуб „Риниа Баскет“ Куманово** – меѓународен кошаркарски турнир за мажи М-16 и жени сениорки.

ФЕВРУАРИ

2. **Велосипедски клуб „Кросс Сајклинг ТИМ“** – „Цикло Крос“ зимска трка.
3. **Српска заедница во Македонија** – Меѓународен фудбалски турнир „Сретење 2026„.

МАРТ

4. **Општински фудбалски сојуз Куманово и Фудбалски клуб „Јуниор“ с.Доброшане** – Меморијален фудбалски турнир „Димчо Стојмановски“ со учество на клубови од општинска лига.
5. **Аикидо клуб „Агатсу“** – Меѓународен семинар по повод Јубилеј 21 години постоење на клубот март/април.
6. **Здружение за планинарење и заштита на планината „Козјак 2013“** – Осмомартовска планинарска тура.
7. **Градски шаховски клуб „Куманово 1“** -брзопотезен шаховски турнир за Денот на жената 8-ми март
8. **Кошаркарски клуб „Риниа Баскет“ Куманово** – меѓународен кошаркарски турнир за жени сениорки.
9. **Планинарски клуб „Куманово“** – роденденска планинарска тура.
10. **Атлетски клуб „Куманово“**- Пролетен атлетски натпревар.

АПРИЛ

11. **Ракометни ветеранки „Куманово“**– Меѓународен меморијален ракометен Турнир „Јасмина Голубовиќ“.
12. **Танцов спортски клуб „Мерлин“** – меѓународна танцова манифестација 14-ти Денс фест.
13. **Шаховски клуб „Фишер“**- шаховски турнир -симултанка.
14. **Ветерани на фудбалски клуб 2002 Куманово** – априлски фудбалски турнир, со учество на клубови од нашиот Град и Државата.

МАЈ

15. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово** – 1ви Мај Пролетен Крос.

16. **Фудбалски клуб „Куманово Еуроспорт“** – Меѓународен фудбалски турнир во младински категории.
17. **Градски шаховски клуб „Куманово 1“** – Меѓународен шаховски турнир Опен Куманово
18. **Гимнастички клуб „Атлета“ Куманово** – гимнастички турнир.
19. **Велосипедски клуб „Кросс Сајклинг ТИМ“** – велосипедска трка Маунтен бајк Куманово.
20. **Фудбалско здружение Ветерани на фудбалски клуб Куманово 2022** - Мајски Меморијален фудбалски турнир, со учество на клубови од нашиот Град и Државата.
21. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово**–24 мај трка на 200м и 400м.
22. **Општински фудбалски сојуз Куманово**–Меморијален фудбалски турнир ФК Лирија Черкези мај/јуни.
23. **Боксерски клуб „Куманово-84“** – Меморијален меѓународен турнир „Мирослав Петровиќ“ мај/јуни.

ЈУНИ

24. **Фудбалски клуб „Куманово 2012“** – Меѓународен фудбалски турнир во младински категории Куманово КУП 2026
25. **Боксерски клуб „Фајтер Илери“ Куманово** – Меѓународен бокс турнир.
26. **Карате клуб „Башкими 2002“** – Карате турнир Гранд при Куманово.
27. **Фудбалски клуб „Куманова-Милано 2010“** – Меморијален Меѓународен фудбалски турнир „Кенан Амети“.
28. **Женски фудбалски клуб „Башкими 2024“** – женски фудбалски турнир.
29. **Српска заедница во Македонија** - Традиционален фудбалски турнир ВИДОВДАН 2026, со учество на градски фудбалски екипи.
30. **Атлетски клуб „Куманово“** – Летен атлетски натпревар

АВГУСТ

31. **Женски фудбалски клуб „Речица“** - Меѓународен Женски фудбалски турнир август/септември.
32. **Карате клуб „Мусаши“ Куманово** – Каратејада на отворено.
33. **Општински фудбалски сојуз Куманово и Фудбалски клуб „Речица“** – Меморијален фудбалски турнир „МОМЕ 2024“ со учество на локални клубови.

СЕПТЕМВРИ

34. **Ракометни ветеранки „Куманово“**– Меморијален ракометен турнир „Радмила Крстевска“, со учество на локални клубови.
35. **Аеро клуб „Куманово“** – Меѓународен Бланик Куп Куманово (натпревар во прецизно слетување).
36. **Аеро клуб „Куманово“** – Меѓународен Куп Куманово (натпревар со авиони во прецизно летање).
37. **Аеро клуб „Куманово“** – Меѓународен Падобрански Куп Куманово (натпревар со падобрани).
38. **Фудбалски клуб „Биџо“** – Меморијален меѓународен турнир во младински категории.

ОКТОМВРИ

39. **Фудбалски клуб „Куманово Еуроспорт“** – меѓународен младински фудбалски турнир.

40. **Атлетски клуб „Куманово“** – Есенски натпревар во детска атлетика

НОЕМВРИ

41. **Општински сојуз на спортови Куманово**- Турнир 29-ти ноември- Екс-ЈУ баскет 3х3.

ДЕКЕМВРИ

42. **Клуб за спорт и рекреација на инвалиди Куманово** – Меѓународна спортско - рекреативна средба по повод 3 Декември – Ден на лица со инвалидност
43. **Машки ракометен клуб „Куманово“** – Новогодишен турнир со ушество на најмладите генерации на клубот
44. **Пливачки клуб „Тумба“**- Новогодишен митинг- пливачки турнир за млади.
45. **Општински сојуз на спортови Куманово** – Прогласување на најдобри спортисти за 2026 година

ПОСЕБНИ НАЦИОНАЛНИ И ОПШТИНСКИ ИНТЕРЕСИ

Спортски манифестации по повод 8-ми септември – Ден на независноста,

1. **Ветерани на фудбалски клуб 2002 Куманово** – фудбалски турнир со ушество на локални клубови
2. **КИК бокс клуб Предатор** – интернационален кикбокс Куп Куманово.
3. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово** – Баскет турнир 3х3 во машка конкуренција за основни училишта.
4. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово** – пинг понг турнир во категорија на основни училишта.

Спортски манифестации по повод 11-ти Октомври (ден на востание на РСМ)

5. **Здружение за планинарење и заштита на планината „Козјак 2013“** – Планинарска тура на Козјак.
6. **Машки кошаркарски клуб „Куманово“**–Меѓународен кошаркарски турнир
7. **Аикидо клуб „Агатсу“**- Меѓународен семинар
8. **Машки ракометен клуб „Куманово“**- Ракометен турнир во младински категории со учество на екипи од Државата.
9. **Пинг понг „Куманово“** – Турнир во пинг понг со учество на клубови од Државата.
10. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово** – турнир во одбојка за основни училишта во женска конкуренција.
11. **Велосипедски клуб „Вело-М“** – Меѓународна Велосипедска трка 11-ти Октомври
12. **Планинарски клуб „Поларис“** – планинарска тура на Шар Планина.
13. **Атлетски клуб „Куманово“** – Традиционален меѓународен Атлетски митинг
14. **Боксерски клуб „Куманово-84“** – Олимписко Куманово-турнир во бокс
15. **Женски одбојкарски клуб „Куманово“** – Одбојкарски турнир во женска конкуренција со учество на клубови од Државата
16. **Тениски клуб „Тумба„** – тениски турнир за младински категории и отворен тенис за граѓани со учество на клубови од Државата

17. **Општински стрелачки клуб „Куманово 2000„** – натпревар во стрелаштво со воздушна пушка помеѓу екипи од Прилеп и Куманово.
18. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово** – турнир во пинг понг за средни училишта.
19. **Карате клуб „Куманово**-75“ – карате турнир.
20. **ЗСРРК „Пчиња“** – риболовен КУП
21. **Планинарски клуб „Куманово“**- планинарска тура По патот на хероите.

Спортски манифестации по повод 11-ти Ноември денот на ослободувањето на град Куманово.

22. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово** – Улична трка
23. **Фудбалско здружение Ветерани на Фудбалски клуб Куманово 2022**- фудбалски турнир за ветерани со учество на клубови од нашиот Град и Државата
24. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово** –Турнир во одбојка-женски Пехар на Градоначалник
25. **Општински сојуз на училишен спорт Куманово**- баскет 3х3 машки за средни училишта
26. **Здружение на ракометни ветеранки Куманово** – Ракометен турнир со учество на клубови од нашиот Град и Државата
27. **Карате клуб „Ронин Доџо“** -Меѓународен карате турнир Ронин Опен
28. **ЗСРРК „Мак-Дам“** – рибарски КУП натпревар на Градскиот Кеј Куманово.
29. **Фудбалски клуб „Куманова-Милано 2010“** – фудбалски младински турнир со учество на клубови од нашиот Град и Државата
30. **Женски ракометен клуб „Куманово“** – меѓународен ракометен турнир.
31. **Градски шаховски клуб „Куманово 1“** – Рапид турнир и Блиц турнири
32. **Аикидо клуб „Агатсу“** - Меѓународен аикидо семинар
33. **Женски одбојкарски клуб „Куманово“** – Одбојкарски турнир во женска конкуренција, со учество на клубови од нашиот Град и Државата
34. **Клуб за спорт и рекреација на инвалиди Куманово** – Меѓуопштински натпревари во шах, пикадо и пинг понг
35. **ЗСРРК „Пчиња“** – Градски риболовен КУП
36. **Општински стрелачки клуб „Куманово 2000“** – натпревар во стрелаштво со воздушна пушка со учество на клубови од Државата
37. **Фудбалски клуб „Куманово 2012„** -Меѓународен Фудбалски турнир во младински категории 11 НОЕМВРИ
38. **Машки кошаркарски клуб „Куманово“** - Младински кошаркарски турнир со учество на клубови од Државата
39. **Бокс клуб „Вориор“** – Меѓународен боксерски турнир со учество на клубови од Македонија и регионот.

Сите наведени турнири и манифестации се планирани од страна на клубовите и ОССК. Нивно одржување зависи од низа фактори, бидејќи за толку голем временски период не може со сигурност да се гарантира нивно одржување.

Оваа комплексна работа зависи од доаѓање на гостински екипи, временски услови, инфраструктурни услови, обврски во натпреварувачкиот дел, како и обезбедување на спонзори, финансии и награди, па се до здравствениот фактор на организаторот од клубот.

Промоција на спортски јубилеји.

Спортски клубови и сојузи од нашата општина, покрај реализација на своите спортски програми одбележуваат и свои јубилеји, кои се промовираат како спортски манифестации во насока на популаризација на спортот во одделна гранка.

Поддршка на новоформирани спортски клубови реактивирање на старите од сите видови на спортот и во доменот на конституирањето, регистрацијата, организацијата и отпочнувањето со реализација на нивните програмски активности.

Поддршка на спортисти кои имаат постигнато забележителни резултати од сите категории и во сите видови на спортови.

Сите наведени активности во ставката се во организација и реализација на Општинскиот сојуз на спортови Куманово и членки на сојузот, спортски клубови,здруженија и сојузи, кои се занимаваат со наведените категории на спортските активности.

За сите наведени активности, предвидена е манифестација **со сценарио** на отварањето и завршувањето на истите со доделување на соодветни награди и признанија на најуспешните учесници.

За реализација на сите наведени спортски активности неопходно е обезбедување на спортски реквизити, спортски терени, озвучување, превоз, стручни лица, награди,судии, сместување, освежителни пијалоци, пропаганден материјал, репрезентативен материјал и друго.

Во овој дел на реализација на активностите, стручно и финансиски ја пружаме нашата поддршка согласно можностите.

Финансиски средства под Ставка II_____1.800.000,оо денари.

Реализација на финансиските средства ќе биде согласно можностите и динамиката на реализација на програмските содржини по оваа ставка.

Ставка III

ОПШТИНСКИ СОЈУЗ НА СПОРТОВИ КУМАНОВО – ПРОГРАМСКИ ОСНОВИ

Општински сојуз на спортови Куманово како највисока спортска асоцијација во Општината, има потреба на средства за основното функционирање кои опфаќаат потреба од стручно техничка активност како услов за реализација на спортските активности од јавен интерес дадени во програмата, како и користење на простории соодветни за функционирање и материјални услови врз основа на член 22-а точка 5 од Законот за спорт на РСМ.

Засега ОССК Куманово има постојано ангажирани четири (4) лица вработени на неопределено време, кои засега професионално ги извршуваат обемните задачи како и стручно технички работи .

Покрај програмската сојузот има активности во насока на конституирање на спортските клубови, сојузи и друштва со усогласување на своите акти према позитивните регулативи од Законот за спорт, ЗЗФ на РСМ како би ги остварале своите програми за активност преку сојузот.

Сојузот им пружа стручно-техничка помош на спортските клубови, сојузи членки на сојузот, во изработка на документација потребна за добивање на решение за вршење дејност-спорт, како и по однос на други административно технички работи, води регистар за сите членки (спортски клубови и сојузи) со генералии и документација потребна за основање на здружението (решенија за регистрација , трансакциски сметки,програми и др.). Активноста опфаќа учество и организирање на стручни семинари во областа на спортот, успешни соработки и контакти со сектор за спорт и култура при општината, сојуз на спортовите на РСМ, Министерство за спорт на РСМ, Олимписки комитет на Северна Македонија и спортски федерации на РСМ.

Стручната служба успешно го спроведува процесот на децентрализацијата во областа на спортот со програмираните спортски активности од јавен интерес во Општината како и реализација на истите.

Ги надгледува креиумите за тренажните активности на спортските клубови во спортските објекти со кои располага Општината.

Во реализација на масовните форми на активности се вклучуваат и стручни лица зависно за која област на спортот се работи.

За успешно функционирање и остварување на своите активности, Сојузот има потреба и од основни и материјални средства: компјутер, телефон, книговодствени услуги и материјални трошкови, пропаганден материјал – соопштенија до јавноста преку локални ТВ, Радија и Веб портали за сите спортски настани дадени во оваа Програма и друго.

Потребни средства под ставка III _____2.300.000,оо денари

Ставка IV

НАТПРЕВАРУВАЧКИ – ПОДРШКА НА ВРВЕН СПОРТ И РЕАКТИВИРАЊЕ НА ПОСТОЈАНИТЕ И СОЗДАВАЊЕ НА НОВИ СПОРТСКИ КЛУБОВИ ВО ПОЕДИНИ СПОРТСКИ ДИСЦИПЛИНИ

Овие спортски активности ги опфаќаат спортските клубови од нашата Општина кои учествуваат во натпреварувања во организација на Спортските федерации на РСМ и подршка на Општински фудбалски сојуз Куманово.

Реализација на активности опфаќа потреба од финансиски средства за : котизации, судиски и делегатски трошоци, патувања, исхрана, тренери, хранарина и стимулација на играчи, спортска опрема и реквизити, подготовки, ангажирање на спортисти, обезбедување на спортски терени и материјални трошоци.

Предложените средства се насочени за реализација на дел од потребите за обезбедување на спортски терени, стручни лица – судии и делегати, патувања и материјални трошоци за спортските клубови земајќи ја во обзир категоријата на учество во државните натпреварувања; опфатеноста, масовноста и квалитетот на младинските категории и спортисти од свое производство; успешноста; значението на конкретен клуб за развој на одреден спорт; бројноста на клубови во одреден спорт; условите за тој спорт во општината; финансиските услови според подржаноста од државата и др.

Фудбал и футсал		
1	АД ФК Башкими 1947 – прва фудбалска лига	1.300.000,оо
2	ГФК Куманово – трета лига север	1.000.000,оо
3	Футсал клуб Форца 2015 – прва футсал лига	650.000,оо
4	Женски фудбалски клуб „Речица – прва женска лига	800.000,оо

5	Општински фудбалски сојуз Куманово	700.000,оо
6	Фудбалски клуб „Пчиња 2015“ – трета лига север	250.000,оо
7	Фудбалски клуб „Лопати 97“ – трета лига	150.000,оо
8	Женски фудбалски клуб „Башкими 2024“-младинска лига	70.000,оо
9	Фудбалски клуб „Куманова-Милано 2010“-петлиња,скопска л	70.000,оо
10	Фудбалски клуб „Куманово 2012“-петлиња скопска лига	70.000,оо
11	Фудбалски клуб „Куманово Еуроспорт-петлиња скопска лига	70.000,оо
12	Фудбалски клуб „Биџо“- трета лига со две генерации	50.000,оо
	Вкупно	5.030.000,оо

Кошарка		
1	Машки Кошаркарски Клуб Куманово – Супер лига	3.350.000,оо
2	Кошаркарски клуб Ринија Баскет – Прва Б лига за жени	300.000,оо
	Вкупно	3.800.000,оо

Ракомет		
1	МРК	2.700.000,оо
2	ЖРК	1.200.000,оо
	Вкупно	3.900.000,оо

Одбојка		
1	ЖОК Куманово	450.000,оо
2	ОК Трговски	70.000,оо
	Вкупно	520.000,оо

Индивидуални спортови		
1	БК Куманово	250.000,оо
2	БК Фајтер Илери	150.000,оо
3	Боксерски клуб Вориор	30.000,оо
4	Кик бокс клуб Куманово	100.000,оо
5	Кик бокс клуб Предатор	100.000,оо
6	Карате клуб „Башими 2002“	70.000,оо
7	Карате клуб „Куманово 75“	30.000,оо
8	Карате клуб „Рониин Доџо“	30.000,оо
9	Карате клуб „Мусаши“	30.000,оо
10	Клуб за Бразилска Џиу Џитца „Д’Стронгест и Рутс	30.000,оо
11	Велосипедски клуб „ВЕЛО-М“- државни првенства	180.000,оо
12	Велосипедски клуб „Кросс Сајклинг ТИМ“	180.000,оо
13	Атлетски клуб Куманово	300.000,оо
14	Атлетски клуб Теута	50.000,оо
15	ГШК Куманово 1 -прва лига	200.000,оо
16	Шах клуб Фишер	50.000,оо
17	Пинг понг клуб Куманово	75.000,оо
18	Тумба тенис клуб	55.000,оо
19	Пливачки клуб Тумба	55.000,оо
20	ОСтрлелачки клуб Куманово 2000	70.000,оо
21	Гимнастички клуб Атлета	60.000,оо
22	Аеро клуб Куманово	100.000,оо
23	Танцов спортски клуб Динамик	30.000,оо
	Вкупно	2.225.000,оо

Вкупно тимски спортови : 13.250.000,оо
Вкупно индивидуални спортови:2.225.000,оо
Збирно: - 15.475.000

Финансиски средства под ставка IV Вкупно :15.475.000,оо денари

Реализација на финансови средства ќе биде согласна можностите и натпреварувачките активности на клубовите по оваа ставка.

Ставка V

Подршка во обезбедување на превоз, сместување, исхрана, спортски терени и објекти за одржување на тренажен процес и првенствени натпревари на спортските клубови и сојузи.

